**ISBN 978-9989-857-07-2**

**Наслов:** Алтернативен извештај на невладините организаци кон државните извештаи за состојбата со правата на детето во Република Македонија

**Издавач:** Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Република Македонија

**Извршен директор и основач:** м-р Драги Змијанац

**Автор:** Национална коалиција за правата на детето

**Ментор/уредник:** Гордана Пирковска - Змијанац

**Проектен тим:** Татјана Јаневска, Катерина Конеска, Јагода Насковска, Ангелина Чалакоска, Роза Василевска

**Редакција:** Светлана Мулкуеен, Кети Јандријеска - Јованова

**Лектор:** Марина Геческа - Василевска

**Дизајн на корица:** Бесник Селмани

**Графичка подготовка и печатење:** Југореклам

**Тираж:** 700

**Адреса на издавачот:**
Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ - Република Македонија
ул.„Коста Новаковиќ“ бр. 22 а
1000 Скопје, Република Македонија
тел. +389 2 2463 316, факс: +389 2 2465-900
СОС-телефон за деца и млади: 0800 1 2222

**E-mail: info@childrensembassy.org.mk**
**www.childrensembassy.org.mk**

# Алтернативен извештај на невладините организаци кон државните извештаи за состојбата со правата на детето во Република Македонија

# ПРЕДГОВОР

Пред вас е Алтернативниот извештај или т.н. Извештаи во сенка подготвени од Националната коалиција на невладини организации за правата на детето.

Конвенцијата за правата на детето (КПД) беше усвоена од Генералното собрание на ОН на 20.11.1989 година и стапи на сила на 2.9.1990 година. Правата зацртани во КПД ги дефинираат универзалните принципи и норми за статусот на детето. Денес се повеќе станува јасно дека владите сами не се во можност потполно да ги обезбедат детските права без учество на општеството воопшто и во оваа насока НВО-и играат фундаментална улога во имплементацијата на КПД. Тоа е една од причините плус кои направија од КПД денес да стане најшироко почитуван интернационален инструмент со чии принципи се согласија речиси сите земји. Република Македонија пристапи кон КПД во ноември 1993 година.

Со цел да се унапреди спроведувањето на КПД, беа создадени посебни протоколи за коишто државите кои ги ратификувале треба, исто така, да известуваат како оди нивното спроведување. Факултативниот протокол за Конвенцијата за правата на детето за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија беше усвоен во Њујорк на 25 мај 2000 година, а ратификуван од страна на Република Македонија на 17 октомври 2003 година. Факултативниот протокол за Конвенцијата за правата на детето за инволвираност на деца во вооружени конфликти беше усвоен во Њујорк на 25 мај 2000 година, а ратификуван од страна на Република Македонија на 12 јануари 2004 година, согласно со член 118 од Уставот на Република Македонија: “Меѓународните договори што се ратификувани согласно со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон”.

Првиот извештај за состојбата на правата на децата,државата поптисничка мора да го поднесе 2 години по ратификацијата на

Конвенцијата. Понатаму, извештаи се бараат секои 5 години со можност за додатни извештаи во меѓупериодот, доколку е тоа потребно. Во 2007 година, Република Македонија го предаде Вториот периодичен извештај за КПД, а во 2008 година Иницијалните извештаи за факултативните протоколи.

Сите извештаи ги разгледува Комитетот за правата на детето при ООН, кој се состанува неколкупати годишно во Женева. Откако Комитетот ќе ги добие државните извештаи, понатаму бара пишани информации од невладини и меѓувладини организации. За таа цел НВО-и низ целиот свет се здружуваат во Национални коалиции за заштита на правата на детето (Македонската коалиција беше формирана на 13 ноември 1997 година со седиште – секретаријат во Детската амбасада „Меѓаши") за да можат најдобро да одговорат на барањата на Комитетот. Од националните коалиции особено се барани важни и доверливи информации од области каде државниот извештај не дава доволни објаснувања и од области кои не се опфатени или по мислење на членките на коалицијата се опфатени, но не се целосно точни. Исто така, треба да му помогнат на Комитетот да добие јасна слика за тоа дали извештаите ја прикажуваат реалната ситуација на децата и да стекне алтернативен поглед за владиниот извештај, да постави приоритети и да ги одреди клучните прашања до владите.

За време на прелиминарната средба Комитетот за правата на детето ги зема во предвид сите важни информации добиени од НВО-и. Потоа за пленарната седница Комитетот ги повикува претставниците на владата да одговараат на одредени прашања, но, исто така, повикува и еден до двајца претставници од невладините коалиции. На крајот од дијалогот, Комитетот ги подготвува заклучните гледишта и препораки до владата.

За време на прелиминарните заседанија, членовите на Комитетот подготвуваат листа на прашања кои се доставуваат до владите. Од владите се бара да одговорат на овие прашања писмено. Улогата што ја имаат НВО-и се гледа и во следново: во случај ситуацијата во земјата да е сериозна, со ризик да

продолжи и се влоши, невладината коалиција може да побара итна постапка од Комитетот. Тој може да ја посети земјата или да ја префрли комуникацијата на некое друго тело од ООН, односно од владата да побара дополнителни информации за состојбата. Владата има време да одговори пред постапката на Комитетот да стане јавна. Комитетот не одговара за индивидуални случаи.

Со цел адекватно да одговори на барањата на Комитетот за правата на детето, есента 2008 година Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" започна со реализација на проектот „Градење култура на детско учество" како дел од програмата за „Заштита и промоција на правата на детето". Активностите беа насочени кон поактивно вклучување во процесот на мониторинг на детските права, не само на граѓанските организации, туку и на децата и младите и нивно активно учество во креирањето на општествените прашања од различни области, а се од интерес на детето. За да подготвиме посеопфатен извештај, Детската амбасада „Меѓаши" им понуди на поголем број организации кои се активни во различни области за правата на детето да се вклучат во Коалицијата и заеднички да ги подготват извештаите. Беа одржани три тренинзи и три работилници насочени кон јакнење на капацитетите на ГО во мониторинг на спроведување на Конвенцијата за правата на детето од ООН, Факултативните протоколи и другите интернационални инструменти важни за заштита на правата на детето.

Како резултат на целиот процес на подготовка, на крајот произлегоа алтернативните извештаи кои ги имате пред вас. Тие претставуваат сублимирани гледишта на членките на коалицијата за состојбата со правата на детето во Република Македонија. Да се подготват овие извештаи не беше лесно. Покрај координацијата со сите организации, потешкотија претставуваше да се одбере за што најмногу треба да алармираме, со оглед на бројните проблеми во однос на имплементацијата на правата на детето во Република Македонија.

Им благодариме на Делегацијата на Европската Унија и УНИЦЕФ за поддршката во процесот на подготовка на овие извештаи.

Гордана Пирковска - Змијанац
Програм менаџер и основач на
Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“

**СОДРЖИНА:**

**ПРЕДГОВОР** ........ **2**
**АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ** ........ **10**
**НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КОН ВТОРИОТ ПЕРИОДИЧЕН ДРЖАВЕН ИЗВЕШТАЈ ПО КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО (ОД ЈУНИ 2007) И СОСТОЈБАТА СО ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДО 2009 Г.** ........ **10**
**ПРИСТАП КОН ИЗРАБОТКАТА НА АЛТЕРНАТИВНИОТ ИЗВЕШТАЈ** ........ **11**
**ТАБЕЛА НА АКРОНИМИ** ........ **13**
**1. ВОВЕД** ........ **15**
**2. РЕЗИМЕ** ........ **16**
**3. ОПШТИ МЕРКИ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** ........ **17**
3.1 Законска рамка ........ 17
3.2 Остварување на правата и функционирање на институциите во земјата ........ 20
3.3 Национален план за акција: имплементација, координација и евалуација ........ 21
3.4 Независни набљудувачки структури ........ 21
3.5 Народен правобранител ........ 23
3.6 Буџет ........ 25
3.7 Евиденција, прибирање и селектирање на податоци ........ 27
3.8 Соработка ........ 29
*а) Соработка со Граѓанскиот сектор* ........ *29*
*б) Меѓународна соработка* ........ *30*
3.9 Распространување на Конвенцијата за правата на децата и тренинг ........ 31
**4. ДЕФИНИЦИЈА НА ДЕТЕ** ........ **35**
**5. ОПШТИ ПРИНЦИПИ** ........ **38**
5.1 Еднаквост и недискриминација (член 2) ........ 38
5.2 Најдобриот Интерес на Детето (член 3) ........ 40
5.3 Право на детето на партиципација и почитување на мислењето на детето (член 12) ........ 41
**6. ГРАЃАНСКИ ПРАВА И СЛОБОДИ** ........ **44**
6.1 Право на име и идентитет (член 7 и 8) ........ 44
6.2 Слобода на изразување (член 12 и 13) и право на информирање (член 17) ........ 47
6.3 Слобода на мислење, совест и вероисповед (член 14) ........ 49
6.4 Слобода на здружување и мирно собирање (член 15) ........ 51
6.5 Право на приватност (член 16) ........ 52
6.6 Заштита од тортура или друго грубо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување (член 37а) ........ 54
6.7 Деца лишени од слобода и казнување на малолетните лица (член 37 ) ........ 56

*а) Воспитно-поправен дом - Тетово* ........................................................ *56*
*б) Малолетнички затвор - Охрид* ............................................................ *60*
**7. СЕМЕЈНА СРЕДИНА И АЛТЕРНАТИВНА ГРИЖА ......................... 61**
7.1 Семејна средина ........................................................................................ 61
7.2 Алтернативни сервиси за деца лишени од родителска грижа (чл. 20) ........................................................................................................................ 64
7.3 Домашно и странско посвојување (член 21) .................................... 68
7.4 Детска злоупотреба, занемарување и насилство (член 19) .......... 69
*а) Насилство во образованието* ............................................................ *69*
*б) Насилство во семејството* .................................................................. *72*
**8. ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ............................................... 75**
8.1 Здравје и здравствени сервиси (член 24) ........................................ 75
8.2 Адолесцентно здравје .............................................................................. 76
*а) Глобално истражување за здравјето на адолесцентите* ............... *76*
*б) Активности за заштита од ХИВ/СИДА* ............................................. *78*
8.3 Деца со посебни потреби (член 23) .................................................... 80
8.4 Социјално осигурување и сервиси и установи за социјална заштита на детето (член 18.3 и 26) ........................................................ 82
8.5 Животен стандард (член 27) ............................................................... 85
**9. ОБРАЗОВАНИЕ, СЛОБОДНО ВРЕМЕ И КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ (ЧЛЕН 28, 29 И 31) ................................................................ 87**
9.1 Основно образование ............................................................................. 87
9.2 Средно Образование ................................................................................ 92
9.3 Рекреација, спорт и културни активности ........................................ 94
**10. СПЕЦИЈАЛНИ ОДБРАНБЕНИ МЕРКИ ............................................. 96**
10.1 Бегалци и внатрешно раселени деца (член 22) ............................. 96
10.2 Економска експлоатација (член 32) ................................................. 97
*а) Деца на улица* ........................................................................................... *99*
10.3 Сексуална експлоатација и трговија со деца (член 34 и 35) ... 102
10.4 Користење на деца во нелегално производство и трговија со опојни droги и супстанции (член 33) ................................................... 103
*а) Адолесценти кои инјектираат дроги* ............................................... *107*
10.5  Малолетничко правосудство (член 37, 39 и 40) ........................... 109
10.6 Деца припадници на малцинства ...................................................... 111
**ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ: .................................................................... 112**
**АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ .................................................................. 115**
**НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ОДНОС НА ДРЖАВНИОТ ИНИЦИЈАЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ФАКУЛТАТИВНИОТ ПРОТОКОЛ КОН КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ЗА ТРГОВИЈА СО ДЕЦА, ДЕТСКА ПРОСТИТУЦИЈА И ДЕТСКА ПОРНОГРАФИЈА .. 115**
**(ОД МАРТ 2008) ............................................................................................ 115**
**ТАБЕЛА НА АКРОНИМИ ........................................................................... 116**
**1. ВОВЕД ............................................................................................................ 117**
**2. ОПШТИ НАСОКИ ........................................................................................ 119**
**3. ПОДАТОЦИ, АНАЛИЗА И СТАТИСТИКА ............................................ 121**

3.1 Скриена проституција и трговија со луѓе ........ 121
3.2 Сексуално злоставување и педофилија ........ 125
**4. ОПШТИ МЕРКИ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ........ 127**
**5. ПРЕВЕНЦИЈА ........ 128**
**6. ЗАБРАНИ ........ 130**
**7. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ЖРТВИТЕ ........ 131**
**ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ: ........ 138**
**АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ........ 140**
**НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ОДНОС НА ДРЖАВНИОТ ИНИЦИЈАЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ФАКУЛТАТИВНИОТ ПРОТОКОЛ КОН КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ЗА ИНВОЛВИРАНОСТ НА ДЕЦА ВО ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ (ОД НОЕМВРИ 2008) .. 140**
**ТАБЕЛА НА АКРОНИМИ ........ 141**
**1. ВОВЕД ........ 142**
**2. ПРЕВЕНЦИЈА ........ 145**
**3. ЗАШТИТА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА ........ 147**
3.1. Бегалците од Косово ........ 147
3.2 Внатрешно раселени лица (ВРЛ) ........ 148
3.3 Мерки за заштита ........ 151
**4. ДИСЕМИНАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ И ОБУКИ ........ 152**
**ПРЕПОРАКИ ........ 153**
**ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ – ЧЛЕНКИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОАЛИЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ........ 155**

***Национална коалиција за правата на детето***
***Република Македонија***
*Координирана од Првата детска амбасада во светот*
*„МЕЃАШИ“*
*1000 Скопје, „Коста Новаковиќ“ 22 а, Македонија*
*Тел. +389 2 2465 316; тел/факс +389 2 2463 900*
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

# АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

## на невладините организации кон Вториот периодичен државен извештај по Конвенцијата за правата на детето (од јуни 2007) и состојбата со правата на детето во Република Македонија до 2009 г.

**Скопје, 2009**

## Пристап кон изработката на Алтернативниот извештај

Алтернативниот извештај на НВО-и по повод Вториот периодичен државен извештај по Конвенцијата за правата на детето и за состојбата со правата на детето до 2009 година е изработен од *Националната коалиција за правата на детето - Република Македонија - НКПД (Неформална коалиција формирана во 1997година)* како проектна активност на Првата детска амбасада во светот „МЕЃАШИ“. За потребите да се подготви извештајот во 2009 година беше обновена и проширена оваа НКПД со нови организации членки и две коалиции (сите се нови, освен Советот за превентива од малолетничка деликвенција од Кавадарци и Првата детска амбасада „Меѓаши“).

Во изработката на Алтернативниот извештај учествуваа граѓански здруженија (21) и коалиции на граѓански здруженија (2):

1. **Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) - Гостивар**
2. **Асоцијација за здравствена едукација и истражување „ХЕРА“ – Скопје**
3. **Женска граѓанска иницијатива „Антико“ - Кичево**
4. **Коалиција „Сите за правично судење“ – Скопје (коалиција на 17 НВО-и)**
5. **„Лајфстарт“ - Битола**
6. **Македонија без дискриминација (сојуз на 11 НВО-и)**
7. **Младински образовен форум - Скопје**
8. **Отворена порта – Ла Страда - Скопје**
9. **„Отворете ги прозорците“ – Скопје**
10. **Пост полио група за поддршка „Полио Плус“ - Скопје**

11. **Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ - Скопје**
12. **„Пхурт“ - Делчево**
13. **Совет за превентива од малолетничка деликвенција – Кавадарци**
14. **Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија - Скопје**
15. **ХОПС „Опции за здрав живот“ - Скопје**
16. **Хуманитарно здружение „Мајка“ - Куманово**
17. **Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Гостивар**
18. **Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ - Дебар**
19. **Центар за Балканска соработка „Лоја“ - Тетово**
20. **Центар за граѓанска иницијатива - Прилеп**
21. **Центар за човекови права и разрешување конфликти - Скопје**
22. **Центар за одржлив развој „Порта“ - Струмица**
23. **Шелтер центар – Скопје**

Методолошки овој извештај ја следи структурата на Вториот периодичен државен извештај врз основа на Конвенцијата за правата на детето.

# ТАБЕЛА НА АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **АИД** | Адолесценти кои инјектираат droги |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **ГО** | Граѓански организации |
| **ДПМ** | Детски парламент на Македонија |
| **ДП** | Детски парламент |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **КЗ** | Кривичен законик |
| **КПД** | Конвенција за правата на детето |
| **КПУ** | Казнено поправна установа |
| **КПТ** | Комитет за превенција од тортура |
| **Конвенција 182** | Конвенција против најлошите видови на детски труд |
| **ЛИД** | Лица кои инјектираат дроги |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МИКИ** | Мултииндикаторско кластерско истражување |
| **МАНУ** | Македонска академија на науките и уметностите |
| **НВО** | Невладини организации |
| **НПА** | Национален план за акција |
| **НП** | Национален план |
| **ООН** | Организација на обединетите нации |
| **ОЕЦД** | Организација за економска соработка и развој |
| **ОПАЦ** | Факултативен протокол за вклучување на деца во вооружени дејствија и конфликти |
| **ОП** | Невладина организација „Отворена порта" |
| **ОПСЦ** | Факултативен протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија |
| **ПДАСМ** | Прва детска амбасада во светот „Меѓаши" |
| **РМ** | Република Македонија |
| **РЗЗЗ** | Републички завод за здравствена заштита |

| | |
|---|---|
| **СРД** | Совет за радиодифузија |
| **СВР** | Сектор за внатрешни работи |
| **СПИ** | Сексуално преносливи инфекции |
| **УНИЦЕФ** | Фонд за деца при Обединетите нации |
| **УНГАС** | Специјална сесија на Генералното собрание на Обединетите нации за ХИВ - СИДА |
| **ХЕРА** | Асоцијација за здравствена едукација и истражување |
| **ХОПС** | Невладина организација „Опции за здрав живот“ |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |

# 1. ВОВЕД

1 Република Македонија (РМ) во последниве години надмина многу политички и економски пречки, но од перспектива на правата на детето напредокот е ограничен. Евиденцијата која е дадена во Анализата на состојбата на децата во РМ од февруари 2008[1] аргументира дека ситуацијата на децата во Македонија станува во многу нешта полоша. И покрај бурните законодавни реформи и пишување политики, децата и нивните семејства, особено сиромашните деца и сиромашните семејства ги пропуштаат правата на квалитетна здравствена нега и образование и правата на учество и вклученост.

2 При изготвувањето на иницијалниот извештај во 1996 година од страна на државата беа консултирани граѓанските организации, но при изготвувањето на вториот периодичен извештај во 2007 година оваа консултација беше изоставена.

3 Во вториот периодичен извештај државата не дава слика за актуелната состојба на правата на детето за тоа што направила туку за тоа што планира во иднина да направи. Целиот извештај е повеќе насочен кон законските измени и што законските норми предвидуваат, а помалку или во одделни делови воопшто не се споменува како тие законски одредби се применуваат во пракса.

4 Исто така, во последните неколку години не секогаш се совпаѓаа областите на интереси на државата со спроведените политики, па се случуваше во одредени случаи да постојат едни намери, да се извршуваат други политики, а да се носат трети законски решенија. Како пример би ја навеле намерата на државата да го олесни остварувањето на право на име на детето со префрлање на ингеренциите од Министерството за внатрешни работи (МВР) во Министерството за правда. Оваа намера беше јавно објавувана, но врз основа на најновите законски измени пријавувањето на дете сепак останува во

---

[1] УНИЦЕФ

надлежност на МВР, но казните за прекршоците се зголемени. Ова не наведува на размислување дека иако постојат измени во законите, истите не се позитивни и може да резултираат демотивирачки врз граѓаните.

5 Честите кадровски промени во јавната администрација покажуваат дека не се цени доволно експертизата и знаењето на луѓето, посебно во областа за заштита на правата на децата.

## 2. РЕЗИМЕ

6 Оваа година Конвенцијата за правата на детето (КПД) ја славеше својата 20- годишнина. За жал, во РМ и покрај бројните обиди за подобрување на правата на децата и бројните законски измени и дополнувања, се уште правата на децата не се во целост заштитени. Во одредени случаи тоа е поради законодавни пропусти, но во одредени случаи каде постои добра законска рамка се случува пропустот да настане при имплементацијата на Законот.

7 Алтернативниот извештај содржи голем број проблеми со кои се соочуваат децата во РМ и препораки како да се надминат истите. Пред сѐ во извештајот се дава преглед на состојбата и потребата да се работи на полето на ратификација на сите меѓународни документи кои обезбедуваат заштита на правата на децата, како и дооформување на целокупната законска рамка во Републиката. Тука спаѓа потребата од ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлотација и сексуална злоупотреба, ратификување на Конвенцијата за заштита на правата на лицата со посебни потреби во рамките на ООН и донесување на Законот за заштита од дискриминација преку кој ќе се дизајнираат мерки кои нема да остават правни празнини за толерирање на каква било дискриминација. Исто така, потребно е дополнување и промена на постоечките законски одредби кои ги регулираат правата на децата, како што е потребата за дополнување и изменување на Законот за

семејство, Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата и други. Исто така, формирањето на Детски народен правобранител како посебна институција која целосно ќе се посвети на заштита на правата на децата е една од најзначајните генерални препораки за што подетално е образложено во Алтернативниот извештај.

8 Покрај општите проблеми и препораки кои ги содржи извештајот разработени се и доста специфични проблеми од чие надминување зависи и нивото на заштита и остварување на правата на децата.

# 3. ОПШТИ МЕРКИ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

## *3.1 Законска рамка*

9 Како дел од процесот на евроинтеграција законската рамка постојано се менува. Ваквите промени се чести и брзи и се прават без претходна анализа на состојбата и утврдување на реалните потреби. Нема воспоставен систем на следење како законите се спроведуваат, ниту имаме информација дека е направена соодветна анализа колку средства ќе бидат потребни за спроведување на законите.Само како пример на промена на законите се измените и дополнувањата на Законот за семејство, Законот за социјална заштита, Кривичниот законик (КЗ), Законот за заштита на децата, Законот за основно образование, Законот за средно образование, донесувањето на Законот за малолетничка правда итн.

10 Во 2009 год. беа донесени измени и дополнувања на Законот за заштита на децата. Законот наместо да се ограничи само на тесното третирање на правата на децата, тој разработува прашања од сферата на работните односи, организација на градинки, судска заштита и надлежност на суд, социјална сфера, недискриминација и слично. Со истото се создава конфузија за граѓаните што е спротивно на целта поради која се

предлагаат измените, а тоа е поголема заштита на правата на децата во јасна и концизно определена процедура.

[11] Со овие измени се предлага воведување на нов член кој го обезбедува правото на детето да го изрази сопственото мислење во согласност со утврдена процедура и закон, без притоа да се прецизира во која постапка, пред кој орган и во согласност со  кој закон. Ваквото решение е апсолутно неприменливо во пракса и истото е уште веднаш осудено да го добие епитетот „мртво слово на хартија" наместо да претставува унапредување на правата на децата.

[12] Во однос на дефиницијата на поимот дете, во предлог-измените е понудено едно несреќно решение за кое реагираа и присутните експерти кога за дете се смета лице до наполнети 18 години, но „лицето со пречки во телесниот и менталниот развој се смета како дете до наполнети 26 години живот". Нејасно е зошто е понудена ваква запрепастувачка дефиниција кога домашното законодавство познава постапка на одземање на деловната способност за која исклучиво одлучува судски орган.

[13] Понатаму се предлагаат сет од нови членови во однос на заштита на децата од дискриминација. И да ја изоставиме дилемата зошто се нормира дискриминацијата поединечно во овој закон кога во тек е донесување на Закон против дискриминација, сепак преовладува експертското мислење дека понудените измени создаваат повеќе конфузија отколку што навистина ги штитат децата.

[14] Па така во ист член се регулира забраната на дискриминацијата заедно со разни видови други забрани (верско здружување, употреба на опојни дроги, воени дејствија и сл.), за да на крај се остави можноста на секој граѓанин да пријави пред надлежен орган каква било форма на дискриминација. Повторно логично се наметнува прашањето кој е тој орган каде што граѓанинот треба да пријави и во каква постапка.

[15] Иако граѓанинот може да пријави каква било форма на дискриминација, сепак поединечните дефиниции на директна и индиректна дискриминација се однесуваат таксативно само на случаи на дискриминација заради расна, етничка или друга припадност.

[16] Исто така, во законот се регулира дека дискриминација во вршење на службата е основа за дисциплинска одговорност и понатаму се упатува заштитата да се бара во управна постапка, за веќе во наредниот член да се определуваат видовите на тужби што можат да се поднесат во граѓанска судска постапка.

[17] Не помалку тажни се и предложените измени во прекршочните одредби предочени од еден од експертите кои работеа на законот. Имено, со истите се регулира еднаква или поголема глоба за сторен административен прекршок отколку за психичко или физичко малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување или злоупотреба на децата.

[18] Примерот подолу илустрира како ставовите за правата на децата негативно влијаат на ефикасната имплементација на Конвенцијата.

**ПРИМЕР 1:**
На детето кое пријавило домашно насилство му е изречена воспитна мерка засилен надзор од родители под контрола на социјален орган, затоа што Центарот проценил дека „...семејството има потенцијал да се грижи за малолетникот, малолетникот се наоѓа дома, а со комплетното семејство се работи редовно на надминување на конфликтот...“, а со преглед на лекар,
направен после една година од пријавувањето на случајот, е утврдено дека детето е сексуално злоупотребувано континуирано од страна на повеќе личности (од кои еден може да е и таткото) и препишана му е терапија со таблети дијазепам под надзор на родителите. По оваа мерка детето се обидело да се самоубие.

**Препорака 1:**
Итни измени на Законот за заштита на децата.

### *3.2 Остварување на правата и функционирање на институциите во земјата*

19 Во однос на работата на судовите и Јавното обвинителство мора да наведеме дека ниту еден од овие органи при своето работење не ја користи КПД. Дури има случаи каде истите ни објаснуваат дека законските одредби се појаки од Конвенцијата и поради тоа истата не може директно да ја применуваат. Како пример би навеле случај во Основното јавно обвинителство во Штип и Основниот суд во Штип каде беше одбиена кривичната пријава од оштетената за кривично дело „Полов напад врз дете" со образложение дека согласно КЗ на РМ дете е лице до 14 години.

20 Мора да се напомене дека надзорот врз работата на Центрите за социјална работа (ЦСР), врз основа на Законот за социјална заштита го има Министерството за труд и социјална политика (МТСП). За жал, и покрај постоењето на законски норми за активностите кои може Министерството да ги преземе во случај на незаконито постапување од страна на центрите, Министерството ретко реагира со конкретни активности за заштита на нивните права.

**ПРИМЕР 2:**
Недопустливо е од страна на МТСП, кое има толку ингеренции и надлежности, а пред сè ОБВРСКА ДА СЕ ГРИЖИ ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО, на нашите укажувања во конкретен предмет дека постојат повреди од страна на некое лице врз правата на детето да даде образложение дека предметот е затворен со оглед на тоа дека нема докази дека лицето го сторило кривичното дело и не утврдиле никакви малтретирања, а од друга страна Државниот просветен инспекторат (кој извршил директен увид во училиштето) утврдил дека „постои основано сомнение дека воспитувачот вршел физичко и психичко малтретирање врз деца од овој ученички дом" и предложил воспитувачот да биде отстранет од работното место и против него да се поведе прекршочна постапка, а истовремено поднел и кривична пријава против воспитувачот до Основното јавно обвинителство.

***3.3 Национален план за акција: имплементација, координација и евалуација***

[21] Поради загриженост дека не постои механизам одговорен за координација и проценка на примената на Конвенцијата, Комитетот препорача државата да ја пренесе главната одговорност за координација и проценка на примената на Конвенцијата на еден механизам.

[22] РМ донесе Национален план за акција (НПА) за децата (2006-2015) во кој е истакнато дека со неговото донесување се има за цел да се зајакне улогата на децата и да се даде апсолутен приоритет на нивните права и интереси, а за реализација на планот во сите негови фази, неопходно е вклучување на сите релевантни фактори и расположиви ресурси од владиниот и невладиниот сектор во земјата.

[23] Меѓутоа во донесувањето на Националниот план (НП) и утврдувањето на активностите кои мора да бидат преземени со цел да се заштитат правата на децата се заборави на партиципацијата на децата и тие воопшто не беа вклучени во постапката за донесување на планот.

[24] Во 2007 година беше оформена Национална комисија за правата на децата со цел да се зајакне спроведувањето на планот.

***3.4 Независни набљудувачки структури***

[25] Владата на РМ, постапувајќи по препораките на Комитетот за правата на децата на ООН на 28-та седница одржана на 05.05.2005 година, донесе одлука за формирање на Национална комисија за изработка и имплементација на НПА за децата во РМ.

[26] Со цел да се зголеми кредибилитетот на Националната комисија и да ѝ овозможи поголем авторитет во вршењето на функциите Владата на РМ на седницата одржана на 17.09.2007

година донесе нова одлука за образување Национална комисија за правата на децата во РМ. Согласно оваа одлука координативната улога ја има генералниот секретар на Владата, а членовите на Комисијата од надлежните министерства и други институции се од редот на раководни државни службеници со звање државен советник. Народниот правобранител на РМ, задолжен за правата на децата, УНИЦЕФ и здруженијата на граѓани: Прва детска амбасада во светот – Меѓаши (ПДАСМ) и Детски парламент на Македонија (ДПМ), исто така, се членови на Националната комисија.

[27] Во работата на комисијата не се вклучени претставници од децентрализираната власт и покрај тоа што голем дел од обврските се поврзани со активности на општините.

[28] Улогата на оваа Комисија се сведува на договарање за одредени активности кои не се приоритет на Комисијата, како што е на пример подготовка на брошура за правата на детето. Комисијата за подготовката на брошурата одржа 4 седници наместо да ја дефинира состојбата со правата на децата и да реагира до сите институции за имплементација на КПД.

[29] Извештајот на Комисијата не е достапен за јавноста. Во извештајот за 2008 година до кој дојде ПДАСМ и ДПМ воглавно дадени се само констатации од делокругот на работата на министерствата, а не се лоцирани проблемите со кои се соочуваат децата во државата и предлози за нивно надминување. Извештаите се испраќаат и завршуваат во Владата без никакви понатамошни мерки за акција. На тој начин Комисијата се става во улога на заштитник на државата, наместо да го мониторира спроведувањето на детските права. Таа располага со сосема мал буџет, констатирано е дека не постојат специфични политики и планови за реализација во однос на одредени прашања за децата.

[30] Понатаму самата структура на Националната комисија е во спротивност со одредбите на Конвенцијата, бидејќи во неа имаат право на учество ПДАСМ и ДПМ, експерти за деца и

други стручни и научни установи од оваа област, но немаат право на одлучување. Исто така, децата немаат учество во Националната комисија.

31 Сметаме дека независно што Комисијата за правата на детето го подигнува нивото со учество на државни советници и си дала обврски да ја мониторира примената на КПД, како и афирмација на НП, не соодветствува да ја обавува оваа функција како набљудувач, затоа што воедно ги има улогите на подготвувач, спроведувач и набљудувач. Особено што во оваа комисија членуваат само две граѓански организации кои учествуваат во дискусиите за примената на КПД и афирмација на НПА, но без право на одлучување. Мора да се потенцира фактот дека во реалноста афирмативната улога на Комисијата е многу слаба, скоро невидлива.

32 Во врска со НПА отсуствува фактографско дефинирање во однос на принципите, т.е. како се реализира НПА во однос на принципите (посебно мислиме на принципот на учество на деца).

**<u>Препорака 2:</u>**
Поголема независност и транспарентност на Националната комисија.
Активно вклучување на децата во нејзината работа.
Зголемување на бројот на НВО кои учествуваат во работата на Националната комисија и давање право на одлучување на НВО.

### *3.5 Народен правобранител*

33 Во однос на Народниот правобранител, од страна на НВО констатирано е дека постои поголема мотивираност и соработка со оваа институција, но се препорачува зголемување на неговите ингеренции. Потребно е унапредување и доекипирање на одделението кое работи на заштита на правата на децата, а пред сѐ и негово специјализирање само на оваа област (народен правобранител кој работи на заштита на

правата на децата, работи и на други области, како што е здравство и др.)

[34] Иако ПДАСМ уште во 1996 година се залагаше за формирање на посебна институција Детски омбудсман, оваа институција е сведена само на ниво на еден од замениците на Народниот правобранител. Иако Владата во својот извештај дава информации за Детскиот правобранител и неговата работа, мора да напоменеме дека се работи за посебно одделение кое се занимава со правата на децата, но заменикот Народен правобранител кој работи на правата на децата, работи и на предметите од здравство и на друга тематска област.

[35] Детскиот народен правобранител треба да има ингеренции да врши истраги, да покренува кривични пријави, да води постапки и да врши мониторинг и на крајниот исход од постапката.

[36] Во однос на постоењето на Одделението за зашита на правата на детето во рамките на институцијата Народен правобранител сметаме дека постои потреба за подигнување на свеста за постоењето на ова одделение, како кај децата така и кај родителите, но и кај училиштата.

[37] Исто така, би сакале да го потенцираме фактот дека постои законска можност и обврска за пријавување на кривични дела: чл.142[2] од КЗ предвидува дека државните органи, институциите што вршат јавни овластувања и други правни лица се должни да пријават кривични дела за кои се гони по

---

[2] **Член 142**

(1) Државните органи, институциите што вршат јавни овластувања и други правни лица се должни да пријават кривични дела за кои се гони по службена должност, за кои се известени или за кои ќе дознаат на некој друг начин.

(2) Поднесувајќи пријави, пријавителите од став 1 на овој член ќе ги наведат доказите што им се познати и ќе преземат мерки за да се сочуваат трагите од кривичното дело, предметите врз кои или со помош на кои е сторено кривичното дело и другите докази.

(3) Секој е должен да пријави кривично дело за кое се гони по службена должност.

(4) Со закон се пропишуваат случаите во кои непријавувањето на кривично дело претставува кривично дело.

службена должност, за кои се известени или за кои ќе дознаат на некој друг начин.

38 Врз основа на податоците со кои располага Коалицијата, Народниот правобранител во текот на сите овие години има поднесено 2 до 3 кривични пријави. Во ниту еден случај од предметите кои ги имаме ние - членките на Коалицијата, Народниот правобранител нема поднесено кривична пријава во насока на заштита на правата на децата. После неговото нереагирање, НВО се приморани самостојно да поднесат кривична пријава до Јавното обвинителство.

**Препорака 3:**
Да се формира Детски народен правобранител како посебна издвоена институција која целосно ќе се посвети на заштита на правата на децата.

### *3.6 Буџет*

39 И покрај позитивните трендови во буџетите и расходите во одредени области, како што се средствата наменети за образовниот сектор и превентивното здравство, во други области извештајот подготвен од страна на УНИЦЕФ[3] утврди недоволно буџетско внимание. Според искуството на невладините организации кои учествуваа во подготовката на овој извештај, а и според Прегледот на јавните расходи наменети за децата , февруари 2009 УНИЦЕФ, областите кои бараат внимание се следните:

40 *Образование*
• Значителен дел од зголемувањето на средствата за образовниот сектор е канализиран во две главни владини програми: задолжително средно образование и на проектот *Компјутер за секое дете.* Инвестициите во другите димензии на квалитетот на образованието, како што се средствата наменети за Бирото за развој на образованието за развој на

[3] Преглед на јавните расходи наменети за децата , февруари 2009 УНИЦЕФ

наставните програми и обуката на наставниците или инвестициите во изградба на училишни објекти и нивна реконструкција, се зголемени, но не со иста стапка.
Имајќи ги предвид слабите образовни резултати на учениците, особено основната писменост, се чини дека е важно позначително да се инвестира во основните компоненти на квалитет на образованието.
• Раниот детски развој (преку финансирање на предучилишните и центрите за нега на деца) не е доволно финансиран, особено имајќи го во предвид големиот поврат на инвестициите во раниот детски развој и нивната важност за развојот на детето. И покрај сите доделени средства во образованието кои се над просекот на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), средствата наменети за раниот детски развој се значително под просекот на ОЕЦД.
• Иако има посебно наменети средства за образование и развој на ромските деца, овие средства се мали како удел во значителните потреби од инвестиции за промовирање на развојот на детето.
• Не постои соодветно буџетско внимание во однос на образование кое ќе промовира опфат на сите, особено на децата со посебни потреби и децата Роми.

41 *Социјална заштита*
• Средствата кои се наменети за ЦСР се мошне мали и се утврдени како недоволни за работа, особено имајќи ги во предвид повеќекратните надлежности за кои се задолжени.

42 *Учество на граѓанското општество*
• Промовирањето на ангажирање и активно учество на граѓанското општество во мониторинг на буџетот и овозможување на услуги води кон поефективно обезбедување на услуги и поадекватно користење на средствата.

43 Постоечките буџети не соодветствуваат со моменталните и идните состојби за остварување на детските права. Во самиот буџет по министерства не се предвидува одредба со која се распределува колку средства се алоцираат само за децата и

точно колкав дел од буџетот е стриктно определен само за деца.

**Препорака 4:**
Формирање на посебна ставка во буџетот со точно определен процент кој би бил наменет за децата - Детски буџет.
Поголема прегледност врз средствата кои се директно издвоени за децата.

### *3.7 Евиденција, прибирање и селектирање на податоци*

44 Како што може да се види од Анализата на децата во РМ[4] постои недостаток на квалитетни, рутински собирани податоци, поделени најмалку според возраста, полот, образованието и економскиот статус. Постигнат е напредок во однос на собирањето социјални статистички податоци, преку развојот на проектот за развојни информации и преку проектот за статистичка писменост во склоп на Државниот завод за статистика, но сепак треба уште многу да се работи на ова поле.

45 Соработката помеѓу оние кои ги обезбедуваат податоците понекогаш е нарушена поради натпревар внатре во самите оддели, а и недостатокот на координација помеѓу министерствата оневозможува акумулирање на податоци и основање на работни системи кои ги исполнуваат минималните барања за пакет на национални податоци.

46 Не би можело многу нешто да се каже и за податоците во здравствениот, образовниот и социјалниот сектор, бидејќи тие не се собираат секогаш рутински, а во некои случаи едноставно и не постојат. Податоците на национално ниво се собираат рутински од страна на Министерството за здравство, Министерството за економија и МТСП и пред с& се само делови, а понекогаш и не се објективни.

---

[4] УНИЦЕФ 2008

[47] МТСП со неговите бројни оддели се соочува со сличен проблем при собирањето на податоци и мониторинг на програмите. На пример, ЦСР рутински не собираат податоци за различни лица, што би можеле да се искористат за анализи на централно ниво, а мониторингот на програмите и евалуацијата постојано се запоставени, што ненамерно доведува до заштита на неетичките или илегални трансакции и ги опструира реформите во секторот.

[48] Од искуството на НВО кои работеа на овој извештај забележително е отсуство на систем за евиденција, прибирање и селектирање на статистички податоци кај ЦСР, општините, училиштата и други државни институции во областа на интерес. Во целост отсуствува евиденцијата за деца-жртви на кривични дела која треба да биде водена од страна на МТСП, а во соработка со ЦСР. Во рамките на центрите се води точна и континуирана евиденција само за корисниците на правата од социјална помош, а не и за жртвите.

[49] За да се добие целосна слика за ситуацијата со правата на децата, а и во насока на поквалитетна заштита на правата на децата потребно е континуирано да се води евиденција за бројката на децата-жртви и тоа со прецизирање за каков вид на злоупотреба и повреда на правата на децата се работи. Исто така, официјалната статистика за лица со посебни потреби (деца со посебни потреби) не ја дава вистинската слика, бидејќи бројот на деца се утврдува според видот на посебни потреби и според начинот на остварување на нивните права. Сепак се планира за наредниот попис во 2011 г. да се направи таква статистика.

[50] Во однос на статистиката поврзана со лицата, децата со ризик, деца на улица, жртви на трговија со луѓе, жртви на семејно насилство, жртви на педофилија и др., се забележува, односно постојат позитивни импликации да се детерминира точниот број на деца. Не постои евиденција на децата кои не се вклучени во воспитно-образовниот систем.

**Препорака 5:**
Зајакнување на системите за прибирање и анализа на податоци на национално и на локално ниво за да се промовира донесувањето политики засновани на докази.

### *3.8 Соработка*

**а) Соработка со Граѓанскиот сектор**

51 Има поединечни ситуации на соработка на Владата со НВО-и во последните 2-3 години. Оваа соработка е отежната со бавната владина администрација и бирократските процедури.

52 Позитивен пример за соработка на Владата со НВО-и е подготовката на НПА против педофилија и имплементацијата на дел од активностите од оваа стратегија каде директни спроведувачи се и граѓански организации (ГО), покрај државните.

53 Од вкупниот буџет наменет за ГО кој изнесува 15 милиони денари, Владата без постоење на критериуми ги доделува овие средства на крајот на годината. НВО-и за овие средства аплицираат на почетокот од годината и до крајот на годината воопшто не знаат дали ќе бидат избрани за спроведување на акциите кои ги планирале да ги спроведат во тековната година.

54 Врз основа на анализата од 2008 г., Владата одлучила само 5% од овие средства да се наменат за НВО-и кои се грижат за правата на децата или кои работат со деца. 70-80% од НВО-и кои ги добиваат средствата се непознати за јавноста, а 90% од нив не поднесуваат годишни извештаи или ревизорски мислења кои ќе бидат објавени во јавноста. Постои сомневање дека овие НВО-и се блиски до Владата и од вкупно 6 000 регистрирани НВО-и само 80 добиваат средства.

55 Владата не ја зема во предвид улогата на своето одделение за соработка со НВО-и и нивните заложби средствата од буџетот да се трошат на транспарентен и отчетен начин и да се

дефинираат критериумите за распределба на буџетските средства наменети за ГО. Ваквиот начин на соработка можеби и формално постои, но фактот што оваа Коалиција не е запознаена со каква било соработка од овој вид зборува само за себе за реалната работа и транспарентност на истата.

**б) Меѓународна соработка**

[56] Во однос на меѓународната соработка на РМ со други држави на полето на заштита на правата на децата, за жал, мора да констатираме дека истата или воопшто не постои или нема транспарентност во однос на меѓудржавната соработка, затоа што во јавноста очигледно е дека отсуствува информација за таков вид на соработка.

**Препорака 6:**

- Интер-парламентарна соработка помеѓу државите што ја ратификувале Конвенцијата.
- Соработка помеѓу владите на државите што ја ратификувале Конвенцијата.
- Таргетирана и континуирана соработка на државата и невладините организации со меѓународните организации и донатори.
- Соработка помеѓу граѓанските организации кои работат во областа на правата на детето и државата.
- Владата да изготви критериуми за условите за рамноправно финансирање на НВО-и кои работат за заштита на правата на детето, кои практикуваат детско учество и го почитуваат детското мислење и зголемување на средствата за НВО-и кои работат со деца.
- Транспарентен пристап до средствата од сите Министерства наменети за НВО-и.

### *3.9 Распространување на Конвенцијата за правата на децата и тренинг*

57 Во однос на информираноста за постоењето на Конвенцијата и правата кои таа ги предвидува мора да се напомене дека таа е ниска и кај државните институции, општините, училиштата, родителите, медиумите, како и кај државните службеници кои ја применуваат КПД.

58 Истражувањето[5] покажува дека степенот на запознаеност на децата со Конвенцијата не е многу висок. Имено, иако Македонија ја ратификуваше КПД во 1993 и презеде обврска за нејзина широка дисеминација (распространување), иако како дел од задолжителната наставна програма во основното образование во трето одделение се изучува наставна единица за правата на детето во предметот Запознавање на околината и во седмо одделение преку предметот Граѓанско општество, процентот на ученици кои не се запознати со правата на детето е висок. Податоците од истражувањето се прикажани на табелата подолу. Во случај кога збирот на процентите е поголем од 100% тогаш испитаникот одговорил на повеќе од една опција.

| **ПРАШАЊЕ** | **ОДГОВОР** |
|---|---|
| Дали си запознаен со правата на детето? | **31,21%** НЕ |
| Кои права на детето ти се познати? | над **70%** не одговориле на ова прашање |
| Дали си слушнал за Конвенцијата за правата на детето? | **53%** ДА<br>**38,5%** НЕ |
| Од каде добиваш информации за правата на детето? | **68,9%** од училиштето<br>**46,5%** од телевизиите<br>**39,1%** од дома<br>**28,9%** преку интернет |

5 http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/istrazuvanje%20za%20prvata%20na%20decata%20vo%20skolite%202009.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Percepcija%20na%20pravata,%20diskriminacija%20i%20nasilstvo%20vrz%20decata.pdf

| | |
|---|---|
| | **25,6%** списание<br>**10,2%** Граѓански организации |
| Каде си слушнал за Конвенцијата за правата на детето? | **61,2%** од училиштето<br>**60,7%** од медиумите<br>**42,6%** преку интернет<br>**33,3 %** од дома<br>**21,3%** на веб-страната на Првата детска амбасада во светот<br>**21,1%** од граѓанските организации |
| Кога ти било повредено/прекршено некое твое право дали си се обратил во твоето училиште? | **65%** НЕ |
| Каде си се обратил/а кога ти било повредено некое право? | **49,7%** кај родителите<br>**13,5%** во полиција<br>**9,1%** во училиште |
| Кој е должен да ги гарантира/обезбеди правата на детето? | **71,2%** државата<br>**68,3%** семејството<br>**46,8%** училиштето<br>**19,6%** граѓанските организации |
| Дали според тебе правата на детето ги вклучува и одговорностите? | **82,5%** ДА |
| Што претставува одговорност според тебе? | **63,9%** да ги извршува сопствените обврски<br>**61,8%** да се однесува со почит кон другите<br>**46,8%** да ги почитува правата на другите **20,2%** да се залага за почитување на правата на другите |

**Табела 1: Податоци од истражувањето на тема запознаеност со правата на детето**

59 ПДАСМ излезе со соопштение[6] по повод истражувањето[7] дека над 70% од децата на училиштна возраст не ги познаваат

[6] http://childrensembassy.org.mk/?ItemID=DED8E0F2EA1A2B4DB67BFA37D65147EB

[7] http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/istrazuvanje%20za%20prvata%20na%20decata%20vo%20skolite%202009.pdf

своите права, а останатите знаат дека имаат права, но немаат подетални информации за нив. Децата и кога може да идентификуваат дека некое нивно право е повредено не знаат каде да се обратат за да го заштитат тоа свое право. Интересен е податокот дека децата најмногу знаат за детските права од училиште, а дури 65% од нив, доколку им се прекршени правата, не би се обратиле во училиштето. Овој заклучок претставува сериозен проблем, бидејќи се поставува прашањето: Како децата ќе се залагаат за своите права доколку не ги познаваат и доколку не можат да ги заштитат во институциите каде го поминуваат најголемиот дел од денот? Децата ги идентификуваат државата и семејството како обезбедувачи на нивните права и свесни се дека правата ги вклучуваат и нивните одговорности.

[60] Владата во рамките на своите надлежности презема мерки на инклузија на децата во сите сфери на живеењето, особено во образованието и социјалната дејност, развива форми за превенција од семејното насилство. Но со закон не е регулирано вработување на дефектолози за да се реализира инклузијата во целост. Има обиди за едукација на наставниот кадар за сензибилизација за работа со деца со пречки во развојот, но потребата од дефектолози е нужна.

[61] Со цел да се детектира и спречи семејното насилство и потешките форми на злоупотреба, потребно е вклучување социјални работници во воспитно-образовниот процес кој би вршел увид во дисфункционални семејства на учениците уште од најрана возраст.

[62] Професионалниот персонал вработен во ЦСР-и вклучува социјални работници и психолози, социолози и правници. Меѓутоа податоците од Студијата на УНИЦЕФ од 2007 година за детска сиромаштија покажаа дека само 18 од ЦСР-и ширум земјата имаат комплетно професионален тим кој работи, а

---

http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Percepcija%20na%20pravata,%20diskriminacija%20i%20nasilstvo%20vrz%20decata.pdf

останатите работат без или со многу лимитиран број на луѓе, професионално квалификуван персонал.

[63] Непостоењето на обучен персонал претставува голема загриженост и има сериозни импликации во смисла на квалитетот и обезбедувањето на услуги за заштита. Во последните неколку години професионалците од ЦСР-и добија обуки, но с& уште постои голем јаз во смисла на професионално знаење и вештини. Професионалците вклучени во секторот на социјални услуги, постојано посочуваат на потребата од развој и ефикасна имплементација на стандарди и протоколи за грижа на децата. Во овој контекст, зголемувањето на нивоата на персонал и зајакнувањето на институционалниот капацитет на ЦСР-и во голема мера ќе придонесе за зголемување на ефикасноста и обезбедувањето на подобри услуги.

[64] Според истражувањето на ПДАСМ, повеќе од 40% од децата испитаници биле удрени од некој член на семејството, а околу 30% биле вербално повредени.

**Препорака 7:**

- Редовни обуки за државните институции, општините, училиштата, родителите, медиумите, државните службеници кои ја применуваат КПД.
- Печатење и дисеминација на КПД на повеќе јазици.
- Повидливи кампањи за подигање на свеста за значењето на КПД.

# 4. ДЕФИНИЦИЈА НА ДЕТЕ

65 Во Законот за малолетничка правда не е дадена конкретна дефиниција за дете[8]. Наместо законодавецот да предвиди како што е предвидено во законот за заштита на децата дека дете е секое лице до 18 години, а потоа да прави градација на термините зависно од возраста на детето, тој применува еден сложен пристап со употреба на неколку различни термини. И во овој закон, а и во другите закони кои ги регулираат правата на децата не постои усогласеност на терминологијата и се среќаваат термините: дете, малолетник, малолетно лице, лице кое не е полнолетно.

---

[8] **Член 12**

Одделни поими и изрази употребени во овој Закон го имаат следново значење:

- малолетник е секое лице на возраст до 18 години кое според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете;
- дете во ризик е малолетник кој во времето на извршување на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, наполнил седум, а не наполнил четиринаесет години; дете во ризик се смета и малолетник до 14-годишна возраст, зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот, дете - жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква ситуација во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството или детето не е вклучено во системот на образование и воспитување или се оддало на просење, скитање или проституција, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;
- помлад малолетник е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, имал наполнето 14 години, а немал наполнето 16 години;
- помлад малолетник во ризик е лице кое во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како прекршок или кривично дело за кое е предвидена парична казна или затвор до три години, има наполнето14, а нема наполнето 16 години или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;
- постар малолетник е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определно како кривично дело или прекршок наполнил 16 години, а не наполнил 18 години;
- постар малолетник во ризик е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело, за кое е предвидена парична казна или затвор до три години или прекршок, има наполнето 16 години, а не наполнил 18 години или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;
- помладо полнолетно лице е лице кое во времето на пресудувањето за кривично дело наполнило18, а не наполнило 21 година;

[66] За разлика од загарантираната правна заштита во текот на судските постапки без оглед на согласноста на родителот/старателот, македонското законодавство не предвидува можност за права од областа на здравствената заштита, односно медицински консалтинг (детето односно малолетникот не може да влијае врз одлуката на докторот да соопшти податоци за здравствената состојба на родителите). Хируршки и медицински интервенции кај малолетно лице се преземаат само со согласност на родителот/старателот, а во итни случаи со одлука на најмалку двајца доктори на медицина кои се специјалисти во соодветната хируршка медицинска гранка.

[67] Во однос на дефиницијата за дете мора да напоменеме дека според КЗ од 1996 год. немаше конкретна дефиниција за возраста на детето жртва на кривично дело и по некоја грешна аналогија се користеше членот кој се однесуваше на децата сторители на кривични дела, односно чл.71, според кој врз малолетник кој во времето на извршување на кривичното дело не наполнил 14 години (дете) не можат да се извршат кривични санкции.

[68] До 2008 година имаше неколку случаи каде жртвата беше дете на возраст од штотуку навршени 14 години, но кога беше поднесена кривична пријава до Основното јавно обвинителство за кривично дело „Полов напад врз дете“ беше добиен одговор дека лицето со навршени 14 години не е дете и поради тоа беа отфрлени и кривичните пријави, а сторителите беа осудени само за кривично дело „Посредување во вршење на проституција“.

[69] Во КЗ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004 и 73/2006), во членот 122 по ставот (19) се додаваат четири нови става (20) , (21), (22) и (23) кои гласат:
„(20) Под жртва на кривично дело се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или

загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело. ***Под дете како жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до 18 години.***

[70] За жал во тој меѓупериод од 1996 до 2008 год. се повредија правата на голем број деца на возраст помеѓу 14 и 18 години кои беа жртви на кривично дело, но кои беа одбивани од страна на државните органи со образложение дека не се деца.

[71] После најновите измени на Законот за средно образование, со кои се предвидува задолжително средно образование, произлегува потребата вработувањето на децата над 15 години да биде регулирано согласно задолжителноста за средно образование, односно работата на децата да не го попречува нивното редовно образование.

[72] Во однос на согласноста за стапување во сексуални односи, КЗ предвидува дека до 16 години малолетникот не е доволно зрел да може да се согласи за стапување во сексуални односи. До наполнети 16 години ниту родителите не може да дадат согласност, односно да дозволат нивното дете да живее во вонбрачна заедница. Ќе се казнат за кривичното дело од член 197 Вонбрачен живот со малолетно лице и лицето што стапило во сексуални односи со малолетник кој не наполнил 16 години и за родителите кои дозволиле вонбрачен живот на малолетно лице. Во согласност со ова се одредбите според кои само малолетник со наполнети 16 години може да бара дозвола од судот за стапување во брак.

**Препорака 8:**

- Терминолошко усогласување на законодавството со КПД и користење на терминот дете за лице до 18 годишна возраст.
- Да се усогласи Законот за работни односи за повремена работа на децата со цел да не попречува во редовното образование, а да се развиваат работните навики.

# 5. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

## *5.1 Еднаквост и недискриминација (член 2)*

73 Во голем дел од законите се спомнува дека е забранета дискриминацијата, но отсуствува имплементацијата на овие одредби. Од 01.01.2010 г. стапува во сила и чл.7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, но проблемот со постапката во која би се утврдила дискриминацијата останува. Во еден член законодавецот се повикува на управна постапка, а веќе во наредниот дава право да се поднесе тужба до надлежниот суд.

74 РМ се уште го нема донесено Законот за заштита и спречување од дискриминација, иако тоа е еден од политичките критериуми за обезбедување на полноправно членство на РМ во ЕУ.

75 Според тоа се препорачува што поскоро донесување на таков закон, а тоа го покажа и Истражувачкиот извештај: барометар за еднакви можности според кој најзастапена со 75% е партиската дискриминација, потоа следува дискриминацијата по етничка припадност, а потоа возрасната дискриминација според која тука најмногу и со останатите категории спаѓаат и децата.[9]

76 Дискриминацијата се среќава на повеќе нивоа, но овде би навеле само неколку од нив:

- Децата со посебни потреби се жртви на дискриминација според повеќе основи. Децата со пречки во психофизичкиот развој се соочуваат со одбивање од нивните семејства, училиштата и поширокото општество. Постојат случаи кога деца со попречености се жртви на физичка и сексуална злоупотреба. Пристапот кон овие деца често пати е примитивен и

[9] http://www.mcms.org.mk/en/our-work/research-and-publications/740-barometar-za-ednakvi-moznosti.html

несоодветен кој понатаму придонесува за продолжување на нетолеранцијата и социјалната дискриминација.

- Другите ранливи групи (Роми, припадници на помалубројни етнички групи) имаат отежнат пристап кон основна здравствена заштита и образование, кое што најчесто се должи на големата сиромаштија и другите социјални проблеми со кои се соочуваат.
- Продолжува практиката на одредени училишта во основно образование во повеќе градови децата Роми кои не го знаат доволно македонскиот јазик, кои се деца на потешки социјални случаеви да се запишуваат во специјални паралелки. Во најголем број случаи се работи за ромски деца на кои не им е местото таму, а со тоа се овозможува сегрегација и помало вреднување на ромските деца, на кои понатаму им е ограничен напредокот.
- Најновиот случај со сегрегација на децата Роми излезе во јавноста во 2009 година, кога беше објавено дека ромските деца во Битола се сегрегирани и принудувани да се запишуваат само во едно училиште[10]

77 Табела 2 покажува резултати од спроведеното истражување на ПДАСМ[11]:

| **ПРАШАЊЕ** | **ОДГОВОР** |
|---|---|
| Дали сте биле обесправени во некоја ситуација и поради што? | **44%** поради возраста<br>**17%** поради етничката група на која и припаѓаат<br>**16%** поради полот<br>**15%** поради вероисповед |
| Дали чувствувате дискриминација според пол? | **19,1%** девојчиња<br>**12,2%** момчиња |

**Табела 2: Податоци од истражувањето на тема дискриминација**

---

[10] Хелсиншки комитет

[11] http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/istrazuvanje%20za%20prvata%20na%20decata%20vo%20skolite%202009.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Percepcija%20na%20pravata,%20diskriminacija%20i%20nasilstvo%20vrz%20decata.pdf

**Препорака 9:**
Да се усвои сеопфатно антидискриминаторно законодавство во согласност со барањата на ЕУ (European Council Directive 2000/43/EC) и со КПД, како и со другите меѓународни инструменти, со што ќе се имплементира принципот на еднаквост на сите луѓе, вклучително и децата.
Нужно е во поцесот на образование да се посвети поголемо внимание на подигање на свеста на педагошкиот кадар и учениците за прашања од областа на (не)дискриминацијата, бидејќи само на 1,3% од децата им е познато правото на еднаквост.[12]

## *5.2 Најдобриот Интерес на Детето (член 3)*

78 Македонското законодавство содржи експлицитна определба дека треба да се води сметка за заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето (Закон за заштита на децата, член 3-а).

79 За жал ваква одредба не е содржана во Законот за семејство кој регулира многу прашања важни за оценката на најдобриот интерес на детето (родителско право, семејни односи, развод на брак, посвојување, старателство и сл.).

80 Една од најповиканите институции која треба да се грижи за најдобриот интерес и заштита на правата на децата е МТСП и ЦСР во негова надлежност. Искуствата на НВО во соработка со

12
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/istrazuvanje%20za%20prvata%20na%20decata%20vo%20skolite%202009.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Percepcija%20na%20pravata,%20diskriminacija%20i%20nasilstvo%20vrz%20decata.pdf

центрите и Министерствата покажуваат одредени објективни и субјективни пречки во изведување на работата и врз основа на тоа има перцепција дека истите немаат капацитет, знаење, волја и желба навистина да ги извршат обврските кои им се доделени во врска со децата.[13]

81 Во однос на нивната пасивност и неспособност да ги заштитат правата на децата, Хелсиншкиот Комитет веќе излезе со посебни извештаи за правата на детето[14], а и поединечните случаи често беа објавувани во нивните месечни извештаи[15].

82 Исто така бројни се случаите во кои ЦСР само формално донесува Решение за видување на детето со едниот родител, додека тоа е доделено на чување и воспитување кај другиот, што претставува пример кога не се води сметка за најдобриот интерес на детето. Во најголемиот број на случаи кои се пријавени до Хелсиншкиот Комитет и ПДАСМ имаме повреда на правото на детето да оствари видување со другиот родител.

**<u>Препорака 10:</u>**

- Законско регулирање на потребата од задолжително вработување на социјални работници и дефектолози во училиштата.
- Целосно доекипирање на стручните тимови во сите ЦСР-и.
- Центрите за социјална работа треба да се присутни на терен до сите дисфункционални семејства и семејства во ризик за превенција од насилството кое го трпат децата.

### *5.3 Право на детето на партиципација и почитување на мислењето на детето (член 12)*

83 Постојат голем број на законски измени кои го предвидуваат правото на детето на партиципација. И покрај овие законски

[13] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=9F8117EED263D7428197C4126AFCB128
[14] Хелсиншки комитет
[15] www.mhc.org.mk

одредби во законодавството на РМ с& уште не е обезбедена доследна примена на членот 12 од Конвенцијата. Како резултат на тоа детето и натаму не се третира како субјект на права туку во голема мера има улога на пасивен објект, чии права и интереси зависат од родителите, старателите или државните органи.

[84] Во Законот за семејството не е предвидена законска обврска детето секогаш да се сослуша кога се носи одлука за негово одземање од едниот родител или кога се носи одлука кај кој родител ќе остане да живее, ако родителите не живеат заедно или ако дојде до развод на бракот.

[85] Во законодавството на РМ не се предвидува обврската да се консултира малолетникот во врска со медицински интервенции врз него, имајќи ја предвид неговата возраст и зрелост. Имено, во член 50 од Законот за здравствена заштита се предвидува дека хируршки и други медицински интервенции се преземаат само со писмена согласност на болното лице, односно на родителот или старателот, ако тоа е малолетно или лишено од деловна способност. Се работи за значајно прашање поврзано со животот и здравјето на малолетникот и затоа треба да се предвиди и малолетникот, имајќи ја предвид неговата возраст и зрелост, да дава согласност во однос на медицинските интервенции.

[86] Во Законот за лично име се предвидува дека промена на името на малолетникот се врши по барање на неговите родители, посвоители или старателот. Малолетникот над 10 години треба да се согласи со промената на името, но не може сам да иницира постапка за промена на името. Ова е нелогично решение, особено доколку се има предвид дека на малолетник со навршени 16 години му се дозволува склучување на брак, што има далеку поголеми последици од промената на името.

[87] Еден од основните проблеми за примена на членот 12 од Конвенцијата во нашата земја е непостоењето на законски предвидена обврска родителите да го консултираат детето кога

носат одлуки за него и неговите интереси. Од друга страна, мора да се спомене дека постојат различни форми на детско здружување (Детски парламент, училишни одбори, Детска организација) кои се формирани со цел да се чуе гласот на децата за прашања кои се од нивен интерес.

88 Детскиот парламент како невладина асоцијација ја сочинуваат: Детскиот парламент на Македонија - Скопје, ограноци на ДП во други градови на Македонија како и клубови на млади амбасадори и парламентарци во училиштата, во помали места, села и населени места. Член на ДПМ може да биде секое дете на возраст од 12 -19 години, со претходна согласност на родителите. ДПМ има 42 ДП по градовите во Македонија и 8 во Скопје со вкупно членство од 8 000 – 10 000 членови.

89 Но и покрај постоењето на овие форми, правото на детето да биде слушнато многу ретко се практикува во училиштата и пошироко. Тоа го покажува истражувањето[16] прикажано во табела 3 подолу.

| **ПРАШАЊЕ** | **ОДГОВОР** |
|---|---|
| Постои ли во твојата средина Детски парламент (организација или дебатен круг или други форми на здружувања на децата)? | **19,8%** ДА<br>**33%** НЕ<br>**47%** НЕ ЗНААТ |
| Дали сметате дека Детскиот парламент придонесува за подобрување на детските права? | **34%** од **19,8%** деца кои се запознаени со оваа институција сметаат дека придонесува |

**Табела 3: Податоци од истражувањето на тема Детски парламент**

**<u>Препорака 11:</u>**

- Да се предвиди законска обврска детето да го каже своето мислење во постапките кога се носи одлука за негово

16 http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/istrazuvanje%20za%20prvata%20na%20decata%20vo%20skolite%202009.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Percepcija%20na%20pravata,%20diskriminacija%20i%20nasilstvo%20vrz%20decata.pdf

одземање од едниот родител или кога се носи одлука кај кој родител ќе остане да живее, ако родителите не живеат заедно или ако дојде до развод на бракот.

- Во Законот за семејството да се внесе одредба дека родителите имаат обврска да ги консултираат и да ги земат предвид мислењата, ставовите и желбите на децата, зависно од нивната возраст и степен на зрелост кога носат одлуки за нив и нивните права и интереси.
- Малолетникот, зависно од неговата возраст и степен на зрелост, да може сам да иницира постапка за промена на своето име.
- Во Законот за здравствена заштита да се предвиди дека за хируршките и другите медицински интервенции врз малолетниците, освен родителите или старателите, согласност теба да даде и малолетникот, имајќи ја предвид неговата возраст и зрелост.

# 6. ГРАЃАНСКИ ПРАВА И СЛОБОДИ

## *6.1 Право на име и идентитет (член 7 и 8)*

90 Врз основа на Извештајот за спроведено истражување (попис) на деца кои не се регистрирани[17], во РМ има деца кои не се регистрирани и кои немаат соодветна документација за идентификација. Најголем број од овие деца припаѓаат на маргинализирани групи (етнички, социјални, статусни).

91 Во текот на проектот идентификувани се 840 деца кои во моментот не поседуваат изводи од матичната евиденција, а од нив 338 воопшто не се регистрирани или дури не се ни пријавени. Од вкупниот број на деца кои не поседуваат изводи од матична евиденција (840), 62% се без изводи, 32% се деца

---

[17] Извештај за спроведено истражување (попис) за деца кои не се регистрирани или немаат соодветна документација од матичната евиденција.
Проект Регистрација при раѓање, УНИЦЕФ во реализација на Центар за човекови права и разрешување на конфликти.

чии родители или барем еден од нив имаат македонско државјанство и 6% се деца чии родители или барем еден од нив немаат македонско државјанство.

[92] Главни наведени причини за настанување на ваквата ситуација се:
Немање документација од страна на родителите, немање финансии, родителите живеат во вонбрачна заедница без точно наведена причина, нема отпусна листа од болница, страв од казна, незнаење, незаинтересираност на родителите, роден(а) во домашни услови, немање доказ за татковство, немање регулирано место на живеење, неинформираност, немање време, трошоци за патување до друг град, долга процедура за вадење документација, нерасчистени брачни односи, детето е неодамна родено, неможност да го пријави детето заради болест, барање ДНК за утврдување на сродство, неинформираност за последиците.

[93] Како неколку главни проблеми со кои се соочуваше овој проект беа наведени:

- Откривањето (идентификувањето) на децата кои не се регистрирани. Според досегашните искуства од теренот моментно не е разработена никаква стратегија за идентификување на децата кои не се регистрирани и нивното откривање е инцидентно или резултат на моментална кампања (проект) на некоја невладина организација.
- Не постои јасно изразена политичка волја за адресирање на проблемот и дека власта се однесува пасивно и незаинтересирано.
- Административните бариери беа поврзани со третманот на оваа служба како неприоритетна и со недоволната поддршка на вработените.
- Законските бариери беа идентификувани како значајна пречка.
- Неинформираноста на граѓаните.

94 Како што може да се види од секојдневната работа на терен постојат деца без документација, поголем дел од нив се Роми во Македонија, добар дел од нив не се здравствено осигурани, не се вклучени во образовниот систем, иако Законите за здравство велат дека не смее да има граѓанин во РМ без здравствено осигурување. Законите за образование велат не смее дете на возраст стасано за образование да е надвор од образовниот систем, не опишувајќи и не земајќи во предвид дека постојат деца родени и кои живеат во Македонија кои се надвор од образовниот систем и се без здравстено осигурување.

95 Од друга страна пак, според информациите од НВО „Месечина", Гостивар, меѓу 3000 и 5 000 Роми, етнички Албанци и етнички Турци на ниво на цела РМ уште немаат лични исправи, како што се изводи од матичната книга на родените и картони за здравствено осигурување или за вработување, коишто се неопходни за социјално осигурување, здравствената заштита и други социјални услуги.

96 Пронаоѓањето начин да се пријавуваат новородените на сиромашните е клучно право на детето, но и место за пристап кон добавувачите на услуги кои може да го искористат контактот за започнување на серија интервенции за сиромашните што имаат позитивни развојни резултати за децата и општеството во целина.[18] Нема поголема дискриминација од тоа државата да не најде начин да го реши ова прашање неколку години наназад, а за тоа секоја година да предупредуваат граѓанските организации, Европската комисија и други меѓународни организации во Македонија.

97 Секоја година препораката е иста само бројките се различни, а различни се само заради тоа што семејствата кои се соочуваат со ваквата проблематика живеат, го прошируваат семејството. Исто така, останува прашањето зошто државата ја префрла само на родителите својата обврска за пријавување на децата при раѓање. Потребно е законски да се регулира оваа обврска на државата и да се предвиди пријавување на детето од страна

[18] УНИЦЕФ

на здравствената институција во која е родено, а во сите останати услови да се формираат мобилни тимови кои на терен ќе ја следат состојбата и ќе ги вршат пријавувањата на децата.

**<u>Препорака 12:</u>**

- Проширување на активноста за идентификација на децата кои не се регистрирани и во други општини и кај други етнички заедници.
- Иницирање законски промени во насока на олеснување на пријавувањето.
- Електронско собирање на потребните податоци за регистрација.
- Формирање помошни служби во општините за помош при регистрација.
- Одредување еднократни стимулативни пакети за прво пријавување на дете.
- Формирање, опремување и едукација на мобилни единици на матичната служба.

### *6.2 Слобода на изразување (член 12 и 13) и право на информирање (член 17)*

98 Во Законот за основно и средно образование не е регулирано активното учество на децата во насока на правото на формирање на сопствено мислење и изразување на истото. Така во чл.6 од Законот за основно образование не е предвидено да се побара мислењето на детето во услови на префрлање од едно во друго училиште.

99 Потребна е измена и дополнување и на Законот за основно и на Законот за средно образование во сите делови кои предвидуваат каква било форма на здружување со активно учество на децата, што ќе овозможи децата да го остварат своето право на изразување на своите мислења.

100 ПДАСМ се залага според новиот Закон за здруженија и фондации деца над 15 години да формираат здруженија на

граѓани. Досега овој закон оваа можност ја овозможува само на полнолетни.

101 Советот за радио дифузија (СРД) како независно регулаторно тело од сферата на радиодифузијата има задача да ја следи работата на електронските медиуми, но секојдневно се соочуваме со несоодветни ТВ-содржини (со прекумерно насилство) во однос на возраста и периодот на емитување кои се потенцијално штетни за развојот на децата. Загрижени сме дека СРД во многу ретки случаи реагира по сопствена иницијатива, односно СРД реагира после интервенциите на граѓанските организации за правата на децата[19].

102 Програмата на ромски јазик на радио во траење од 30 минути дневно, односно 3 часа и 30 минути неделно не е доволно време за да се постигнат целите на информирањето. Во тие временски рамки не постои доволно простор за презентирање на детски емисии.

103 Истражувањето[20] спроведено од ПДАСМ ги покажа следните податоци:

| **ПРАШАЊЕ** | **ОДГОВОР** |
|---|---|
| Дали сте запознаени со СОС-телефонските броеви каде може да се обратите за помош? | **60%** не се запознаени |
| Кои телефонски броеви за помош ви се познати? | **83%** од испитаниците го знаат бројот на полицијата |
| Дали сте се обратиле на некои од броевите за помош и на кои? | **30%** од децата се обратиле на некој од телефонските броеви за помош, од кои **76%** отпаѓа на полицијата |

**Табела 4: Податоци од истражувањето на тема телефони за помош**

---

19 http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=A3EF35A825543544BC3EDDDAEBC93593
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=9F5EC0F216636D4DBB6C57E120ABF85D

20 http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/istrazuvanje%20za%20prvata%20na%20decata%20vo%20skolite%202009.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Percepcija%20na%20pravata,%20diskriminacija%20i%20nasilstvo%20vrz%20decata.pdf

104 Истражувањето покажува дека 55 - 77% од децата се доволно информирани за прашања од областа на образованието, зависности, заштита од ХИВ/СИДА и преносливи болести, култура и здравство. Оваа статистика сепак се однесува на деца кои одат во училиште и кои се дел од градски семејства.

105 Придобивка во однос на информирањето немаат децата на улица, од ранливи групи и деца од рурални средини.

**Препорака 13:**

- Строго казнување на телевизиите кои не се придржуваат кон задолжителниот правилник за соодветна категоризација на програмите наменети за малолетна публика.
- Бесплатно да информираат со содржини подготвени од НВО за правата на децата.
- Да се донесе Закон за заштита на децата во електронските, печатените и интернет медиумите.

## *6.3 Слобода на мислење, совест и вероисповед (член 14)*

106 Воведувањето на новите наставни програми од оваа област не беа проследени со издржливо образложение за основните причини зошто се преземени промените, кои се придобивките и целите, дали на наставниците им беше доволно објаснето што од нив се очекува во реализацијата на истите, дали беа земени во предвид реалните кадровски потенцијали, специфичностите на училиштата. Уште повеќе, прашањето е дали се водело сметка што му е потребно на еден ученик на одредена возраст, со недоволно оформени потенцијали и интереси за да може успешно да го остварува сопствениот физички, емоционален и социјален развој и со успех да го продолжи своето школување, па во поодминатата фаза од сопствениот развој самостојно да ја оствари верската определба.

[107] Министерството за образование и наука (МОН) на ден 08.07.2008 година (за време на училишниот/годишен одмор) испратило писмен допис до сите основни училишта, чиј предмет бил Задолжување, со кој надлежните во училиштата се задолжуваат заедно со одделенските наставници на учениците кои завршиле четврто одделение во учебната 2007/2008 година да одржат родителски средби со родителите/старателите на овие ученици најдоцна до 11.07.2008 година, на која ќе се пополнат анкетни листови (изготвени од нивна страна и пратени во прилог на дописот), со кои треба да извршат избор на еден од двата изборни предмети – еден од предвидените за веронаука или запознавање на религиите. Понатаму се задолжуваат сумираните резултати за избран предмет во петто одделение за учебната 2008/2009 година да ги достават до МОН, Сектор за основно и средно образование најдоцна до 15.07.2008 година.

[108] Немаше експлицитно образложение од Владата на РМ и МОН кои беа причините за вака поставените рокови, кои беа причините за забрзување на севкупниот процес на реформите и дали токму таков вид реформи беа потребни во образовниот систем на нашата држава и тоа токму во основното образование и токму во тој момент, особено без продлабочена анализа на потребите и интересите.

[109] И покрај одлуката на Уставниот суд на РМ со која се укина воведувањето веронаука во образованието, Владата на РМ и МОН сосема стихијно, несистематски, зад затворени врати и далеку од очите и мислењето на стручната и пошироката јавност, особено од најзаинтересираните субјекти – родителите и децата, спротивно на сите домашни и меѓународни документи и препораки, повторно набрзина ја истурка веронауката во основното образование, ублажено со уште еден изборен предмет „Запознавање на религиите“ кој и покрај тоа остана затскриен некаде под сенка, со оглед на тоа што сите ја пропагираат веронауката.

110 Со воведување на предметот Веронаука во училиштата не беше испочитувано правото на детето за сопствено мислење и убедување. Имено со оваа одлука на МОН повикувајќи се на правото на религија ги подгреа кревките меѓурелигиски и верски нетолерантни односи. Имено децата со воведувањето на веронауката наместо да се зближат и запознаат, тие почнаа да се делат по верска основа.

**<u>Препорака 14:</u>**
Децата треба по нивна слободна волја и убедување да ја изучуваат религијата во верски училишта, а не како дел од задолжителното основно образование.

### *6.4 Слобода на здружување и мирно собирање (член 15)*

111 Според Законот за здруженија на граѓани и фондации деца може да пристапат или да престанат да бидат членови на здруженија на граѓани. Со новиот Закон кој се предлага е предвидена и одредба деца со навршени 15 години да може да основаат здружение на граѓани. Тоа ќе придонесе да се слушне мислењето на децата и воедно ќе овозможи нивно учество во креирањето на политиките кои тангираат прашања од нивен интерес.

112 Со ова овозможена е партиципација на децата во граѓанскиот сектор и нивно активно учество, овозможување на децата со посебни потреби да учествуваат во одбрана на своите права и да дејствуваат активно во цивилниот сектор, но во законската регулатива недостасува регулирање на правото на децата на штрајк, како и правото на децата на мирно собирање.

113 За жал, Народниот правобранител речиси воопшто не партиципира во информирањето на децата за нивните права и постои слаба заинтересираност на образовниот кадар за информирање на децата за нивните права.

**Препорака 15:**
Законско регулирање на правото на децата на штрајк, како и правото на децата на мирно собирање.

### *6.5 Право на приватност (член 16)*

114 Уставот на РМ ја гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци, а надзорот над законитоста на обработката и заштитата на податоците го врши Дирекцијата за заштита на лични податоци. Сепак има случаи на повреда на личниот идентитет, а со тоа и повреда на приватноста на децата. [21]

115 **Заштитата на приватноста** ја разгледуваме во рамките на семејството, училиштето, државните институции и медиумите.

- Во **рамките на семејството** има одреден напредок, но сепак постојат семејства каде што има појави на непочитување на приватноста на децата. Ова го потврдува и спроведеното истражување[22] во кое на прашањето кои права не се почитуваат во твоето семејство 59,8% од испитаниците одговориле дека не се почитува правото на приватност.
- Во **училиштето** состојбата на овој план бележи подобрување, но има потреба од понатамошна работа. Наставниците треба да бидат подискретни во делот на нивното однесување кон децата, односно именување во некои неповолни ситуации (на пример изјави пред целото одделение дека ова дете не може да се очекува дека ќе се однесува подобро затоа што и неговиот татко е таков).
- Во **државните институции** постапките се тајни, меѓутоа цениме дека треба поголема заштита на личните

[21] Види заштита на приватноста
[22]
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/istrazuvanje%20za%20prvata%20na%20decata%20vo%20skolite%202009.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Percepcija%20na%20pravata,%20diskriminacija%20i%20nasilstvo%20vrz%20decata.pdf

податоци, во поглед на тоа овие податоци да бидат достапни само на службени лица кои се директно инволвирани во постапките.

- **Медиумите** треба да посветат поголемо внимание при известувањето за повреда на правата на децата. Во тек е изготвување на Кодекс за новинари при известување за повреди на правата на децата со акцент на случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија.[23]

116 Новинарите треба да го почитуваат правото на приватност на детето, особено на децата жртви на трговија со луѓе. Новинарска пракса се известувањата за идентификувани малолетни жртви на трговија во ударните вечерни термини, при тоа јавно се објавени иницијалите и местото на живеење, како и местото на упатување.

117 Оваа година имаме пријава на случај на млади луѓе кои истакнуваат сопствени примери на злоупотреба преку интернет:

- на нивната E-mail адреса преку Hi5 профил (крадење на идентитет – пробивање на лозинка и давање информации кои не се напишани од авторот на адресата).
- преку Hi5 профил (ставена туѓа фотографија и непозната личност се претставува како онаа што е автор на адресата).
- примери во текот на едукации во училиштата низ Македонија, каде децата и младите кажуваа искуства на пробиени лозинки, покани за познанство во живо со „onlajn стекнатите пријатели“, користење на фотографии во туѓо име и сл.

118 Во нашата земја не постојат истражувања и конкретни статистички податоци од овој вид, но сепак веќе постојат евиденции за с& поголем број на пријави.

---

[23] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=8CEBECF73CB6884E8020DAC228948D40

**<u>Препорака 16:</u>**
Да се формира регулаторно тело за контрола на печатените медиуми.
Да се зголемат ингеренциите на СРД.

### *6.6 Заштита од тортура или друго грубо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување (член 37а)*

119 Од страна на Европскиот комитет за превенција од тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, во 2008 година беше објавено дека во воспитно-поправната установа неколкумина малолетници наведуваа дека биле удирани од затворските чувари со пендреци, а многумина малолетници ја замолија делегацијата да се погрижи пендреците да се отстранат од објектот. Како што беше случај и при посетата во 2006 г., делегацијата виде дека пендреците и лисиците се чуваат во канцелариите на персоналот (отворено во канцеларијата во областа за затворање/изолација).

120 Покрај можните индиции за тортура врз децата во затворените институции, не ретко се среќаваме и со бројни поплаки од страна на граѓаните дека нивните деца се малтретирани од страна на полицијата. Како конечен резултат скоро од сите тие постапки е добивање на одговор од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди дека преставките на граѓаните доставени до нив се неосновани и дека употребата на сила е оправдана.

121 Полицијата и местата во кои децата издржуваат казна затвор претставуваат институции кои би требало да водат исклучително голема грижа за заштита на правата на детето базирана на членовите 37, 39 и 40 од Конвенцијата за правата на детето. Во пракса отсуството на прецизно дефинирани обврски и процедури во постапувањето со децата (во регулативата поврзана со работењето на полицијата) и отсуството на спроведување на минималните стандарди содржани во законите со кои се регулира сместувањето и

постапувањето со децата во затворените институции, претставуваат причина за голем број повреди на правата на децата и загрозување на нивниот живот и развој.

**ПРИМЕР 3:**
МВР е директно одговорно за случајот поврзан со децата XX и YY. Според податоците со кои располага Хелсиншкиот комитет[24], полицијата во ниту еден момент од своето постапување во врска со овој случај, не го зеде предвид фактот дека станува збор за деца и дека сите постапки кои се преземаат во истрагата за смртта на починатиот XX и во постапувањето со преживеаното дете (кое се појавува во својство на клучен сведок, но и жртва на настанот) треба да се раководат од Конвенцијата за правата на детето.

Постапките на полицијата треба да се погледнат низ призмата на Конвенцијата:
* во процесот на легитимирање и гонење на децата
* непружањето соодветна помош
* постапувањето со фатеното дете и неговиот третман во полицијата и подоцна во текот на истрагата (при што не му е пружена поддршка од социјален работник, психолог или лекар)
* отсуството на соодветна претрага по исчезнатото дете (што може да укажува на апсолутна незаинтересираност за неговата судбина базирана врз дискриминација или за обид да се прикријат трагите на кривично дело)
* недоволното ангажирање на Секторот за внатрешна контрола и на Институтот за судска медицина да бидат расветлени спорните моменти во случајот

122 Исто така, во предлогот на новиот Закон за полиција отсуствуваат прецизни одредби со кои би се регулирало постапувањето на полицијата во случаи во кои се инволвирани деца (било да станува збор за осомничени или за жртви и сведоци во извршени кривични дела).

123 Отсуството на вакви одредби значи и отсуство на свест кај полицијата за посебниот третман кој треба да го добијат децата, отсуство на прецизна процедура на пријавување и повикување

[24] http://www.mhc.org.mk/default-mk.asp?ItemID=22B90CA87B228B408901B9BA555F3F16&arc=1

на одговорност, проблеми во докажувањето и неказнивост на несоодветното постапување.

124 Постои проблемот на мешање на децата во притвор со возрасните, иако во законот е предвидено нивно одделно сместување.

**<u>Препорака 17:</u>**

- Создавање на независно тело за контрола на работата на полицијата надвор од рамките на МВР.
- Спроведување на ефикасна истрага секогаш кога постојат индиции за тортура или друго грубо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.
- Дополнување и изменување на Законот за полиција со прецизни одредби со кои би се регулирало постапувањето на полицијата во случаи во кои се инволвирани деца (било да станува збор за осомничени или за жртви и сведоци во извршени кривични дела).
- Формирање посебен објект во кој децата ќе ја издржуваат мерката притвор, никако заедно со возрасните притвореници.

### *6.7 Деца лишени од слобода и казнување на малолетните лица (член 37)*

**<u>а) Воспитно-поправен дом - Тетово</u>**

125 Воспитно-поправниот дом - Тетово е установа од полуотворен карактер и истиот датира од 1962 год. Воспитно поправниот дом – Тетово, кој привремено е дислоциран за време на воените конфликти во РМ (2001 година) е во склоп на Затворот - Скопје. Материјалните услови се лоши и не ги исполнуваат минималните стандарди. Малолетниците во домот веќе девет години не се строго одвоени од возрасните кои се

наоѓаат во Затворот - Скопје и постои реална можност за контакт со возрасните затвореници.[25]

126 Малолетните лица кои престојуваат во домот мора под итно да се сместат во друга институција. Потенцираме дека овој проблем е со временска рамка од 9 години и за истиот не се гледа намера за скоро решавање.

127 **Покрај контактот со возрасните други детектирани проблеми во домот се и следните[26]:**

- Малолетните лица сместени во домот не се сметаат за здравствено осигурани што е во спротивно со постоечките законски норми.
- Се употребува дисциплинската мерка „самица“, која согласно меѓународните стандарди преставува нехумано казнување и е спротивно со меѓународните стандарди.
- Ретките посети на ЦСР и речиси тоталното несоработување со домот, како и малиот број на судии кои ги посетуваат малолетниците и се грижат за поведението на истите.
- Неможноста за ефикасно реализирање на целта на извршувањето на воспитните мерки преку постоечките програми на домот со крајна цел ресоцијализација на малолетниците и обезбедување правилен развој на нивната личност.
- За сите активности децата имаат само една просторија која е во исто време: дневен престој, училница, работилница за стручните предмети и менза.
- Децата немаат место надвор или внатре каде што би го поминувале слободното време (не постојат услови за физички активности, нема библиотека, нема услови за активности надвор).

---

[25] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=39F936505D9E6F4D8BAE7B9B5E76BD48
[26] Хелсиншки kомитет

[128] Истите забелешки беа добиени и од страна на Европскиот комитет за превенција од тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, кој во својот извештај за 2008 година забележа дека: „Во однос на Воспитно-поправната установа, КПТ уште во извештајот за посетата од ноември 2002 г. го критикуваше фактот што малолетниците беа сместени во иста зграда со возрасните осуденици и се дружеа со нив, во затворот Скопје. Во јули 2008 г., состојбата остана неизменета. Понатаму, просторните услови, режимот и аранжманот со персоналот с& уште воопшто не водат кон постигање на целта: рехабилитација на малолетниците. Ваквата состојба е целосно неприфатлива... Сега е потребно итно делување за да се најде соодветен алтернативен објект, а не натамошни ветувања. КПТ ги повикува националните власти да делуваат соодветно.“

**Препорака 18:**

- Домот треба веднаш да се дислоцира на место кое ќе биде адекватно за сместување на малолетниците
- До дислоцирањето на домот во најкраток рок малолетните лица од машки пол во воспитно-поправната установа да бидат издвоени од возрасните затвореници во затворот во Скопје, а малолетните лица од женски пол да бидат одвоени од женското одделение од Казнено-поправна установа (КПУ) Идризово.
- Да се организираат квалитетни образовни програми за малолетниците лишени од слобода.
- Континуирана и задолжителна обука на персоналот.
- Веднаш да се направат напори малолетните лица сместени во домот да бидат опфатени со Законот за здравствена заштита и здравствено осигурување, при што би можеле да ги искористат и здравствените услуги од секундарната и терцијалната превентивна заштита, доколку се појави таква потреба.
- Континуирано професионално обучување за постапувањето и контролата при вршење на своите

работни задачи на целиот персонал вклучувајќи ги и надзорниците

- Внимателно избирање и вработување на персонал според својата лична зрелост и способност за да се справат со предизвиците што ги носи работата, бидејќи истите треба да бидат посветени на работата со млади луѓе и да можат да раководат и да ги мотивираат лицата кои се под нивна одговорност.
- Редовни и задолжителни посети од страна на судиите и ЦСР-и.
- Користењето на самиците како дисциплинско казнување на малолетниците треба веднаш да се прекине, бидејќи таквата пракса претставува нехумано казнување кое е спротивно со меѓународните стандарди.
- Продолжување со добро започнатата практика за здравствена едукација преку програми кои би ги содржеле информациите за заразни болести, лекување и превенција во однос на заразно преносливите болести.
- Воспоставување на соодветен правичен механизам кој би бил надвор од административниот орган на домот и целосно независен во разгледувањето на жалбите и поплаките на малолетниците, по што би следувало преземање на соодветни акции и контроли.
- Македонските власти треба да им дозволат посети на НВО-и на сите места заради набљудување. Посетите треба да бидат постојани, ненајавени и организациите треба да бидат во можност да направат приватни разговори со лицата сместени во институцијата, како и пристап до потребната документација.
- Треба да се изградат места за религиозни цели, како и да се склучат договори со верските организации, со цел затворениците да имаат можност да ја практикуваат религијата, бидејќи неискажувањето на интерес не значи немање интерес.

## б) Малолетнички затвор - Охрид

129 Затворската установа „Малолетнички затвор - Охрид“ е установа од затворен карактер. Самиот малолетнички затвор се наоѓа во центарот на градот, во населено место со што се доведува во прашање заштитата на приватноста на малолетните лица, бидејќи од околните куќи кои се во непосредна близина на затворот, може да се види начинот на живеење на самите малолетници, односно нивното престројување, нивното одење во кујна, нивното искористување на слободното време и слично. Буквално с& е на видик на станарите од околните куќи.

130 Во текот на 2008 год. беше откриено дека во домот се наоѓаат 3 лица кои издржуваат казна која не ја сториле како малолетници и не ја издржуваат истата како малолетници, туку како полнолетни сторители на кривични дела. По излегувањето во јавност од страна на Хелсиншкиот комитет[27] кој ја направи посетата, полнолетните лица беа префрлени во Затвор - Струга.

131 **Листа на посебно детектирани проблеми[28]:**

- Превоспитната служба, која игра голема улога во ресоцијализацијата на затворениците, е составена од само 2 лица.
- Сместување на полнолетни лица во затвор за малолетници кои и во времето на вршење на кривичното дело биле полнолетни е во спротивност на Законот и сите меѓународни документи.
- Лоши услови во притворот: на подот се наоѓаа огромни дупки, целиот простор мирисаше на влага, притворените лица немаат природна светлина, а светлината во ќелиите доаѓаше единствено од светилките кои се наоѓаат во коридорот на притворениот дел, од кои дел не беа во употреба.
- Лошата состојба на самиците.

[27] http://www.mhc.org.mk/default-mk.asp?ItemID=0CB95FD3534FE8438716AB9B1D811CBD&arc=1
[28] Хелсиншки комитет

- Во трпезаријата во која се служат оброците нема греење.
- И покрај присуство на затвореници болни од хепатит Ц, останатите затвореници и вработените не се вакцинирани.
- Немањето на редовни, а камоли вонредни стоматолошки прегледи. Последните стоматолошки прегледи им биле извршени пред 2 години, а лицата посетуваат заболекар само по потреба.
- Ретки посети од страна на судиите и ЦСР.
- Повреда на правото на приватност, затворот се наоѓа во самиот град, а од соседните куќи е одделен само со еден висок ѕид.

**Препорака 19:**

- Дислокација на затворот.
- Итно вработување на социјален работник.
- Итна реконструкција на самиците и ќелиите во притворот.
- Редовни и задолжителни посети од страна на судиите и ЦСР.
- Вакцинација на сите лица кои издржуваат казна во затворот и вработените, редовни и целосни систематски и стоматолошки прегледи.
- Загревање на трпезаријата во која се служат оброците.
- Преземање на реални и соодветни мерки за поефикасна ресоцијализација на лицата кои веќе претходно поминале низ воспитните програми во Воспитно- поправниот дом - Тетово.

# 7. СЕМЕЈНА СРЕДИНА И АЛТЕРНАТИВНА ГРИЖА

## *7.1 Семејна средина*

132 Правото и должноста на родителите да се грижат за издржување и воспитување на децата е предвидено со Уставот

на РМ (член 40). Државата обезбедува посебна заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и децата без родителска грижа, обезбедува заштита на бракот и семејството од нарушени односи и насилството во бракот и семејството.

[133] Во член 2 од Законот за семејство семејството се дефинира како животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Во Законот за семејство се предвидува дека односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца. Тоа значи дека во нашиот правен систем се предвидува децата да не бидат потчинети на родителите и не треба да бидат само пасивни и послушни извршители на наредбите на родителите, туку треба да се третираат рамноправно и со почитување. Сепак во нашето законодавство не е консеквентно спроведена одредбата од членот 5 на Конвенцијата која вели дека родителите, законските старатели и другите лица законски одговорни за детето, се должни да го обезбедат, упатат и да го насочуваат детето за остварување на неговите права признати во Конвенцијата. Никаде во нашето законодавство нема одредба со која се налага родителите да ги информираат децата за правата од Конвенцијата и да ги насочуваат кон реализирање на тие права.

[134] ЦСР како надлежен орган за вршење надзор над родителското право во ситуациите кога тоа го бараат интересите на детето, ги предупредува родителите на недостатоците во воспитанието и развојот на детето и им помага детето правилно да го развиваат и воспитуваат, а може да ги упати тие самите или заедно со детето да посетат соодветно советувалиште или некоја друга здравствена, социјална или воспитна установа која може да им даде потребен совет. Во пракса се забележуваат слабости во остварувањето на оваа функција на ЦСР.

135 Постојат слабости при донесување решение од страна на ЦСР во бракоразводна постапка кому ќе му биде доверено правото на грижа и нега во однос на начинот на кој се утврдува на кој родител ќе биде доверено детето и во однос на мислењето и желбата на детето со кој родител сака да остане.

136 При тоа ЦСР треба да ги земе предвид мислењето и потребите на децата и од помала возраст при донесување на решение кој родител ќе води целосна грижа за детето. Во случај кога детето ги губи двата родители во процесот на донесување на решение од страна на ЦСР за назначување на старател (близок член на семејството) препорачуваме, исто така, задолжително да се земе во предвид мислењето на детето.

137 Утврдени се слабости од страна на ЦСР при донесувањето решение за правото на видување со вториот родител без надзор, во услови на постоење на сомневање дека постојат индиции за несоодветно однесување на тој родител.

138 Правото на видување на детето често е предвидено да се остварува без надзор од ЦСР и без увид во состојбата и однесувањето на родителот, при што во изминатиот период имаше неколку случаи кога при користење на ова право децата се сексуално злоупотребени.[29]

**Препорака 20:**
ЦСР во бракоразводната постапка да го земе предвид правото на мислење на детето со кој родител сака да живее, со кој родител остварил емоционална стабилна врска и ова мислење да биде земено во предвид еднакво важно како и материјалните и економски услови кои родителот ги има. Децата од 6 години нагоре имаат психо-физичка и емоционална зрелост да одлучат со кој родител сакаат да живеат.

[29] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=B03FCFB256A1004D9F037C2B7E92D9A6

## *7.2 Алтернативни сервиси за деца лишени од родителска грижа (чл. 20)*

[139] Во согласност со официјалните податоци добиени од МТСП до октомври 2006 година месечно во просек имало 97 957 корисници на социјална помош и сите морале да бидат проверени и следени од помалку од 500 лица кои се вработени во ЦСР-и. Овие вработени, исто така, се ангажирани во голем број други активности, вклучувајќи работа на: заштита на децата и прашања поврзани со домашно насилство, посвојување, прашања со семејства посвоители и социјалната заштита на бегалци и азиланти. Земајќи ги предвид комплицираните критериуми за стекнување на право на социјална помош и детски додаток, не е зачудувачки фактот што одлуките кои се соочуваат со продолжено одложување честопати се дискриминаторски и неправедни.

[140] ЦСР во сите свои активности МОРА да постапува во најдобар интерес за децата, а при тоа не може да не ги земе во предвид постоењето на дисфункционални семејства и семејства во ризик и да овозможува право на видување на децата, а при тоа децата да се жртви на семејно насилство, сексуална злоупотреба и други видови насилство.

[141] Иако ЦСР има широки овластувања дадени директно со Законот за семејство, во пракса истите многу ретко се применуваат и тоа доведува до повреда на правата на децата, кои доведуваат до тешки последици, па дури и до смрт на децата поради ненавременото реагирање од страна на центрите.

[142] Системите за социјална заштита во Македонија се сложени и во многу случаи не успеваат да ги задоволат основните потреби на многу сиромашни семејства и нивните деца кои од низа причини не можат да ги исполнат понекогаш рестриктивните услови за добивање социјална помош[30].

---

[30] УНИЦЕФ

143 Делењето на социјалната помош треба да се подобри и има многу пречки во пристапот до социјална помош, која може да ги дискриминира групите на сиромашните и на етничките малцинства.

144 ЦСР-и кои се главните даватели на услуги на теренот, во голема мера се недоволно опремени со персонал и недостасуваат професионални кадри. Исто така, има појава на честа злоупотреба на социјалните бенефиции од страна на оние што ги распределуваат и/или од страна на самите корисници. Се спроведуваат значајни реформи, но сериозната неповрзаност меѓу политиката и нејзиното спроведување продолжува да го поткопува пристапот на децата до услугите за социјална заштита, особено диспаритетно за сиромашните деца.[31]

145 Се поздравува државата за нејзините напори да обезбеди алтернативна грижа за децата без родители по излегувањето од институциите за нивно згрижување до нивната 26 година со обезбедување на бесплатен станбен простор, со обезбедени средства за струја и вода.

146 Се јавува потребата од поголем број згрижувачки семејства кои ќе бидат претходно обучени да прифатат деца-жртви на трговија со луѓе и деца-жртви од каков било вид на насилство или кривично дело, бидејќи тие деца не е пожелно да бидат сместени во институција.

147 Постои слаб мониторинг на ЦСР како и потреба за поголеми теренски набљудувања, истражувања во кои би биле вклучени и НВО-и, волонтери и сл.

148 Од страна на ЦСР и МТСП не се врши квалитетен надзор врз работата на институциите кои ги згрижуваат децата.

149 Според Извештајот на УНИЦЕФ, Згрижување во друго семејство 2008 година, не постојат стандарди со кои би се подобрил квалитетот на згрижувањето. Во моментов

[31] УНИЦЕФ

мониторингот е ограничен на повремен надзор во однос на тоа колку ЦСР се вклучени во згрижувањето, а него го врши Заводот за социјални дејности. Поради ограничените ресурси, овој мониторинг не се случува често (во просек само еднаш годишно). Непостоењето на доследен мониторинг и отсуството на стандарди за згрижување, како за згрижувачките семејства така и за вработените во ЦСР-и кои работат на згрижувачката нега, има директно влијание на квалитетот на згрижувањето. Со непостоење на стандарди за услугите на стручните лица за квалитетот на згрижување на згрижувачките семејства, како и со непостоењето на индикатори за учинок, мониторингот на тоа како се спроведува згрижувањето е мошне отежнат.

[150] Соодветната категоризација на децата во згрижувачките семејства претставува предизвик за ЦСР-и. Во практика децата без родители/родителска грижа и децата кои се злоупотребени/занемарени не се јасно одвоени. Во моментов класификацијата којашто ја користат ЦСР-и не овозможува идентификување на децата со проблеми во однесувањето од вкупниот број деца во згрижувачки семејства. И покрај тоа што имаше докази за деца со рани знаци на проблеми во однесувањето кај оние кои се тековно сместени во згрижувачки семејства, најверојатно е дека тие се евидентирани едноставно како деца без родители или родителска грижа, наместо да бидат идентификувани со втората карактеристика. Постои потреба од подобрување и континуирано освежување на базата на податоци на услуги за згрижување за да се овозможи идентификување на повеќекратните карактеристики и на категориите на деца кои се преклопуваат за да им овозможи соодветна згрижувачка нега. Непостоењето на квалитетна база на податоци го попречува соодветното следење на децата кои влегуваат и излегуваат од системот на згрижување. Оваа динамика е вообичаена во системите на згрижување и е многу важна за добар мониторинг.

**ПРИМЕР 4:**
Случајот кој беше објавен во јавноста во декември 2008 година каде со Решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, две деца (брат и сестра) се одземени од родителите и се сместени во Домот за деца без родители „11 Октомври“ во Скопје.

На 22.12.2008 год. братот, кој има само 11 години, избегал од Домот за деца без родители „11 Октомври“ и заминал кај своите родители. Тој се јавил на СОС-телефонот за деца и млади во ПДАСМ[32] и пријавил насилство врз него и неговата сестра (9) од страна на воспитувачите во домот. Според него, една од воспитувачките му удирала шлаканици секогаш кога барал да им се јави на телефон на своите родители. Во јавувањето детето рекло дека неговата сестричка по добиени три-четири шлаканици од воспитувачката прекинала да бара контакт со родителите. Тој, исто така, се жалел за несоодветна грижа и внимание. Изјавил дека децата имале и нередовна промена на долна облека, никој не се грижел за нивнта лична хигиена и биле исплашени од новата средина и оставени сами на себе без соодветно внимание од страна на некој од вработените во домот. По неговото враќање дома, од страна на родителите бил однесен на лекар каде било утврдено дека детето е видно вознемирено и боледува од шуга, поради што му била препишана терапија за смирување и за лекување на шугата.

На 20.01.2009 год. од домот побегнала и неговата сестра која после училишните часови не се вратила во домот, туку заминала со такси надвор од Скопје, во градот каде живеат нејзините родители. Гардеробата која ја носела била валкана, а исто така и долната облека. И од страна на девојчето е потврдено дека некои од воспитувачките им удирале шлаканици на неа и на нејзиното братче и тоа кога тие барале да се јават по телефон кај своите родители, а од страна на една од воспитувачките била удрена по лице и влечена за коса кога таа одбивала да чисти и да мете во домот.[33]

И во овој случај никој не одговараше за повредата на правата на овие две деца и повторно НВО-секторот бараше одговорност од надлежните органи кои едни со други се оправдуваа и не гледаа повреда во нивното постапување.

---

[32] http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=B489C27E378CB443B4A4606335401564
[33] Прва детска амбасада во светот - Меѓаши и Хелсиншки комитет

**Препорака 21:**

- Подигање на капацитетот на ЦС-и и надлежните служби во МТСП преку спроведување суштинска персонална и организациона реформа и сериозна и континуирана едукација на кадрите.
- Реформата мора да биде проследена со развивање прецизни контролни механизми и процедури кои ќе обезбедат идентификување и санкционирање на прекршувањата на правата на детето.
- Формирање на стручни тимови во училиштата и соработка во склопот на самите училишта помеѓу наставниот кадар и тимовите.
- Вработените во ЦСР треба секојдневно да се на терен, рано да ги откриваат состојбите на семејствата кои се во ризик и да заштмитат од можно насилство и злоупотреба на децата во дисфункционални семејства.
- Подигнување на свеста за зголемување на бројот на згрижувачките семејства.
- Специјализирана обука за згрижувачките семејства.

### *7.3 Домашно и странско посвојување (член 21)*

151 Во Македонија ретко се посвојуваат деца со пречки во развојот и Роми и не се прави ништо во насока на популаризирање на проблематиката за посвојување на овие групи на деца.

152 Друг проблем кој е присутен во праксата е сегрегацијата на децата во домовите. Во домот во Битола остануваат Ромчиња и деца со пречки во развојот.

153 Во однос на посвојувањата во странство, препорачливо е државата да склучува билатерални договори за меѓудржавно посвојување и согласно со нив да врши надзор и мониторинг за одреден временски период, до полнолетство на децата. Се инсистира при склучување на овие договори да се земе во предвид еден од посвоителите да биде со потекло од матичната земја или регионот на детето кое се посвојува, со цел детето во

иднина да биде запознаено со неговото потекло, јазик и идентитет.

154 МТСП и ЦСР имаат обезбедено соодветни критериуми со кои се постигнува поквалитетна селекција на посвојувачите, но процесот тече многу бавно. Домовите за деца без родители се соочуваат со потешкотии поради административни проблеми...

**Препорака 22:**
- Да се одредат стимулации за посвојување на вулнерабилните групи деца.
- Забрзување на постапката за посвојување.
- Да се унапреди соработката меѓу државата и НВО во однос на ова прашање.

### *7.4 Детска злоупотреба, занемарување и насилство (член 19)*

155 Состојбата со насилството над децата во нашата земја е повеќе од алармантна! Насилствата врз децата стануваат секојдневие и децата се тепани, злоставувани и злоупотребувани.

156 Детето жртва ретко го пријавува насилството. Стравот е една од основните причини поради која децата се уште не зборуваат отворено за овие појави и не веруваат дека некој ќе им помогне. Така насилството долго време останува незабележано и од околината и од институциите, а понекогаш се случува да се открие кога е предоцна и кога животот на детето е доведен во опасност.

**а) Насилство во образованието**

157 Со Законот за основно образование и Законот за средно образование забрането е физичко и психичко малтретирање на учениците, но и во овие закони не е дефинирано што претставува физичко, а што психичко малтретирање и освен парични казни за прекршок не се предвидени други мерки.

[158] Во текот на минатите месеци во јавноста беа обелоденети неколку различни случаи на физичко малтретирање на ученик од страна на професор. Хелсиншкиот комитет во врска со овие немили настани се обрати до надлежните органи и тоа до директорите на училиштата каде настаните се случија, до Народниот правобранител, до МВР и Државниот просветен инспекторат.

**ПРИМЕР 5:**
Во првиот случај се работи за средно училиште во Тетово, каде ученикот бил нападнат од страна на професорот по математика кој го удирал по главата и телото. Детето било тепано од страна на професорот прво со тупаници, а потоа професорот земал и едно од столчињата во училницата и го скршил од грбот на детето. Откако детето почнало да бега, професорот почнал да трча по него и со клоци го исфрлил од училницата. После настанот, детето било прегледано во Клиничката болница во Тетово, каде било утврдено дека детето има нагмечување во пределот на главата и во пределот на грбот од левата страна и за истото му е издадено и лекарско уверение.

Во однос на барањата за информации кои ги достави Хелсиншкиот комитет во врска со овој случај од страна на директорот на средното училиште добивме известување дека е донесено решение со кое на професорот му се одбива по 5% од платата во период од 6 месеци и ни беше доставена копија од решението и од Предлогот и Записникот подготвени од страна на Државниот просветен инспекторат.

Во врска со овој настан добивме одговор од страна на МВР – СВР Тетово, во кој не известуваат дека против професорот е поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка.

Во Предлогот и Записникот подготвени од страна на Државниот просветен инспекторат е наведено дека врз основа на остварениот увид во евиденцијата и документацијата на училиштето и разговорите извршени со присутните за време на увидот, констатирано е дека постојат докази за физичко казнување на ученикот од страна на наставникот по математика. Уште повеќе што и самиот наставник јавил дека го удрил ученикот, а и во решението донесено од страна на директорот е наведено следното: „... професорот во првата смена влегол на час по математика, кога после

него во училницата влегол ученикот и почнал да го навредува професорот. На тоа професорот нервозно реагирал и со ученичко столче го турнал ученикот“.

[159] Надлежните органи го заборавaат членот 142 од Законот за кривична постапка кој предвидува дека државните органи, институциите што вршат јавни овластувања и други правни лица се должни да пријават кривични дела за кои се гони по службена должност, за кои се известени или за кои ќе узнаат на некој друг начин.

[160] Хелсиншкиот комитет поднесе кривична пријава во еден од случаите, но сметаме дека тоа е обврска на државните органи и истите не смеат да ја заобиколуваат.

[161] Податоците од СОС-телефонот за деца и млади 0800 1 2222 на ПДАСМ покажуваат рапиден раст на насилството врз децата. Како споредба би кажале дека бројот на повиците поврзани со злоупотреба и насилство врз децата е во пораст. Додека во 2007 г. тој изнесувал 13,4 %, во 2008 година достигнал до 32,5%.

**ПРИМЕР 6:**
Најдобриот интерес на детето во однос на насилството во образованието не е заштитен ниту во случајот на децата сместени во интернатот „Гоце Делчев“ - Љубанци. Ниту еден од вработените во интернатот и вработените во основното училиште во Љубанци не реагирал и не реагира на индикациите за малтретирање на деца.

По известувањата во 2006 год. за тоа дека постојат индикации за физичко и психичко малтретирање на децата кое континуирано го извршувал еден од воспитувачите во интернатот, добиени од НВО „Рубикон“ и поддржани од страна на Хелсиншкиот комитет и НВО „ПДАСМ“, МТСП, МОН, Народниот правобранител и ЦСР презедоа редица контрадикторни чекори:
* Меѓуопштинскиот центар за социјални работи набрзина го затвори предметот со образложение дека не утврдиле никакви малтретирања.
* Државниот просветен инспекторат утврди дека „постои основано сомнение дека воспитувачот вршел физичко и психичко

малтретирање врз деца од овој ученички дом“ и предложи да биде отстранет од работното место и против него да се поведе прекршочна постапка.

Според последните податоци споменатиот воспитувач не е суспендиран, само е казнет дисциплински и со намалување на платата во износ од 5% во траење од 3 месеци. После неколку месеци воспитувачот беше назначен за директор на установата.

**б) Насилство во семејството**

162 Иако Комитетот $ препорача на државата да воспостави вежби за полицијата и вработените во ЦСР на забележување на детско малтретирање и семејно насилство и на соодветна акција, сепак во центрите за социјална работа не се води посебна евиденција за децата-жртви на семејно насилство. Врз основа на посетите кои ги имаат остварено НВО-и во неколку центри и врз основа на работата на предметите за кои бараме писмена информација, може да се дојде до заклучок дека тие многу ретко бараат изрекување привремени мерки, а судовите бавно реагираат и постапуваат.

163 Законот за семејство ги обврзува ЦСР-и да се справуваат со случаи на домашно насилство и бара од сите лица кои имаат преземено какви било активности во врска со инциденти на домашно насилство во рок од 48 часа да поднесат целокупна документација, забелешки, сведочења и медицински докази до соодветните ЦСР-и.

164 Кога се пријавува инцидент на домашно насилство, ЦСР е обврзан да интервенира преку: обезбедување на заштитни мерки вклучувајќи сместување, обезбедување соодветен психосоцијален третман, обезбедување на продолжување на следење на наставата од страна на децата, пријавување на случајот на тужител, обезбедување на правна поддршка и застапување, иницирање на случај пред судот и доколку е неопходно барање од судот да се воведат времени заштитни мерки.

[165] Меѓутоа Законот за семејство се стреми кон решавање на проблеми со кои се соочуваат возрасни жени-жртви на домашно насилство и не се однесува соодветно на прашања за детето, како директна или индиректна жртва.

[166] Практиката случаите да се затвораат по кратка постапка, да се „одмолчуваат” или едноставно да не се изврши максимално продлабочена анализа на секоја добиена индикација, е с& почеста во работењето на центрите. Посебно загрижува отсуството на редовна медицинска проверка во случаите на индицирано насилство, како и соодветна регуларна постапка на известување на центарот од страна на лекарите кои во која било ситуација ќе се посомневаат дека постојат знаци на насилство врз дете. Обврската за пријавување на индицирано насилство над децата не ја исполнуваат ниту наставниците и професорите и останатиот воспитно-педагошки кадар во училиштата и во другите образовни установи.

[167] Затајува и информираноста на ЦСР за ефектите од изречените мерки, односно следењето на спроведување на изречените судски мерки. Судските постапки се долготрајни, а со тоа се зголемува ризикот од повторување на насилството.

[168] Според Законот за семејство, една од мерките со кои треба да се заштитат децата жртви на семејното насилство е остранување од домот и упатување на лицето што врши насилство да посетува соодветно советувалиште, но почесто децата се тие кои се отстрануваат од домот, а насилникот останува дома, со што децата повторно се виктимизираат. С& уште не постои посебно советувалиште за сторителите на семејното насилство.

[169] Заштитата на децата од злоупотреба и насилство е регулирана и со Законот за заштита на децата (член 9) со кој е забрането психичко или физичко малтретирање, казнување или друго нечовечко однесување или злоупотреба на децата. Меѓутоа оваа законска одредба не е разработена, односно не е дефинирано што би претставувало физичко, а што психичко

малтретирање и освен парични казни, не се предвидени други казни за лицата што вршат ваков вид насилство над децата.

[170] Тепањето дете е кривично дело. На коалицијата не $ е познато колку луѓе досега се казнети поради тепање дете. Дали тоа што не се зборува за ова говори дека отсуствува формалната реакција од страна на полицијата во однос на овој проблем, бидејќи истиот се третира како приватна работа на мамо и тато?

[171] Проблем на којшто, исто така, сакаме да укажеме е непостоењето на реферален систем на препорака на жртвата на семејно насилство во случаите кога таа се обраќа за помош и во тој случај талкањето од една до друга институција во потрага по помош и заштита може дополнително да ја истрауматизира жртвата.

[172] Во Законот за малолетничка правда се дава можност распитот на детето-жртва да биде во посебна просторија, т.н. „скрин соба“, но тоа с& уште, исто така, не е дел од практиката. Исто така, не постојат посебни соби за распит со детето во полициските станици и во центрите за социјална работа.

[173] Врз основа на работата на некои НВО, се доаѓа до информација дека се занемаруваат вулнерабилните групи во образованието (нема повторување од 1 – 5 одделение), ниту пак се одржуваат дополнителни часови за да му се помогне на детето да ја совлада материјата. Така се случува кога ќе дојде до 5-то одделение детето да не може да се вклучи во образованието и тогаш да се појави проблемот на запоставување од првите четири години.

**Препорака 23:**

- Зголемување на свеста кај државните органи за задолжителното пријавување на кривично дело кога истото се гони по службена должност.
- Опремување на посебни соби за распит на детето во полициските станици и во центрите за социјална работа.

- Зголемување на финансиските средства за спроведување на програмите за реинтеграција на децата-жртви на секаков вид насилство.

# 8. ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

## *8.1 Здравје и здравствени сервиси (член 24)*

174 Една од стратешките цели на НПА за заштита на децата е и отстранување на болестите поврзани со исхраната и потхранетоста. Поврзано со ова е и исхраната во училиштата. Квалитетот на исхраната е на многу ниско ниво, постојат сендвичари и брза храна во близина на секое училиште. Во насока на подобрување на квалитетот на исхраната сметаме дека е потребно обезбедување барем еден топол оброк во училиштата.

175 Според програмата за вакцинација, генералната стапка на имунизација во РМ е 95%, но стапката на покриеност со имунизација кај ромските деца е со понизок опфат. Според анализите на граѓанските организации кои работат на оваа проблематика, надвор од целосна имунизација се децата кои не се регистрирани во матичната евиденција, деца кои се надвор од образовниот систем, државата нема посебна стратегија со која ќе ги опфати и овие деца за бесплатна имунизација според календарот за имунизација во РМ.

176 Иако имаме патронажна служба која треба да обезбедува услуги на терен на сите граѓани на РМ, сепак условите за работа на патронажните сестри е на незавидно ниво, немаат теренски возила и основни медицински материјали како би можеле да обезбедуваат квалитетни услуги и во потешко достапни рурални средини. Дури и при остварувањето на посети на терен од страна на патронажните сестри, истите се само формални.

177 Иако Законот за здравствена заштита гарантира бесплатно породување за секоја жена во болнички услови, сепак праксата

покажува друго. Во гинеколошко-акушерските болници надвор од Скопје не ги прифаќаат жените да се породат бесплатно, туку им наплаќаат и им задржуваат документи за лична идентификација доколку немаат пари за да платат.

<u>**Препорака 24:**</u>

- Да се подобри имунизацијата на децата на улица.
- Олеснување на процесот на регистрирање на децата кои задоцниле со вадење извод на родени.
- Обезбедување на бесплатна здравствена заштита за **СИТЕ ДЕЦА**.

### *8.2 Адолесцентно здравје*

#### <u>а) Глобално истражување за здравјето на адолесцентите</u>

[178] Главните заклучоци од Глобалното истражување за здравјето на адолесцентите во училиштата во Македонија во 2007/2008 г. се:

[179] Многу ученици се изјасниле дека биле пијани барем еднаш или повеќе пати и дека биле вовлечени во неволји заради пијанството. Преваленцијата на употреба на дроги, како на пр. марихуаната, изнесува 3%. Постои релативна достапност на дроги во училиштата и покрај тоа што има релативно високо ниво на едукација за штетноста од употреба на дрогите. Многу ученици го имале првото сексуално искуство на млада возраст. Иако процентот на ученици на возраст од 13 до 15 години кои имале сексуален однос е релативно низок (нешто повисок кај машките отколку кај женските), треба да се обрне внимание на овој податок. Машките ученици почесто од женските имале сексуални односи со два или повеќе партнери. Релативно висок број ученици употребувале кондоми при сексуалните односи. Најголем дел од учениците виделе реклами на ТВ, радио, билборди, постери или во дневните весници, магазини или на кино против пушењето, пиењето алкохол, употребата на дроги или насилство во изминатите 30 дена. Повеќето од учениците

од двата пола биле физички неактивни и имале нередовни физички активности. Тие имаат седечки начин на живот и практикуваат седечки активности, како на пр. играње на компјутер, бидејќи денес компјутерите се достапни и во домовите и на училиште.

180 Непостоење на специфични сервиси за сексуално и репродуктивно здравје поддржани или менаџирани од државата.[34]

181 Непостоење на систем за опфаќање со социјални сервиси и здравствена едукација и сервиси за млади кои се маргинализирани и вулнерабилни за ХИВ/СИДА и СПИ.

**Препораки од Глобалното истражување за здравјето на адолесцентите во училиштата во Македонија во 2007/2008 г.:**

Треба да се развијат и промовираат цели за подобрување на адолесцентното здравје со заеднички активности од здравствените установи, семејствата, училиштата и институциите од заедницата. Најважна е координативната улога и активностите кои треба да се реализираат од страна на Министерството за здравство и Републичкиот завод за здравствена заштита на Република Македонија – стратешко планирање, имплементација на тренинг-програми, мониторинг и евалуација на здравјето на адолесцентите и младите.

Иницијален чекор напред ќе биде воспоставување на стратешко партнерство и размена на искуства и практики во оваа област со релевантни министерства за здравство и јавно здравствени институции од земјите во ЕУ кои имаат понапредни програми за здравјето на адолесцентите. Следните чекори во градењето на капацитетите вклучуваат:

[34] Асоцијацијата за здравствена едукација и истражувања ХЕРА четири години одржува и менаџира два младински пријателски сервиси - „*Сакам да знам*“. Во првите две години беше во партнерство со Здравствен дом – Скопје, каде што партнерството се засноваше на обезбедување на простории и здравствени работници од страна на Здравствен дом - Скопје, додека во последните две години не постои никаков придонес од страна на државните институции кон одржување на овие центри.

- Подобрување на севкупниот систем за здравствен надзор во државата за да се обезбедат податоци за здравјето на адолесцентите и животните навики и да служи како инструмент за надгледување на мерењето на влијанието и ефективноста во имплементацијата на Националната стратегија за адолесцентно здравје;
- Градење капацитети за Републичкиот завод за здравствена заштита и Регионалните заводи за здравствена заштита за надгледување на приоритетните ризични однесувања во однос на здравјето кај адолесцентите во државата со спроведување на регуларни здравствени истражувања на секои три години;
- Попрецизно идентификување на географските региони и подгрупи на адолесценти каде се јавуваат сериозни јавно-здравствени проблеми и да се влијае врз развојот на адекватни здравствени интервенции каде е потребно;
- Навремена дисеминација на информациите за постојните јавно-здравствени проблеми кои се однесуваат на адолесцентите меѓу јавно-здравствените професионалци;
- Подобрување на јавното финансирање на програмите за здрави животни навики за адолесцентите;
- Подобрување на човечките капацитети за дизајн и имплементација на тренинг-програмите;
- Да се воспостават сервиси - пријатели на младите под капата на Националната стратегија за адолесцентно здравје.

**б) Активности за заштита од ХИВ/СИДА**

182 Иако во претходниот грант на Глобален фонд за ХИВ/СИДА 2007 – 2012, младите беа опфатени како целна група и имаше посебни активности предвидени за нив, во последниот грант беа исклучени со образложение дека не се група која е ризична за ХИВ/СИДА. Истражувањата го покажуваат токму спротивното, дека младите немаат доволно информации за ХИВ/СИДА и дека се потребни посеопфатни превентивни програми насочени токму кон младите.

183 Во јуни 2008 година беше спроведено квантитативно истражување на знаењата на средношколците во град Скопје за ХИВ/СИДА и нивните ставови за пристапите кон едукацијата за сексуално и репродуктивно здравје. Истражувањето беше

спроведено од тимот на врсничка едукација на ХЕРА. Вкупно беа опфатени 1024 млади на стандардизиран прашалник во кои беа вклучени индикаторите на УНГАС со кои се оценуваат знаењата за ХИВ/СИДА кај младата популација. Истражувањето имаше за цел да се увиди и потребата од посеопфатно информирање на младите во рамките на наставната програма на теми поврзани со сексуално и репродуктивно здравје и пристапите кон едукација. Согласно УНГАС-индикаторите истражувањето покажа недоволно информираност на младите за ХИВ/СИДА во кое само 16,3% од младите имаат целосни знаења за ХИВ/СИДА. Овој податок е истовремено и потврда на резултатите од бихевиоралната студија на РЗЗЗ за недоволната информираност за ХИВ/СИДА меѓу младите кои недвосмислено укажуваат на потребата од континуирана превенција и едукација за ХИВ/СИДА меѓу младата популација, но користејќи различни пристапи и стратегии. Сепак постои добра информираност за начините на кои се пренесува ХИВ и можностите за заштита, но младите се недоволно информирани за начините на кои не се пренесува ХИВ инфекцијата што може да се толкува како резултат на постоење на предрасуди и стигма кон одредени ситуации и појави, отколку за неинформираност.

[184]Во однос на пристапите младите кои присутвувале на врсничка едукација речиси подеднакво сакаат да бида едуцирани од врснички едукатори и лекари, додека младите кои не била на врсничка едукација повеќе преферираат едукација од страна на лекари. Кај младите постои помал интерс во однос на темите абортус, контрацепција, родова еднаквост и сексуално насилство кое е основа за друга продлабочена анализа со цел да се идентификуваат причините за ваквата незаинтересираност. Дури 80% од испитаниците се за воведување на сексуално образование во наставата во средното училиште.

[185] Центрите за јавно здравје имаат буџети за да спроведуваат едукации за млади, но никогаш не се имплементираат на терен. Иако е овозможено во програмите овие едукации да се

спроведуваат од НВО-и, сепак пристапот до тие фондови е многу тежок.

**<u>Препорака 25:</u>**

- Да се развие посебна превентивна програма во МЗ за адолесцентно здравје.
- Центрите за јавно здравје да отворат тендери за невладините организации за спроведување на предвидените едукации за ХИВ/СИДА меѓу млади.

### *8.3 Деца со посебни потреби (член 23)*

186 Со новиот закон за социјална заштита од 24 јуни 2009 г. иако се направија драстични промени во однос на сите претходни такви закони, поточно зголемувањето на висината на посебниот додаток/постојаната парична помош, помошта за нега од друго лице и надоместокот за скратено работно време за мајка која се грижи за дете со телесна или интелектуална попреченост, сепак и понатаму останува забелешката дека ваквите надоместоци се мали, посебно во споредба со потребите на децата со посебни потреби.

187 Непостоењето на право на остварување на личен буџет по основ на посебни потреби е с& уште главната причина што многу деца со посебни потреби остануваат затворени во своите домови без можност за образование и пристапност до образование, вработување и интеграција во општеството. И понатаму висината на паричниот надоместок е условена во зависност од обемот на потребата за помош и од социоекономскиот карактер на семејството.

188 И понатаму е загрижувачка состојбата со пристапноста и достапноста на здравствените институции според која децата со посебни потреби се оневозможени да добиваат ефикасна здравствена заштита. **Согласно новиот закон за здравствена заштита од 2008 г.** загарантирано е првото добивање на ортопедски справи и помагагала, останатите се плаќаат во

висина од 50% од вредноста на сите протези, ортопедски справи и други помагала и 20% за слушни, забопротетички и други помагала.

189 Во правилникот за ортопедски помагала Тинитус троцикл за децата со церебрална парализа не влегува во ортопедски помагала. Децата до 14 години се ослободени од лично учество во цените и лековите, од 14 до 18 години учествуваат со 5%.

190 Во секторот за здравство има итна потреба од зафаќање со прашањата на пристап, квалитет и ефикасност. Проблемите во институционалното управување и слабиот технички и менаџерски капацитет, особено во рамките на Фондот за здравствено осигурување, го компромитираат праведното испорачување на услуги. Механизмите за отчетност се несоодветни и иако се развиени низа регулаторни закони, тие не се спроведуваат систематски.[35]

191 Проблем и понатаму е партиципацијата при остварување на здравствена заштита на децата на кои им е потребна одредена медицинска нега надвор од државата во услови кога таков медицински третман не е можен во РМ. Законски е определено државата да финансира 80% од средствата, а пациентот да финансира 20%. Овие 20% често се голем проблем за семејството на дете кое треба да се лекува и поради немањето на истите често доаѓа до загрозување на правото на здравствена заштита на децата.

192 Во делот за болничка здравствена заштита се обезбедува сместување и исхрана на придружник при неопходно придружување на дете до 3-годишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена.

---

[35] УНИЦЕФ

**<u>Препорака 26:</u>**

- Ослободување од партиципација при остварување на право на здравствена заштита за СИТЕ деца и обезбедување на бесплатна здравствена заштита за СИТЕ ДЕЦА.
- При хоспитализација на дете со посебни потреби во зависност од степенот на посебни потреби и капацитетот на дете со посебни потреби со препорака од лекар да се остварува право на придружник без ограничување на возраст.
- Донесување на посебен акт со кој се утврдува кои здравствени услуги ќе се сметаат за основни здравствени услуги, коишто не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување, а се важни за подобрување и санирање на здравствената состојба на децата со посебни потреби.
- Изработување на национална програма за рехабилитација на децата со посебни потреби.
- Востановување на стандарди и процедури за добри рехабилитациони центри

## *8.4 Социјално осигурување и сервиси и установи за социјална заштита на детето (член 18.3 и 26)*

193 Иако според член 5 од Законот за социјална заштита се истакнува дека грижата на Републиката за спречување на настанување на социјален ризик се остварува и преку преземање мерки во даночната политика, вработувањето, политиката на стипендирање, политиката на станови и семејства, здравството, воспитанието, образованието и на други подрачја, сепак во пракса малку од овие мерки се реализираат.

194 Иако неодамна е забележано мало намалување од 1,3 проценти, нивото на невработеност во Македонија и неговите структурни причини се сериозна причина за загриженост.

Невработеноста има директно влијание врз нивоата на сиромаштија, а децата од невработени родители, особено родителите кои се долгорочно невработени, искусуваат сиромаштија, лишеност и социјална исклученост, како последица на финансиските потешкотии кои ги преживува нивното семејство.[36]

195 Голем процент од работоспособното население во РМ, при обидот за вработување е дискриминирано врз основа на партиска припадност и врз основа на старост. На тој начин овој дел од населението е оневозможено да обезбеди загарантиран приход за пристоен семеен живот.

196 Ромите и понатаму се најобесправената етничка група. Невработеноста меѓу Ромите сè уште е на највисоко ниво (дури 73% во споредба со околу 30% кај општото население). Ромите и натаму имаат најниски доходи (околу 63% живеат под линијата на сиромаштијата) и највисока стапка на смртност. Се проценува дека две третини ромски домаќинства живеат под линијата на сиромаштијата.[37]

197 Ромите од '90 година наваму никогаш немале помала стапка на вработеност во однос на другите заедници, секогаш таа стапка на невработеност во ромската зедница е над 70%, како што е и сегашната анализа[38] која покажува алармантна состојба на невработеност - дури 73% невработеност кај Ромите во Македонија.

198 Оттука произлегуваат чувствата на нееднаквост во вработувањето, нееднакво спроведување на Охридскиот рамковен договор, кој предвидува еднаква етничка застапеност во државните институции, дека тој е донесен за едни, но не и за други (не и за Роми) ова е изворот на дури 63% Роми кои живеат под линијата на сиромаштија, која носи највисока

[36] УНИЦЕФ
[37] Текстот е преземен од извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2009 год.
[38] НВО „Месечина“ - Гостивар

стапка на смртност во Македонија заради начинот на живеење, исхраната и здравството.

199 Невработените (работоспособни) родители, за помош се обраќаат во ЦСР кои нудат многу мала социјална помош, која од година во година се намалува.

200 Висината на социјална парична помош се утврдува во зависност од периодот на користење на правото и тоа:

- во првите две години правото се остварува во полн износ;
- во текот на третата, четвртата и петтата година се исплатува 70% од утврденото ниво;
- по истекот на петтата година се исплатуваат 50% од утврденото ниво.

| | **Висина на социјалната парична помош за 2009 година** | | |
|---|---|---|---|
| | **100%** | **70%** | **50%** |
| **Лице** | **2 173, 00 ден.** | **1 521, 00 ден.** | **1 086, 50 ден.** |
| **Семејство и домаќинство со два члена** | **2 810, 50 ден.** | **1 967, 00 ден.** | **1 405, 00 ден.** |
| **Семејство и домаќинство со три члена** | **3 578, 00 ден.** | **2 505, 50 ден.** | **1 789, 00 ден.** |
| **Семејство и домаќинство со четири члена** | **4 600, 00 ден.** | **3 220, 00 ден.** | **2 300, 50 ден.** |
| **Семејство и домаќинство со пет и повеќе члена** | **5 366, 50 ден.** | **3 756, 50 ден.** | **2 683, 00 ден.** |

**Табела 5: Висина на социјална парична помош за 2009 година**

201 Нискиот месечен износ на социјална помош кој го нуди државата како помош, реално малку им помага на семејствата кои се по различен основ во состојба на ризик. Подолготрајното функционирање на семејниот систем со

минумим финансиски средства предизвикува незадоволување на потребите и нарушување на семејната рамнотежа.

202 Исто така, во Законот за социјална заштита со одредбите со кои се регулира остварувањето на правата од социјална заштита за децата, констатирано е дека постојат голем број на административни процедури кои го ограничуваат правото на детето да добие ефикасна заштита.

203 Според Правилникот за начинот и условите за остварување право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице (Сл.весник 102/06) неопходно е да се достават 26 документи кои се вадат од различни надлежни органи.

204 Ситуацијата не е многу поразлична и во остварувањето на другите права како правото на социјална заштита, правото на детски додаток, правото на посебен додаток и сл.

**Препорака 27:**
Намалување на бројот на документацијата за остварување на права од социјалната заштита, воведување на едношалтерски систем, како и формирање на посебен административен оддел кој би се занимавал со регулирање на документацијата за деца со посебни потреби и деца со интелектуална попреченост .

### *8.5 Животен стандард (член 27)*

205 Иако реалниот раст на БДП е зголемен, има алармантно зголемување и висока концентрација на сиромаштијата кај домаќинствата со деца. Околу 7% од сите деца на возраст од 0 - 9 год. не се покриени со шемата за јавно здравствено осигурување.

206 Во најсиромашните квинтили 24,5 % од децата на возраст од 8 - 9 месеци имаат пропуштено најмалку една од осумте препорачани вакцинации. Овие деца главно доаѓаат од руралните области и од ромските и албанските етнички заедници. Во руралните области стапката на смртност под пет

години е речиси 6 пати повисока од стапката во урбаните области. Само 1 од 10 деца на возраст од 36 - 59 месеци посетува предучилиште.

207 Овие податоци[39] даваат слика за недоволни јавни инвестиции во здравството, образованието и социјалната заштита. Постои значителна разлика меѓу руралните и урбаните области во смисла на пристап до основните услуги. Постои недостиг на политики во полза на растот на децата, особено во однос на домаќинства со деца. Надоместоците за социјална заштита, вклучително и надоместоците врзани за децата недоволно ги опфаќаат децата и семејствата кои се изложени на најголем ризик од сиромаштија.

208 ЦСР не врши надзор над извршувањето на обврската за издршка на децата од страна на разведениот родител.

209 Детскиот додаток се обезбедува за покривање на дел од трошоците во подигањето и развојот на детето.

210 Правото на детски додаток можат да го остварат родители по разни категории на вработеност, како и невработени лица кои добиваат некаков паричен приход (се мисли на стечајни работници, лица прогласени за технолошки вишок, т.е. лица кои с& уште на некој начин се сметаат за вработени и по тој основ примаат паричен надоместок од Агенцијата за вработување). На овој начин детскиот додаток се јавува како дополнителен приход во семејството.

211 Она што е карактеристично е што ова право не можат да го остварат **невработени родители кои не остваруваат никаков приход.** Од ова произлегува дека загрозените семејства кои врз основа на невработеност се во социјален ризик, не можат да ја добијат елементарната помош од државата ниту за своите деца. Оваа неправда, предизвикува голема огорченост кај ваквите семејства.

[39] УНИЦЕФ

212 Има нејасности во Законот во однос на правото на детски додаток. Ако во еден дел на измените се наведува дека носител на правото е детето, веднаш во друг дел за носител се определува мајката за потоа тоа да премине на едниот родител?! Хелсиншкиот комитет во својата анализа во врска со воведувањето на родителскиот додаток за дете[40] укажа на фактот дека најдобро решение е детето да биде носител на правото на додаток со цел истото да не биде лишено од причини што нема еден од родителите или тие не ги исполнуваат условите.

**Препорака 28:**

- Носител на правото на детски додаток и родителски додаток за трето дете да биде детето како субјект на правата.
- Право на детски додаток да може да остварат и семејства во кои родителите се невработени, т.е. истите се пријавуваат во Агенцијата за вработување, како загарантиран приход за децата во таквите семејства.
- Детскиот додаток да им се овозможи и на семејства со деца кои се корисници на социјална помош.

# 9. ОБРАЗОВАНИЕ, СЛОБОДНО ВРЕМЕ И КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ (член 28, 29 и 31)

## *9.1 Основно образование*

213 Во Законот за основно образование (чл.25) иако интенцијата е да се обезбеди воспитна образовна дејност за децата со посебни потреби, сепак таа е во спротивност со принципите на инклузивно образование и се спроведува во посебни училишта или во посебни паралелки во основните училишта.

214 Според Државниот завод за статистика, соопштение број 2.1.9.10, кога ќе се поделат вкупниот број на ученици во

[40] http://www.mhc.org.mk/default-mk.asp?ItemID=3AB6E2C9BA1E7C469D8DD07E62A9595C

основното образование со вкупниот број на паралелки, се добива просечниот број на ученици во едно одделение, кој изнесува 21 ученик. Во средното образование овој број изнесува 29 ученици во една паралелка. Оваа бројка во одредени училишта, зависно од бројноста на учениците, достигнува до 35 деца, а во некои училишта и до 40. Со цел да се обезбеди квалитетно воспитание и образование, покрај дополнителната обука и едукација на наставниците потребно е да се намали бројот на ученици да биде максимум до 25 во одделение.

215 Законот за образование предвидува училиштата кои бројат над 900 ученици да имаат 2 члена од психолошко-педагошката служба, а тие под таа бројка да имаат само 1 член. Во секое училиште без оглед на бројот на ученици треба да постои мултидисциплинарен тим составен од психолог, социјален работник, педагог и дефектолог каде што има потреба (деца во инклузија). На пр. во Батинци нема стручен тим. Во ниедно училиште нема комплетен стручен тим.

216 Праксата покажува дека во најголем број психолошко-педагошките служби и директорите како менаџери на училиштата, не ја следат воспитно-образовната работа на наставниот кадар, немаат доволно увид во воспитно-образовниот процес, не се трудат да ги вклучат децата кои не се вклучени во образованието.

217 Отсуствува и креативно користење на слободното време преку организирање работилници (секции) преку неформално образование кои ќе бидат реалзирани од наставниците или НВО и доколку училиштата се отворени за соработка и отстапуваат простор за ваков вид на работилници.

218 Само 9% од предучилишната популација со посебни потреби се вклучени во предучилишните установи[41]. За да се вклучат децата од маргинализираните средини, да се создаваат здрави навики и да се реши проблемот со исклученоста на

[41] Полио Плус

децата од основното образование, неопходно е децата од најмали нозе да се вклучат во предучилишното образование.

219 Бројот на децата Роми кои одат на училиште сè уште е мал и стапката на напуштање на училиштето е висока. Сè уште се практикува сегрегација на учениците Роми. Продолжува практиката на испраќање деца Роми со тешкотии при учењето во специјални институции за лица со посебни потреби.[42]

220 Со уставот на РМ основното образование е задолжително и бесплатно. Во учебната 2009/2010 г., Владата најави обезбедување на бесплатни учебници за сите ученици, но процесот на обезбедување не соодветствуваше со почетокот на учебната година - имено поголем број од учебниците задоцнија повеќе од 2 месеци.

221 Постојат казни и за оние родители кои не ги праќаат децата во основното образование, но и таа мерка не функционира со години наназад, а камоли казна од 1000 евра за **незапишување на децата во средно образование.** Идеално е целата популација да има завршено средно образование, но е тешко остварливо с& додека има 18 500 деца[43] кои не се вклучени ниту во основното образование. Ова е реалност и жална состојба која од наша страна повеќе пати ја повторуваме и се заложуваме сите одговорни лица во институциите на системот да вложат максимални напори да се подобри состојбата со вклучувањето на сите деца во основното образование.

222 Особено го поздравуваме донесувањето на Законот за образование на возрасни и неговото имплементирање со кој МОН вети дека ќе бидат опфатени сите лица кои немаат завршено основно образование, без разлика на возраста, но за жал овој закон с& уште не е практично применет, бидејќи голем број од децата кои не одат на училиште се на возраст од 7 до 14

[42] Текстот е првземен од извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2009 год.
[43] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=0A5AF229B517F5478C0200628B3A6A2E

години, а сепак се надвор од училиштата, затоа што постои правна празнина за оваа група.[44]

223 За децата кои не се вклучени во образованието, а според МОН се 5% од вкупниот број деца кои посетуваат основно училиште, не постои закон според кој децата до 14-годишна возраст може да се вклучат во воспитно-образовниот процес. Според Законот за образование за возрасни овие деца може да се вклучат во образованието само со наполнети 14 години. Децата кои со наполнување на 14 години го исполнуваат овој услов, најчесто го губат интересот за учење и стануваат жртви на најлошите форми на злоупотреба на детскиот труд (проституција, просење итн.).

224 Оние пак кои ќе успеат некако да се запишат во училиштата, се соочуваат со проблемот на немање средства за книги, училиштен прибор и автобуски билети, односно за нив не важат законските одредби со кои се опфатени децата во редовниот систем на образование, а кои се однесуваат на бесплатен превоз или учебници и сл. На тој начин овие деца остануваат и понатака надвор од кругот и за нив не важат законите, односно правата кои ги уживаат другите деца.

225 Децата кои се во болниците подолго време или престојуваат дома од различни здравствени и други причини, не го остваруваат своето право на образование.

2256 Врз основа на искуствата на родителите и наставниците со кои е разговарано, наставните планови во основното образование се со обемни содржини, несоодветни на возраста на децата и изобилуваат со многу податоци. Една лекција вообичено содржи минимум 10 до 20 нови, непознати зборови. 12 задолжителни предмети во едно одделение, кои во текот на седмицата се присутни во распоредот со најмалку два часа седмично, бараат од децата на 10-годишна возраст паметење на многу нови податоци. Проверката на знаењето се сведува на

[44] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=C3ED1792E0265E4B9D408DF075D99827

усно одговарање со повторување на меморираните податоци. Имено, образованието - учењето се сведува на меморирање на податоци, кое во процесот на учење претставува најнизок или прв степен на учење и стекнување на знаења. Повисоките степени на учење, како размислување, поврзување на податоци и креирање проекти во група или индивидуално, многу ретко се дел од секојдневното совладување на нови знаења.

[227] **Дополнителните часови и секциите** во основните училишта, кои во претходниот систем беа составен дел од образовниот процес, во изминатите десетина години многу ретко се одржуваа. Приватните училишта за совладување на странски јазици, музички вештини или пак приватните часови по математика и други предмети, каде родителите мора да плаќаат за секоја услуга, ги заменија секциите и дополнителните часови, кои пак во Законот се задолжителен дел од бесплатното основно образование.

[228] Се избегнува обврската да се организираат и спроведуваат дополнителни часови по предмети кои послабите ученици имаат потреба од дополнителна работа со предметните наставници, иако ова е и законска обврска на наставниците. Има голема појава за барање дополнително финансиско мотивирање за да се одржуваат ваквите часови. За жал, МОН и Државниот просветен инспекторат се неми посматрачи на состојбата.

[229] Програмата за **талентирани деца** во Македонија, која во претходниот систем беше составен дел од образовниот процес, во изминатите десетина години многу ретко се остварува. Организацијата Народна техника не работи со полн капацитет како во претходниот систем. Натпреварите по одредени предмети и за одредено одделение во последните десетина години се многу ретки. Децата немаат форми за дополнување и верифицирање на дополнителното знаење.

### *9.2 Средно Образование*

230 Нема значителен напредок во образованието, освен Законот за задолжително средно образование кој е за поздравување, но барем досега нема конкретни програми за стимулирање и стипендирање на децата во средно образование.

231 С& уште нема конкретни програми за стипендирање на Роми во средното и високото образование, нема измени во образовните програми со кои ромскиот јазик ќе стане задолжителен предмет во образованието на учениците Роми. Досега овој предмет се изучува како изборен.

232 Препораката ромскиот јазик да стане задолжителен предмет во образованието на учениците Роми е доставена до МОН уште од 19.02.2009 год. во писмена форма, како заклучок и препорака од Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот кој произлезе од дискусиите на седницата на истата Постојана анкетна комисија од 17.02.2009 год., а за кој се дискутираше по Извештајот на Европската комисија за напредокот на РМ во 2008 год., со којшто излагачите имаа намера и с& уште сме со намера и цел да затвориме едно од, исто така, битните обврски кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор во однос на употребата на јазикот во образованието.

233 Во оваа насока досега нема информација околу можноста за формирање Катедра за ромски јазик на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Медодиј“ во Скопје, со кој преку отворањето на втор модул во предметната настава на ромски јазик и книжевност би се обезбедил соодветен наставен кадар за образованието на децата Роми (освен податокот кој не е вистинит во Енциклопедијата на Македонија што ја промовираше МАНУ).

234 Често се случуваат меѓуетнички конфликти во училиштата, кои не секогаш се врз основа на меѓуетничка и верска омраза меѓу учениците, туку се резултат на инструментализација и

манипулација од страна на одредени политички партии заради остварување на нивните цели кај својот електорат.

235 Податоците од истражувањето[45] говорат дека 20% од децата се чувствуваат дискриминирани поради своето етничко потекло. Од нив момчињата (27%) се чувствуваат подискриминирани од девојчињата (16%). Истражувањето покажува дека овој вид на дискриминација е најзастапен меѓу самите деца. Нееднаквиот однос по оваа основа децата го доживуваат од своите другари/ки (46%), соученици (30,8%).

236 Дискриминацијата врз етничко потекло е најзастапена во градовите Тетово (31%) и Кичево (32%), соодветно на дискриминацијата врз основа на јазик што укажува на потребата од преземање мерки со кои би се делувало во правец на намалување на појавата, особено преку соодветни училишни програми. Повеќе на оваа тематика во извештајот за ОПАЦ.

237 Потребно е под итно да се престане сегрегацијата на ромските ученици во основните и средните училишта, на пример подрачните училишта „Мустафа Кемал Ататурк", Бањица, Гостивар, подрачно училиште „Башкими – Единство – Бирлик во Циглана, Гостивар, „Аврам Писевски" во с. Бардовци, Општина Карпош, Скопје. Има сегрегација во основни училишта и во Битола, посебно во ОУ „Ѓорѓи Сугарев"[46], Прилеп, во средното економско училиште во Гостивар итн.

238 Во училиштето интернат „Маца Овчарова" и слични се врши несоодветна категоризација на децата дека се со лесна ментална попреченост со цел да се користат бенефициите (бесплатно сместување, оброци, образование и здравствена

45
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/istrazuvanje%20za%20prvata%20na%20decata%20vo%20skolite%202009.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Percepcija%20na%20pravata,%20diskriminacija%20i%20nasilstvo%20vrz%20decata.pdf
46 Извештај на Хелсиншкиот комитет за сегрегацијата на Ромите во Битола

заштита) и услугите на овој интернат, во согласност и со знаење на родителите.

239 Иако РМ има донесено Национална стратегија за развој на образованието, сепак и понатаму постои сегрегиран систем на образование за децата со посебни потреби во посебните основни училишта и посебни паралелки во редовните училишта. Проблем во праксата е нискиот степен на користење на гестовниот говор, Браевото писмо и компјутерската технологија во образовен процес. Постои недостаток на литература печатена на Браево писмо за слепите и слабовидните студенти, како и толкувач на гестовен јазик за студентите со оштетен слух. Покрај дефектолог и воведување на персонален асистент, потребно е и толкувач на знаковен јазик и други стручни профили во помагањето на детето со посебни потреби за да има најефикасно образование.

240 Архитектонските бариери и понатаму оневозможуваат вклучување во образовниот систем на деца со физички пречки во развојот.

241 Програмите за средно образование и работно оспособување на лица со посебни потреби се застарени, а работните места за кои се оспособуваат најчесто не кореспондираат со можностите на пазарот на трудот.

### *9.3 Рекреација, спорт и културни активности*

242 Истражувањето[47] покажува дека децата на возраст од 10 до 17 години на прашањето дали добиваат доволно информации од областа на културата и спортот, даваат висок процент во висина од 70 % за потврден одговор.

---

[47] http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/istrazuvanje%20za%20prvata%20na%20decata%20vo%20skolite%202009.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Percepcija%20na%20pravata,%20diskriminacija%20i%20nasilstvo%20vrz%20decata.pdf

243 Сепак неминовно е да се спомене дека спортските и културните активности се надвор од училишните активности како дел од приватни спортски клубови или драмски и музички училишта, каде секој час се наплатува. Тоа значи дека само одреден број на деца можат да си дозволат креативно слободно време, спорт и рекреација. Училишните содржини вклучуваат посети на спортски и културни настани, како и излети и екскурзии, но секоја посета се плаќа. Често пати оние деца кои не можат да платат, не се пријавуваат за посетата, а тие пак не се задолжителни.

244 Постојат многу фестивали за деца, но често тие фестивали служат за комерцијални цели и за да учествува едно дете на фестивалот треба да плати од 500 до 1000 евра за песна (текст и аранжман).[48]

**Препорака 29**:

- Целосно спроведување на Стратегијата за инклузивно образование преку развивање и спроведување на програми за инклузивно образование на деца со посебни потреби.
- Стратешко планирање и техничка подготовка при креирање на образовни програми за инклузивно образование со вклучување на посебни едукатори (дефектолози) во образовниот процес на деца со посебни образовни потреби.
- Воведување на современи технологии и технички помагала во образовниот процес.
- Воведување на современи технологии како поддршка во образовниот процес на деца со интелектуална попреченост.
- Промовирање на неформално образование кое ќе овозможи доквалификација и преквалификација за работни места кои се актуелни на пазарот на трудот.
- Изработка на програми за стекнување на неформално образование кај децата со посебни потреби.
- Потребна е обука, реобука, професионален развој и унапредување на наставниците кои работат со деца со посебни потреби во редовното образование и афирмација на

[48] Мал битолски монмартр

тимското работење на наставниците и стручните служби во образовните институции, особено на стручно-дефектолошката работа.

- Зајакнат надзор на работата на педагошко-психолошката служба во поглед на нивната воспитно образовна и психосоцијална улога во училиштето на сметка на нивната ангажираност како помошници на административната служба.
- Унапредување на постоечката законска рамка за образование (основно, средно, високо). Изработка на програми за постоечките специјални образовни институции за децата со посебни потреби.
- Континуирано унапредување на постоечките наставни програми со цел подигнување на свеста за прашањето на лицата со посебни потреби.
- Унапредување на законската рамка за градба, со која ќе се овозможи веќе изградените објекти да бидат пристапни и достапни за лицата со посебни потреби.
- Потребно е понатамошно создавање на просторно-архитектонска пристапност и достапност на образовните институции: адаптација и реконструкција на постојниот простор, градење на нови објекти според востановени стандарди за достапност.

# 10. СПЕЦИЈАЛНИ ОДБРАНБЕНИ МЕРКИ

## *10.1 Бегалци и внатрешно раселени деца (член 22)*

245 Во текот на вооружениот конфликт во РМ внатрешно беа раселени околу 72 000 лица (пред с& од македонска националност од Тетово, Куманово и селата околу овие два града). Во истиот период, над 58 000 бегалци (најмногу од албанска националност) преминуваат во Косово, јужна Србија и во Турција. По потпишувањето на Рамковниот договор голем дел од бегалците (над 35 000) и значаен дел од внатрешно раселените лица (40 000) се вратија во местото на живеење. Власта развива стратегија на потполно и брзо враќање на сите

раселени лица. Спротивно на меѓународните стандарди се врши колективен и поединечен притисок овие луѓе да се вратат во местото на живеење независно од нивната волја, во места каде што не е остварена елементарна безбедност за живеење, каде што не е остварено владеењето на правото и каде што не се исполнети минималните услови за враќање (неоспособени куќи, недостаток од електрична енергија, вода, непоправени и неоспособени амбуланти и училишта). Ваквиот став предизвикува силен отпор кај внатрешно раселените лица и создава дополнителни тензии. Голем дел од внатрешно раселените лица не се соодветно згрижени и загрозени им се редица од базичните човекови права (образование, социјална заштита, здравствена заштита, спојување на семејствата).

[246] Состојбата по конфликтот 2001 година е дека има внатрешно раселени лица кои се уште живеат во прифатилишта (околу 800). Нудено е реконструкција на нивните домови, некои ги имаат прифатено, а некои веќе се имаат отуѓено од овие домови.

[247] МТСП е директно одговорно за нарушувањата на правата на децата - внатрешно раселени лица. Според податоците на Хелсиншкиот комитет после пет години од вооружениот конфликт на територијата на РМ (2001 година) во колективните центри за згрижување во март 2006 година се наоѓаа 160 деца: 50 на возраст до 6 години, 70 на возраст од 6 до 14 години и 40 над 15 години.

### *10.2 Економска експлоатација (член 32)*

[248] Генералниот заклучок е дека с& уште, за жал, кај поголемиот број работодавачи отсуствува елементарното знаење, сфаќање и почитување на Законот за работни односи, кој децидно вели дека е забрането вработување на деца под 15 години и Конвенцијата 182 против најлошите форми на детски труд ратификувана од Собранието на РМ во 2001 година.

249 Прашањето за нелегалната работа, злоупотреба на детски труд во сивата економија е нешто што воопшто не е истражувано и анализирано, а истото постои и негативно влијае на правата на децата.

**ПРИМЕР 8:**
Во 2007 год. 13-годишното дете XX од Гостивар почина при работа во сервис за миење автомобили.[49] Овој трагичен случај е уште една потврда дека злоупотребата на детскиот труд во РМ е реалност. Ова е драстичен пример за кршење на одредбите од КПД, Конвенцијата против најлошите видови на детски труд (182) и на Националните закони.

250 Конвенцијата 182 е ратификувана, но не се спроведува доволно во пракса.

251 Феноменот трговија со луѓе најчесто се јавува со цел сексуална експлоатација, но праксата покажува дека трговијата со луѓе може да се манифестира на друг начин, односно друга форма како трудова експлоатација, должничко ропство, принуден брак, принудно просење, принуда за вршење кривични дела и трговија со органи. Во оваа категорија с& почесто се искористуваат децата, затоа што кривично се неодговорни пред законот.

252 Препознавајќи го проблемот на трудова експлоатација, Отворена порта (ОП) направи истражување[50] со цел да се зајакне јавното мислење за експлоатацијата на детскиот труд и да се пренесе јасна порака до пошироката јавност за причните и последиците од трговијата со деца за трудова експлоатација и организирано просење. За оваа цел беше вршено интервју на улица, беа контактирани владини и невладини институции и беше барано мислење за нивните видувања и спроведување на законот во РМ.[51]

---

[49] http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=6BD4007F8821D94280E183242DCA42F9

[50] Истражување спроведено од НВО Отворена порта во 2008 година врз 120 деца испитаници и 16 институции, с& уште не е публикувано.

[51] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=6BD4007F8821D94280E183242DCA42F9

253 Современите трендови на трудова експлоатација на деца кои се присилувани да работат по улиците, по кафеаните, по ѓубриштата, изложени се на екстремни климатски услови, насилство на улица, безделничарење, опасност од издувни гасови на возилата на улица, живот без елементарни хигиенски услови, нередовна исхрана, лесна цел за вовлекување во криминал, децата го поминуваат своето време надвор од образовниот процес за да заработат пари. Многу често децата на улица не се сирачиња, имаат родители и најчесто родителите се поттикнувачи во просењето и препродавањето. Овие деца се двојно занемарени и од страна на државата и од страна на родителите.

254 Причините поради кои децата с& почесто се трудово експлоатирани се малиот економски стандард на голем дел од населението, сиромаштија во семејството, искористување на децата од родителите и други лица, низок степен на образование на родителите и децата, лошите услови за живот во домот итн. Истражувањата на ОП покажаа дека постојат неколку форми на детска експлоатација, групно просење за пари, храна.

**Препорака 30:**
Потребно е истражување и статистика на учеството на децата во сивата економија.

**а) Деца на улица**

255 Во текот на септември 2008 година од страна на МВР во соработка со МТСП и соодветните центри за социјална работа беше спроведена акција т.н. „Просење“. Имајќи предвид дека се работи за социјално ранлива група која просењето го користи како еден од начините за добивање средства за живот, Хелсиншкиот комитет побара да биде известен дали се предвидени одредени финансиски бенефиции за овие луѓе, пред с& во насока на добивање на финансиска помош за покривање на секојдневните трошоци за живот, а потоа и во

насока на финансиска помош за да можат истите да ги пратат своите деца на училиште.

[256] Фактот дека повеќето од нив се корисници на социјална парична помош не е доволен, затоа што очигледно е дека истата не е доволна ниту за секојдневните трошоци, а камоли за покривање на трошоците кои им се потребни за да ги пратат децата на училиште.

[257] Од страна на надлежните органи во однос на главниот проблем - лошата финансиска состојба на овие семејства, многу малку е одговорено. Повторно се избегнува фактот дека обезбедувањето на бесплатни учебници и примањето на социјална парична помош не се решението на овој проблем. Покрај учебниците потребни се и други дополнителни трошоци за да можат родителите да го пратат своето дете на училиште и беспредметни се сите закани упатени до нив доколку тие ги немаат материјалните средства да го сторат тоа.

[258] Злоупотребата на деца за извршување на криминални дејствија, односно противзаконски активности, претежно е насочена кон стекнување на противправна имотна корист за организираниот криминал. Според степенот на општествена опасност на овие незаконски активности може да се разликува злоупотреба на децата за извршување дејствија кои може да се окарактеризираат како прекршоци и злоупотреба на деца за извршување на кривични дела. Во првиот случај станува збор за просење, индивидуално или во рамки на организирана мрежа, на локации со голема фреквенција со луѓе.

[259] Постојат дневни центри и под надлежност на МТСП (2) и формирани од НВО (2), каде што секојдневно доаѓаат деца кои не го посетуваат редовниот образовен процес од разни причини. Најголемиот број од овие деца се од ромската популација. Нивните семејства немаат постојано место на живеење и скоро никакви услови за одржување на хигиената (санитарен чвор). Најголемиот број од нив не се регистрирани во матичната книга на родените и претставуваат дел од

ризичната група деца кои поголемиот дел од денот го поминуваат на улица со просење.

260 Во дневните центри децата обавуваат основни хигиенски потреби (се бањаат) им се дава облека, еден оброк и основни воспитно-образовни содржини. Дневните центри не се трајно решение за обезбедување на нивните основни права на дом и образование.[52]

261 Бројот на деца Роми препуштени на улицата сѐ повеќе се зголемува.[53] Нема конкретна програма за децата на улица со која целосно ќе се реши нивниот социјален, образовен и здравствен статус. Овие деца најчесто се носат во прифатни центри од краткорочен карактер, за нив има топол оброк, облека и неформално се образоваат, што значи дека истите не добиваат свидетелство за завршена учебна година.

262 Најчесто овие деца по неколку недели или месеци повторно завршуваат на улица, причина за тоа не е нивната желба или нивното неуживање во детските игри во прифатните центри, нивната причина е што нив дома (ако тоа може да се каже) ги очекуваат помали или поголеми сестричиња и братчиња, невработени и необразовани родители, за кои државата нема соодветна програма за нивна адаптација и канализирање на нивните неформални секојдневни работи (собирање на стар отпад за рециклирање, железо, пластика).

**Препорака 31:**

- Формирање на прифатни центри во кои ќе се згрижуваат цели семејства, а со тоа ќе им овозможи минимум егзистенција што ќе резултира со ослободување на децата од улица и нивно вклопување во образовниот систем.
- Развивање на стратегија за поддршка на семејствата.

---

[52] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=C5D1DB5D3E75E249A11D60C511483BAC
http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=B2EDFD37544F3A42A3F9914769C6E888

[53] Текстот е преземен од извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2009 год.

- Подигнување на капацитетите на државните социјални служби за заштита на деца на улица.
- Директна интервенција и помош за децата на улица и нивните семејства.

### *10.3 Сексуална експлоатација и трговија со деца (член 34 и 35)*

263 Комитетот беше загрижен дека инцидентите на сексуална злоупотреба и семејно насилство не се соодветно идентификувани. Како што веќе образложивме во делот со собирањето на податоци, ваквиот вид на податоци недостасуваат и не може во целост да се оформи сликата за реалната состојба во државата.

264 Владата на РМ има донесено посебна програма за ресоцијализација и реинтеграција на деца-жртви на трговија со луѓе, која предвидува реинтеграција на децата-жртви на трговија со луѓе, поддржување на нивниот развој почитувајќи го начелото на еднакви можности за развој, а имајќи го предвид најдобриот интерес на детето, како и сензибилизација на родителите и членовите на семејството.

265 Програмата посебно предвидува случај кога детето-жртва не е во придружба на родител/старател, итно да се назначи старател и во најкраток рок да се поврзе со семејството, ако е тоа во негов најдобар интерес; ако не е соодветно и безбедно неговото враќање во семејството, да бидат преземени посебни мерки на заштита на правата и интересите на детето во согласност со законската регулатива; да се почитува мислењето на детето (доколку е во можност да го изрази) за преземените мерки на заштита и помош; да се преземаат мерки на заштита на приватноста и идентитетот на детето-жртва; да се донесат посебни индивидуални програми за заштита и поддршка на деца-жртви на трговија, во однос на нивната физичка, психолошка, образовна, здравствена помош и домување, како и обврска за ЦСР да определат лице за придружба на детето кое

ќе биде ангажирано во соработка со невладините организации. Поврзување и создавање на мрежа на стручните работници (социјалната заштита, здравството, образованието, полицијата, судството и невладиниот сектор) и примена на единствен модел на институционална интервенција со обезбедена соработка, координација и континуитет. Ресоцијализацијата и реинтеграцијата на детето треба да се остварува преку индивидуален третман.

266 Трговијата со луѓе, а со неа и трговијата со деца бележи опаѓање во последниве години како резултат на влегувањето на Република Романија и Република Бугарија во ЕУ, па со тоа нелегалниот транзит се префрли преку овие две земји.

267 Меѓутоа истата c& уште постои и во однос на истата се забележува зголемен број на внатрешни (домашни) жртви, а намалување на странските жртви на трговија со луѓе. Внатрешната трговија со луѓе претставува подведување на малолетници на проституција и други форми на експлоатација, како и принудни бракови. Поопширно на оваа тема е објаснето во Извештајот за факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија.

### *10.4 Користење на деца во нелегално производство и трговија со опојни droги и супстанции (член 33)*

268 Во последните 6 месеци во стационарот на ХОПС во Шуто Оризари се евидентирани 10 малолетни корисници кои инјектираат дроги, кои доаѓале заедно со полнолетни корисници, а дел од нив во придружба на своите родители. Од нив 9 се машки, а 1 е девојче. Тие сега се на возраст од 9-16 години, а некои од нив започнале да инјектираат хероин на 7-годишна возраст. Според нашите сознанија некои од малолетните корисници потекнуваат од кориснички семејства, и тоа во еден случај корисници на дрога се браќата и сестрите, а на две деца корисници, дрога користи и еден од родителите (таткото).

**ПРИМЕР 7:**
По долга социјална интервенција со родителот на детето кое инјектира droги, која подразбира разговори и мотивација за лекување на детето, се дојде до согласност од родителите истото да се однесе на лечење (детето почнало да инјектира хероин од своја 9-годишна возраст и веќе две години активно користи дрога).

На 01.10.2009 год. беше извадена потврда дека родителот и малолетникот не се здравствено осигурани по ниеден основ. Веќе следниот ден на 02.10.2009 год. со согласност на таткото малолетникот во придружба на тимот од ХОПС и неговата полнолетна сестра беше однесен во Клинички центар во Скопје. Најпрво детето беше однесено на Клиниката за психијатрија, каде што беше одбиен прием со образложение дека тие не се надлежни во ваков случај да го примат и истото беше упатено до Клиниката за детски болести. И на оваа клиника одбија да го хоспитализираат детето, бидејќи тие не третираат корисници на дрога, односно дадоа образложение дека досега немале таков случај и истото понатаму беше препратено да се обрати на Клиниката за токсикологија. И на Клиниката за токсикологија детето беше одбиено со образложение дека тие не примале деца под 14 години и од таму детето беше упатено до Клиниката за детски болести.

На упорното инсистирање на тимот на ХОПС и по долгото убедување дека не постои друга здравствена институција во која би го сместиле, детето било примено и хоспитализирано на Одделението за пулмологија и токсикологија при Клиниката за детски болести. Од клиниката приемот на детето го условиле тоа само да си набави ампули со витамини Ц и Б, бидејќи тие немале на клиниката, а нему би му биле неопходни. Овие ампули беа набавени од страна на ХОПС, бидејќи семејството на детето не беше во можност да го стори истото. Детето требаше да помине низ тридневен детокс и после тоа да се префрли и третира на Клиниката за психијатрија.

Бидејќи е дете над 3-годишна возраст не е задолжителна родителска придружба за време на хоспитализација. Таткото на детето не се согласи да биде сместен заедно со него тие три дена на Клиниката за детски болести. Малолетникот после неколку часа од хоспитализрањето, бидејќи бил оставен без надзор, ги искинал инфузиите и започнал да крвави, при што од персоналот на Клиниката за детски болести беа повикани социјалните работници од

ХОПС за да „им го вратат детето,“ бидејќи истото било проблематично и им сметало на другите хоспитализирани деца. Тимот на ХОПС разговараше со таткото и на негово барање го врати детето во неговиот дом. Во овој момент детето и понатаму инјектира droги.

[269] И покрај обидите да се стапи во контакт со родителите и старателите на овие деца, тоа оди многу тешко, поради нивните непостојани живеалишта, стравот на некои од родителите да не им бидат одземени децата, лажните информации од страна на малолетниците поради стравот од реакцијата на родителите итн.

[270] Во РМ не постои посебна програма за лекување и рехабилитација на малолетни корисници на дрога. Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Шуто Оризари е повеќепати информиран за постоење на проблемот, меѓутоа ништо не се презема во однос на тоа, а нам ни се врзани рацете, бидејќи ни е потребна потполна согласност и соработка од семејството, и дури кога би го постигнале тоа, немаме точна локација каде би се упатиле, затоа што, како што веќе наведовме, не постои програма за нив.

[271] Посебен проблем претставува и неможноста на малолетните корисници на дрога да ги користат услугите на програмите за намалување на штети од употреба на дроги без согласност на родител или старател. На тој начин тие се лишени од можноста да добијат советување, едукација, мотивирање за третман итн.

[272] Во меѓувреме бројката на малолетни корисници на дрога се зголемува, а неможноста за работа со нив доведува до практикување на ризично однесување – употреба на нестерилен прибор за инјектирање, небезбедно инјектирање, практикување на небезбеден секс итн. Со тоа се зголемуваат и ризиците од предозирање и пренесување на ХИВ, хепатит Ц и други крвно и сексуално преносливи инфекции.

[273] Ниту една институција не сака да ги згрижи децата-зависници од хероин и од лепило. Родителите и децата се

препуштени сами на себе, бидејќи ниту една институција не сака да ги згрижи малолетниците на возраст од 5 до 14 години, кои веќе неколку години се зависни од хероин и од лепило. Центарот за ментално здравје не биле во можност да им помогнат затоа што работат само со случаи на „деца-пробатели“, а не деца кои се веќе зависни од дроги. На овие малолетници им е потребна константна медицинска и психолошка помош, меѓутоа не постои институција која е подготвена да им помогне поради нивната возраст. Полицијата е запознаена со овие случаи поради нивните чести криминални активности во кои запаѓаат. Познато им е дека децата купуваат хероин за само 100 денари, но нема стратегија како да се спречи тоа.[54]

274 Проблемот со зголемување на лица корисници на наркотици бара системски пристап од страна на релевантните институции (училиштата, центрите, министерствата, здравствените институции).

275 Во државата нема рехабилитација за деца, децата што имаат ваков проблем ги носат во центарот за одвикнување од зависности за возрасни.

276 Со членот 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.83/09 од 03.07.2009 година) се менува членот 9 од постоечкиот Закон за заштита на децата и гласи: ***Став*** 3) „Државата и институциите на системот ги преземаат сите мерки за заштита на децата од нелегалната употреба и други форми на злоупотреба на децата во нелегалното производство и трговија со опојни дроги, психотропни супстанции ипрекурзори.“

---

[54] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=572195574BB1EA478C05C93C26C9DED6

## а) Адолесценти кои инјектираат droги

[277] Адолесценти кои инјектираат дроги (АИД) не се обидуваат да контактираат со центрите за социјални работи, ниту се запознаени со нивната функција и услугите кои тие ги овозможуваат. Единственото поврзување го прават само преку паричната помош, популарно наречена „социјална помош“, која ја добиваат нивните родители, заради ниското социјален статус.

[278] Малкумината АИД кои контактираат со центрите за социјални работи, таму се доведени поради малолетничка деликвенција, семејно насилство или сличен социјален проблем, а потоа низ разговор е утврдено дека употребуваат/инјектираат дроги. Услугите кои центрите за социјална грижа ги овозможуваат (согласно измените во Законот за социјална заштита од 2004 година, за ЛИД, вклучувајќи ги АИД) се: дневно згрижување „на лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и на членовите на нивните семејства, советодавни услуги, информирање, советување и едукација, работно ангажирање, културно-забавни и рекреативни активности“ (Трајаноски, 2005: 48). Но се добива впечаток дека малкумината АИД вклучени во оваа програма се принудени да присуствуваат на советувањата, заради одредена законска казнена мерка и секогаш во присуство на родител.

[279] Според Уставот на РМ, на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита и истовремено се определува и должноста граѓанинот да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите (член 39 од Правилникот). АИД опфатени со истражувањето ретко искажуваат потреба за здравствени третмани кои не се поврзани со употребата на дроги и штетите предизвикани заради нивното инјектирање. Во ретките случаи на појава на апцеси, тромбофлембити и слични здравствени нарушувања, предизвикани од долготрајно и неправилно инјектирање, АИД се обраќаат во програмите за намалување на штети од употреба на дроги. Овде треба да се

напомене дека вакви програми постојат во градовите опфатени со истражувањето, но не во сите градови за кои има сознанија дека има АИД. За вообичаените здравствени нарушувања (настинка и грип) добиваат помош од матичните лекари, но постојат случаи каде медицинските лица запознаени со нивните навики им префрлуваат или се обидуваат да ги советуваат, но на начин непопуларен за АИД. Никој од испитаниците опфатени со истражувањето не бил одбиен при барање лекарска помош, но се наведуваат примери за други ЛИД на кои им била одбиена медицинска помош.

[280] Сите АИД немаат потреба да се лекуваат од зависност, а дел од оние кои биле на некаков третман се лекувале заради инсистирање на родителите, без примена на супституциона терапија, популарно наречена „сува детоксикација", но без подолгорочни резултати. Има случаи кога родителите настојуваат да ги убедат своите деца да се лекуваат со сопствена терапија, фаворизирајќи ја само силната волја. Нема многу АИД кои се лекуваат со супституциона терапија, популарно наречена „метадонска терапија", најмногу заради недостатокот на потреба за лекување на зависност, но и заради високиот праг за прием на овие третмани за АИД (Гајдаѕис-Кнежевиќ и др.,48). Дополнителни потешкотии при лекувањето со метадон се непостоењето програми за супституционен третман во градовите во Македонија каде има ЛИД или ограничените капацитети на постоечките програми. Во Куманово, ваква програма беше отворена во 2005 година, во Гостивар воопшто не постои програма за третман со супституциона терапија, а најстарата ваква програма во Македонија која се наоѓа во Скопје, веќе неколку години е затворена за прием на нови лица зависни од droги. Сите досегашни обиди да се отворат уште неколку нови центри во Скопје беа безуспешни. Овие иницијативи наидуваат на отпор од сите фактори во општествениот живот почнувајќи од здравствените работници, локалната самоуправа и од населението. Во услови на повеќестепена стигматизација ЛИД, вклучувајќи ги и АИД, не само што се отежнуваат условите за нивно успешно лекување, туку се прекршуваат и нивните права

на здравствена заштита, а се зголемува ризикот од проширување на ХИВ/СИДА, хепатит Б и Ц и други СПИ.

281 Постои потреба да се прошират училишните едукативни програми за здравје за да се прошири знаењето на учениците за храната, исхраната, хигиената, насилството и ненамерните повреди, менталното здравје, употребата на тутун, употребата на алкохол и други дроги, сексуалното однесување кое придонесува за инфекција со ХИВ и други СПИ како и несакана бременост, физичката активност и заштитните фактори за промена на ризичното однесување.

**Препорака 32:**

- Итно отворање на посебен Центар за лекување на малолетни зависници од дрога одделено од возрасните.
- Развивање на програми за превенција од употреба на дроги со посебен осврт на децата кои не се во редовниот образовен систем.
- Едуцирање на тимови од социјалните центри кои ќе бидат постојано на терен и ќе ги детектираат овие малолетници и ќе ги преземаат сите потребни чекори за нивно лекување.

## *10.5 Малолетничко правосудство (член 37, 39 и 40)*

282 Ја поздравуваме Владата за донесувањето на законот за малолетничка правда кој беше донесен во 2007 г., а почна да се применува од 1-ви септември 2009. Согласно Законот за малолетничка правда, предвидено е децата да даваат две, максимум три изјави, меѓутоа во насока на најдобар интерес на децата сметаме дека доволно е децата да даваат само една изјава во посебна специјализирана скрин-соба, во присуство на стручен тим (психолог, педагог, социјален работник).

283 Мораме да напоменеме дека уште со почетокот на примената на овој закон во помалите места настанаа проблеми во однос на бројот на судии за малолетници. Така во неколку

суда има само по еден суд за малолетници и се случува истиот судија да одлучува и во првостепената постапка, а потоа и по жалбата на сопственото решение кога одлучува кривичниот совет на тој суд. Една од опциите која ја препорачуваат експертите е да се бара повлекување на судијата, но тоа ќе доведе само до пролонгирање на постапката. Потребно е во сите судови со проширена надлежност да има вработено минимум двајца судии за малолетници.

284 И покрај прокламирањето на начелото на промовирање на достоинството и вредноста на секое дете и почитувањето на правата на човекот и основните слободи на другите, според извештајот на Хелсиншкиот комитет за човековите права на РМ од 28.08.2006 година, полицијата и местата во кои децата издржуваат казна затвор претставуваат институции кои би требало да водат исклучително голема грижа за заштита на правата на детето базирана на членовите 37, 39 и 40 од Конвенцијата за правата на детето. Според Извештајот, во пракса отсуството на прецизно дефинирани обврски и процедури во постапувањето со децата (во регулативата поврзана со работењето на полицијата) и отсутвото на спроведување на минималните стандарди содржани во законите со кои се регулира сместувањето и постапувањето со децата во затворените институции, претставуваат причина за голем број повреди на правата на децата и загрозување на нивниот живот и развој.[55]

285 Во Законот за малолетничка правда не е дадена конкретна дефиниција за дете. Наместо законодавецот да предвиди како што е предвидено во Законот за заштита на децата дека дете е секое лице до 18 години, а потоа да прави градација на термините зависно од возраста на детето, тој применува еден сложен пристап со употреба на неколку различни термини.

[55] Извештај на Хелсиншкиот комитет за човековите права на Република Македонија од 28.08.2006 година.

[286] Државата треба да обезбеди поголеми мерки (ресоцијализација и реинтеграција) за интегрирање на овие лица во системот по издржување на нивната санкција.

[287] Законот за бесплатна правна помош и покрај долгиот период на негова подготовка е во собраниска процедура, но истиот ги исклучува предметите кои ќе се водат врз основа на Законот за малолетничка правда.

**Препорака 33:**

- Терминолошко усогласување на Законот за малолетничка правда со КПД и користење на терминот дете за лице до 18-годишна возраст.
- Потребно е во сите судови со проширена надлежност да има вработено минимум двајца судии за малолетници.

### *10.6 Деца припадници на малцинства*

[288] Државата ја има ратификувано Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација. Во тек е подготовка на Законот за борба против дискриминација и очекуваме тоа да претставува солиден основ за борба против дискриминацијата на малцинските групи. Меѓутоа, и покрај тоа, ромските деца не ги уживаат сите права (во многу ситуации не ги уживаат ни основните права – подетално објаснето во посебните членови на извештајот).

# <u>ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ:</u>

***ОПШТИ ПРЕПОРАКИ***

- ***Да се формира <u>Детски</u> <u>народен</u> правобранител како посебна институција која целосно ќе се посвети на заштита на правата на децата.***
- ***Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлотација и сексуална злоупотреба.***
- ***Ратификување на Конвенцијата за заштита на правата на лицата со посебни потреби во рамките на ООН.***
- ***Донесување на Законот за заштита од дискриминација преку кој ќе се дизајнираат мерки кои нема да остават правни празнини за толерирање на каква било дискриминација.***
- ***Да се инкорпорира принципот на најдобар интерес на детето во законодавството како водечки принцип (конкретно не е застапен во Законот за семејството).***
- ***Унапредување на Законот за социјалната заштита во насока на зголемување на паричните средства кои се доделуваат.***
- ***Унапредување на законската рамка за инклузивно образование како и развивање на механизми за нејзино имплементирање.***
- ***Унапредување на законската регулатива кое ќе го гарантира правото на пристап, не само на физичката пристапност, туку и суштинската пристапност кон сервисите и услугите. Овој проблем се провејува низ сите прашања и проблеми на децата (лицата) со посебни потреби во остварувањето на нивните права.***
- ***Промена на законодавството во насока на регулирање на обврска на државата за пријавување на децата веднаш по раѓањето.***

***СПЕЦИФИЧНИ ПРЕПОРАКИ***

- ***Ослободување од партиципација при остварување на право на здравствена заштита за СИТЕ деца.***
- ***Вклучување на СИТЕ деца во задолжителното основно образование.***
- ***Подигање на капацитетот на центрите за социјална работа и надлежните служби во Министерството за труд и социјална работа преку спроведување суштинска персонална и организациона реформа и сериозна и континуирана едукација на кадрите.***
- ***24-часовна достапност на сите центри за социјална работа.***
- ***Задолжително вработување на социјални работници и дефектолози во СИТЕ основни училишта.***
- ***Директна имплементација на Конвенцијата.***
- ***Вработените во Центрите за социјална работа треба да се секојдневно на терен, рано да ги откриваат состојбите на семејствата кои се во ризик и да превенираат можно насилство и злоупотреба над децата во дисфункционални семејства.***
- ***За подобра превенција од семејно насилство ЦСР да го практикуваат механизмот засилен надзор на родителско право или одземање на родителско право.***
- ***Забрзување на процесот на деинституционализација и промовирање на концептот за независно живеење.***
- ***Итна дислокација на Воспитно-поправниот дом - Тетово на посоодветно место и во најкраток рок малолетните лица од машки пол во воспитно-поправната установа да бидат издвоени од возрасните затвореници во затворот во Скопје, а малолетните лица од женски пол од женското одделение од КПУ Идризово.***
- ***Владата да изготви критериуми за условите за рамноправно финансирање на НВО кои работат за заштита на правата на детето, кои практикуваат детско учество и го почитуваат детското мислење и***

***зголемување на средствата за ГО кои работат со деца.***

- ***Редовни обуки за државните институции, општините, училиштата, родителите, медиумите, државните службеници кои ја применуваат КПД.***

***Национална коалиција за правата на детето***
***Република Македонија***
*Координирана од Првата детска амбасада во светот*
*„МЕЃАШИ“*
*1000 Скопје, „Коста Новаковиќ“ 22 а, Македонија*
*Тел. +389 2 2465 316; тел/факс +389 2 2463 900*
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

# АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

## на невладините организации во однос на Државниот иницијален извештај на Република Македонија врз основа на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија

**(од март 2008)**

**Скопје, 2009**

# ТАБЕЛА НА АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **АНСУ** | Адолесценти кои нудат сексуални услуги |
| **ИОМ** | Меѓународна организација за миграција |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МЦСР** | Меѓуопштински центар за социјална работа |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ОПСЦ** | Факултативен протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија |
| **ОП** | Невладина организација „Отворена порта“ |
| **РМ** | Република Македонија |
| **СПИ** | Сексуално преносливи инфекции |
| **УНИЦЕФ** | Фонд за деца при Обединетите нации |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |

# 1. ВОВЕД

Алтернативниот извештај на НВО-и за Државниот иницијален извештај на Република Македонија врз основа на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија е изработен од *Националната коалиција за правата на детето - Република Македонија (неформална коалиција формирана во 1997г.)* како проектна активност на Првата детска амбасада во светот „МЕЃАШИ“. За потребите да се подготви извештајот во 2009 година беше обновена и проширена оваа НКПД со нови организации членки и две коалиции (сите се нови освен Советот за превентива од малолетничка деликвенција од Кавадарци и Првата детска амбасада „Меѓаши“).

Во изработката на Алтернативниот извештај учествуваа граѓански здруженија (21) и коалиции на граѓански здруженија (2):

1. **Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) - Гостивар**
2. **Асоцијација за здравствена едукација и истражување „ХЕРА“ – Скопје**
3. **Женска граѓанска иницијатива „Антико“ - Кичево**
4. **Коалиција „Сите за правично судење“ – Скопје (коалиција на 17 НВО-и)**
5. **Лајфстарт - Битола**
6. **Македонија без дискриминација (сојуз на 11 НВО-и)**
7. **Младински образовен форум - Скопје**
8. **Отворена порта - Ла Страда - Скопје**
9. **Отворете ги прозорците – Скопје**
10. **Пост полио група за поддршка „Полио Плус“ - Скопје**

11. **Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ - Скопје**
12. **„Пхурт“ - Делчево**
13. **Совет за превентива од малолетничка деликвенција – Кавадарци**
14. **Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија - Скопје**
15. **ХОПС „Опции за здрав живот“ - Скопје**
16. **Хуманитарно здружение „Мајка“ - Куманово**
17. **Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Гостивар**
18. **Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ - Дебар**
19. **Центар за Балканска соработка „Лоја“ - Тетово**
20. **Центар за граѓанска иницијатива - Прилеп**
21. **Центар за човекови права и разрешување конфликти - Скопје**
22. **Центар за одржлив развој „Порта“ - Струмица**
23. **Шелтер центар – Скопје**

Во подготовката на извештајот на државата во однос на Факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија не беа вклучени невладините организации. Алтернативниот извештај е составен врз основа на податоците и секојдневната практика која произлегува од искуството на 23 невладини организации кои учествуваа во составувањето на извештајот.

Иако Факултативниот договор кон Конвенцијата за правата на детето за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија беше усвоен во Њујорк на 25 мај 2000 г., а ратификуван од страна на Република Македонија на 17 октомври 2003 г., тој се уште не е широко дистрибуиран во јавноста. Имено, јавните институции (училиштата, здравствените установи, судовите, општините, центрите за социјална работа итн.) не се запознаени со овој факултативен протокол и во согласност со ова не го практикуваат во пракса.

Родителите и децата, исто така, генерално не се запознаени со овој протокол, што претставува голем пропуст од страна на Владата, бидејќи тие се директно засегнати со членовите пропишани со овој протокол.

## 2. ОПШТИ НАСОКИ

Коалицијата го поздравува донесувањето на Националниот план за акција за заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија[56] и напорите на Владата на РМ за негово брзо и ефикасно спроведување. Сепак мора да се нагласи недоволната транспарентност и неафирмирањето на овој Национален план, исто како и неафирмацијата на Факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија. Исто така, треба да се спомене дека во Националниот план за акција не е инкорпорирана имплементацијата на обврските произлезени со ОПСЦ, ниту е земена во предвид Декларацијата и Агендата за акција и Глобалната обврска усвоена на Првиот и Вториот светски конгрес против комерцијално сексуално експлоатирање на децата. (Стокхолм 1996; Јокохама 2001)

Не се води соодветна грижа за децата-жртви на сексуална злоупотреба и педофилија и на трговија со луѓе. Често детето-жртва се враќа во семејството таму каде што трпело претходно насилство. Тоа значи минување низ дополнителни притисоци од најблиските (насилство, силување) и можност истото да биде принудено да молчи. Во Македонија нема специјални државни прифатилишта за згрижување на деца жртви на сексуална злоупотреба, за прифаќање на жртвите на семејно насилство и сексуална злоупотреба.

[56] На 30-та седница на Владата на Република Македонија на 18.11.2008 г. беше усвоен *АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ СО СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА И ПЕДОФИЛИЈА* 2009-2012 година.

**Пример 1:**
Таков беше случајот со лицето XX кое беше жртва на трговија со луѓе во тетовското село Желино. По нејзиното пронаоѓање и поднесување на кривични пријави против сторителите, девојчето беше вратено во нејзиниот дом од каде веќе неколку пати истата бегала, а како што добивме информација од страна на Центарот за социјална работа неофицијално располагале со податоци дека првиот пат токму родителите ја имаат внесено сопствената ќерка во таа мрежа на трговија. Ниту со девојчето, ниту со родителите не беше работено од страна на стручните служби со образложение дека тие немаат можност да одат на терен поради недостиг на техничка опрема, а на поканите за разговор кои ги праќале до семејството никој не се одзивал[57].

Потребно е институциите на системот да бидат внимателни кон децата-жртви на сексуална злоупотреба. Ако постапката кај надлежните институции е несоодветно и непрофесионално изведена или ако на пример детето повторно се соочува со злоставувачот претставува повторување на насилството, само што во овој случај освен преживеаното сексуално насилство, детето трпи дополнително психичко насилство и од самата институција, односно од поедини стручни лица вклучени во постапката. Предлагаме едно сведочење и тоа во специјални скрин соби во присуство на судија, социјален работник и полициски инспектор во цивилна облека. Видеоаргументацијата ќе му овозможи на судијата да не ја соочи жртвата со насилникот дури и на инсистирање на одбраната. Исто така, судските казни најчесто го допираат законскиот минимум и секогаш не соодветствуваат во однос на тежината на кривичното дело.[58]

[57] Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
[58] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=C227132F03478244B7879A9AC600CC00

# 3. ПОДАТОЦИ, АНАЛИЗА И СТАТИСТИКА

## *3.1 Скриена проституција и трговија со луѓе*

Резултатите од истражувањето „Проценка на ставовите и сознанијата на средношколската популација за феноменот на скриена проституција и трговија со луѓе“[59] го потврдија постоењето на скриена проституција меѓу младите: 33,2% од испитаниците одговориле дека познаваат лица кои за одреден материјален или друг надоместок нудат сексуални услуги, од кои 58,7% одговориле дека тие лица се нивни врсници. 5,1% од вкупната бројка потврдиле дека ним лично досега им бил понуден материјален надоместок за сексуална услуга.

Се потврдија и претпоставките дека сѐ поголем број млади сметаат дека подобра иднина би имале во странство (65,1%), а 33,6% веќе размислуваат за можна работа во странство. Притоа, добар дел од младите луѓе воопшто не се свесни за ризиците со кои можат да се соочат доколку заминат во странство и воглавно се потпираат на информациите кои кружат во рамките на нивните групи на врсници, притоа немајќи сосема јасна слика за разликата меѓу запаѓањето во доброволна проституција и трговија со луѓе, мислејќи дека голем дел од жртвите на трговија со луѓе сами се виновни за тоа што им се случило (47,1%), така што самите не помислуваат дека може да станат жртва на трговија со луѓе (75,8%).

За жал, досега во јавноста многу малку е поставувано прашањето за постоењето на овие појави, ниту е сигнализирано дека треба да се дејствува во оваа насока, што се должи и на недостатокот од акции за заштита од истите.

**Препорака 1**
Создавање на превентивни активности кои би биле насочени кон:

[59] ХОПС – „Опции за здрав живот“, Скопје

- Организирање на јавни кампањи со цел отворање на прашањето за скриена проституција и трговија со луѓе меѓу младите во општата јавност и зголемување на свесноста за постоење на овие појави.
- Иницирање на координативен мултисекторски пристап кон проблемот на скриена проституција и трговија со луѓе меѓу средношколска популација врз принцип на споделена одговорност со вклучување на сите релевантни актери (родители, образовни институции, релевантни министерства, локални невладини и меѓународни организации кои работат на проблемот и сл.).
- Обука и вклучување на медиумите како најмоќен инструмент за актуелизација на проблемот.
- Развивање на специфични програми насочени кон неутрализирање на социјалните и економски фактори кои доведуваат до незадоволство, немање перспектива и потреба да се замине во странство – сиромаштија, невработеност итн.

Проблемот на трговија со луѓе доживеа промени изминативе неколку години. Македонија беше транзит и дестинација земја за жртвите на трговијата со луѓе од југоисточна Европа главно заради сексуална експлоатација. Според информациите од Министерството за внатрешни работи (МВР) во последниве неколку години се намали бројот на странски државјанки - жртви на трговија со луѓе, на сметка на зголемување на бројот на македонски државјанки кои се тргувани во Македонија. Станува збор за т.н внатрешна трговија со луѓе каде што македонски девојки, главно малолетни, се тргуваат од еден во друг крај на Македонија.

Во текот на 2008 година се откриени десет кривични дела и 25 сторители, од кои девет се кривични дела „трговија со малолетно лице", извршени од 21 сторител и едно кривично дело „трговија со луѓе", извршено од четворица сторители. Откриените случаи во оваа област, споредбено со минатата година бележат тренд на тројно зголемување.

Во 2007 година откриени се неколку дела „трговија со луѓе”. Во сите случаи повеќето од жртвите се македонски државјанки и истите се на возраст од осум до 17 години.

Најголем број од девојчињата се од Скопје (осум), а другите се од Гевгелија, Штип, Ресен и Кавадарци. Во сите случаи повеќето од жртвите биле трудово експлоатирани од страна на сопственици на угостителски објекти, односно работеле како келнерки, танчерки или придружнички на гости, четири од нив биле и сексуално експлоатирани и физички малтретирани, во еден случај две од жртвите биле сексуално експлоатирани со знаење на родителот, додека во последниот реализиран случај девојчето откако било однесено во странство, било трудово и сексуално експополатирано и физички малтретирано од „наводниот” сопруг и негови роднини. [60]

Студијата во 2006 година спроведена од страна на УНИЦЕФ заклучи врз основа на сите достапни податоци дека помеѓу 2002 и 2006 година околу 85 деца со македонско потекло биле предмет на трговија со луѓе или во рамките на Македонија или во други дестинации. Во студијата се вели дека Македонија не само што е дестинациска земја и земја на транзит, исто така, е и земја од каде потекнува недозволена трговија со деца. Што се однесува до сите деца-жртви на недозволена трговија, во студијата се претпоставува дека вкупно имало околу 155 жртви на недозволена трговија (85 македонски и 70 странски деца). Според статистичките податоци од Меѓународната организација за миграција (ИОМ), досега во Македонија се регистрирани 771 случај на трговија со луѓе од кои 100 (или 12,9 проценти) се малолетници.

Сепак мора да се каже дека има разлики во критериумите користени за идентификување на жртвите на трговија со луѓе од страна на владата, невладините организации и мултилатералните агенции, коишто понекогаш доведуваат до разлики во статистиката за бројот на жртвите во земјата.

---

60 Влада на Република Македонија Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2008

Овој факт го потврдува и статистиката на „Отворена порта“ за 2008 година. Имено од вкупно 11 сместени и асистирани штитенички, 10 биле малолетни македонски државјанки кои се од различни националности и кои потекнуваат од сиромашни и дисфункционални семејства.

**Државните институции немаат развиено психосоцијални програми за децата-жртви на трговија со луѓе.**

НВО на децата-жртви на трговија со луѓе кои се сместени во прифатилиштето на Отворена порта за жртви на трговија со луѓе им нуди психосоцијална помош и поддршка преку најразлични индивидуални програми. За секое дете се изработува индивидуален план кој ги опфаќа сите сегменти - основи за елементарна хигиена, начин на однесување кон врсници и постари лица, начин на облекување кој соодветствува спрема возраста, меѓусебна толеранција и толеранција спрема други лица, враќање во нормален тек на живеење (кај овие лица биоритамот е пореметен), редовна исхрана, вклучување во образовниот процес и укажување на потребата од образование, воспоставување на контакти со семејството и блиски роднини, враќање во средината и прифаќање на истата и сл.

**Препорака 2:**
Потребно е спроведување на специфични превентивни програми за подигнување на јавната свест, треба да се преземат активности за делување директно на основните причинители на трговијата со деца, како што е сиромаштијата, социјалната исклученост, недоволен пристап до образованието и останати услуги.

Потребно е да се формираат специјализирани центри за згрижување на деца-жртви на трговија со луѓе каде што ќе се обезбедат соодветни програми за рехабилитација и реинтеграција.

## *3.2 Сексуално злоставување и педофилија*

Според информациите што ги регистриравме во јавноста и јавувањата на СОС-телефонот за деца и млади 0800 1 2222 во склоп на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“, во просек има два до три случаи неделно на сексуално злоставување и педофилија врз децата во Македонија. Бројката е загрижувачка и алармантна. Посебно загрижува фактот што оваа година се открија и случаи на родоскрнавење кога децата се жртви на најблиските роднини или родители.[61]

Во таков случај хаосот кај детето-жртва е уште поголем, ако навреме не се притвори злоставувачот, ако детето се врати во семејството кое врши притисок над детето да ја смени изјавата, ако детето поминува тежок и долг процес на давање неколку пати изјава за силувањето, ако не биде згрижено во друга средина каде ќе биде максимално заштитено.

Потребно е детето да биде сместено во Прифатилиште за деца-жртви на сексуална злоупотреба и семејно насилство или дом-семејство. Тука Центрите за социјална работа имаат клучна улога. Прво, во рано детектирање на состојбите во семејствата, а второ, навремено згрижување на детето-жртва на сексуална злоупотреба, а потоа и во нивната рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција во општеството.

Во текот на 2008 година од вкупниот број повици (360) на бесплатниот СОС-телефон за деца и млади 39,5% се однесуваат на некаков вид насилство врз децата.[62]

Во 2009 година имаме пријава на случај на млади луѓе кои истакнуваат сопствени примери на злоупотреба преку интернет:

---

[61] http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=C50753C4A2CD1C4DBC442B6F535C7FFD
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=48467D809E48644995CCF0723BEF6A6B
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=26C59A329E4A534F89F5FACBDABA37C9

[62] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=C71D2EBD3C2B044BB1F4D1AD12FAC96B

- на нивната e-mail адреса преку Hi5 профил (крадење на идентитет – пробивање на лозинка и давање информации кои не се напишани од авторот на адресата)
- преку Hi5 профил (ставена туѓа фотографија и непозната личност се претставува како онаа што е автор на адресата)
- примери во тек на едукации во училиштата низ Македонија каде децата и младите кажуваа искуства на пробиени лозинки, покани за познанство во живо со online стекнатите пријатели, користење на фотографии во туѓо име и сл.

Во нашата земја не постојат истражувања и конкретни статистички податоци од овој вид, но сепак веќе постојат евиденции за с& поголем број на пријави.

**Препорака 3:**

- Судиите да досудуваат построги и повисоки казни (доживотен затвор) за сторителите на полов напад на дете.
- Да се воведат дополнителни мерки на заштита на децата од педофили повратници од затворите, користејќи ги светските искуства.
- Да се направи централен регистар за евиденција на сите пријавени случаи и сторители на полов напад врз дете.
- Центрите за социјална работа да бидат мобилни и ефективни во детектирањето на семејствата со ризик и нивно континуирано следење како и преземање содветни мерки со што превентивно би дејствувале. Тие можат да дадат најголем придонес во превенцијата од злоупотреба на децата.
- Да се развие систем на рано откривање на злоставувањата и да се зајакнат служби за пружање директна помош на децата-жртви на насилство.
- Да се отворат специјални прифатилишта за деца-жртви на сексуална злоупотреба и педофилија, посебно згрижување, рехабилитација во првите 72 часа.
- Работа на ЦСР со децата-жртви и нивно активно учество 24 часа.

- Формирање згрижувачки семејства за децата-жртви на сексуална злоупотреба, педофилија и родоскврнавење во сите градови во РМ.

# 4. ОПШТИ МЕРКИ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Во Република Македонија и покрај с& почестото откривање и приведување на педофилите од страна на полицијата и најновите промени во Кривичниот закон кои овозможуваат далеку построги казни, судиите с& уште изрекуваат минимални казни. Медиумите постојано известуваат за овие случаи, но тоа не е доволно.

Борбата против педофилија бара тимски и мултидисциплинарен приод, преку соработка на граѓанските организации и државните институции, особено центрите за социјална работа, судството, Народниот правобранител, полицијата и училиштата. Тоа подразбира синхронизирано и заедничко превентивно дејствување на сите фактори кои имаат удел во воспитувањето и грижата за децата како семејството, институциите на државата, граѓанските организации.

Дневните центри не се решение за проблемот со децата на улица во насока на искоренување на злоупотребата на детскиот труд. Тие помагаат само децата да се згрижат на одредено време, да се искапат, нахранат, да се облечат, да се стекнат некакви навики за хигиена, но по напуштањето на дневните центри тие повторно се на улица, нивниот труд повторно се злоупотребува и тоа од нивните родители. Многумина од нив немаат ни извод од матичната книга на родени. С& додека не се обезбеди барем за еден од родителите некакво вработување и додека не се вклучат децата во образованието, нема да се реши проблемот со децата на улица.[63]

---

[63] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=B2EDFD37544F3A42A3F9914769C6E888

# 5. ПРЕВЕНЦИЈА

Во однос на полето на превенција мора да се потенцира дека многу малку е направено од страна на државните органи. Не постои едукација на ова поле во образовниот систем, а и превентивната улога која законски ја има Центарот за социјална работа во пракса не се остварува. Потребно е центрите за социјална работа да се доекипираат со тим за брзо откривање и рана детекција на семејствата во ризик со што ќе се заштити детето кое е потенцијална жртва на злоупотреба. Во овој тим да се вклучи дефектолог (за лицата со хендикеп) кој би работел на откривање, интервенција, прифаќање и рехабилитационен третман на децата со посебни потреби. Центрите за социјална работа не се достапни после редовното работно време, ниту за време на викенд или празнични денови и тогаш им е оневозможена помош на жртвите.

Во моментов не се спроведуваат превентивни програми на работа со педофилите, ниту со децата. Нема сигурен третман за работа со педофилите додека ја излежуваат казната затвор, нема сигурен надзор и нивно следење по напуштање на затворот, не се пријавуваат во ЦСР и педофилите без медикаментозна терапија за контрола на нагонот и либидото, без надзор на ЦСР и полицијата може да го повторат делото.

**Пример 2:**
Таков беше случајот со лицето XX кој го повтори по третпат ова дело. Киднапира две деца штитеници од Детскиот дом „11 Октомври“ и едно од нив го држеше во заложништво 23 дена. Најсвирепо се изживуваше врз детето, а одговорните од оваа институција не знаеја каде им се децата. Никој од оваа институција не понесе одговорност, а лицето XX за првпат во Македонија доби казна од 15 години.[64]

---

[64] http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=F78A9B78F01B57449F3F4FE2DD41EDB2
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=9B89F42A3ADCF34F889C1E19FF9B8B31
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=B1E566BF0161DC469A0428A497A8624A

Законот за социјална заштита ниту пак Законот за детска заштита не ги третира децата кои се оддаваат на проституција, на трговија или педофилија. Единствено во Законот за малолетнича правда член 12 се третираат децата кои се оддаваат на проституција класифицирани како „деца под ризик“, за кои надлежен е Центарот за социјални работи кој нема сеопфатни ниту конкретни програми за заштита на овие деца.

Во мапирањето и студијата заснована на истражувањата во заедница на адолесценти со најголем ризик од ХИВ/СИДА/СПИ спроведено од страна на УНИЦЕФ се лоцираат социјални и здравствени сервиси кои треба да се грижат за адолесцентите вулнерабилни на ХИВ и СПИ.

Притоа се доби информација дека најчесто ЦСР пријавите за постоење на адолесценти кои нудат сексуални услуги (АНСУ) ги добива од страна на полицијата, обвинителот, родителот или училиштето. Најчесто овие адолесценти биле контактирани по друга основа, а во текот на постапката се добива информација дека истите разменуваат и сексуални услуги. Всушност, најчесто адолесцентите се контактирани од страна на полиција та поради одредено кривично дело или асоцијално поведение, пришто законски се должни да повикаат ЦСР за првичен разговор со малолетникот. Меѓутоа, во пракса тоа се случува поретко, односно полицијата најпрво го испрашува адолесцентот без присуство на ЦСР, а дури потоа повикува само за да се запази законската процедура. Пред постапката ги испраќаат АНСУ на контрола на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, а мерки кои се преземаат во текот на постапката се: постапка против родителите за запуштање на децата, нивна мотивација и семејна терапија. Најчесто изречена мерка од страна на ЦСР и судот во вакви ситуации е засилен надзор од родителите или од органот за старателство. Доколку родителите повторно не се грижат за децата и при контрола се утврди дека кај адолесцентот нема напредок, истиот се сместува во институција. ЦСР нема

никаква ингеренција кон судот, освен давање мислење при донесувањето одлуки.

Добиена е информација дека во ЦСР во Струмица не водат посебен регистар за АНСУ, но дека во текот на работата се среќаваат со такви случаи. Најчесто се случува малолетно лице да побегне од дома, по што родителите почнуваат истрага и на тој начин започнува соработката со полицијата и ЦСР. По пронаоѓањето, надлежните од полицијата заедно со службено лице од ЦСР го враќаат малолетникот дома. Потоа, првиот контакт го прави социјалниот работник, а потоа се вклучуваат и останатите стручни лица од тимот. Се прави интервју, се работи на проценка на личноста на малолетното лице и неговото семејство, се бараат потенцијали во семејството за подобрување на состојбата. Се користат тестови за проценка на личноста, се прави генограм за семејството, се утврдуваат односите и релациите во семејството, нивни воспитни стилови, авторитети и се прави план и програма за следење на случајот.

И тука се потврдува констатацијата дека најчесто евидентирањето на АНСУ е во текот на постапката покрената по друга основа, а не поради сексуална размена.

## 6. ЗАБРАНИ

Дистрибуирањето на детска порнографија, презентирањето, проектирањето пред деца или возрасни се казнува според член 193 од Кривичниот закон. Во Македонија се казнува продавањето на порнографски материјал, прикажувањето и производството на детска порнографија, но с& уште не се казнува поседувањето на истата. Иако Кривичниот законик е дополнет со ваква одредба во член 193-а со измените и дополнувањата од 14.9.2009 година, сепак нивната примена започнува дури во март 2010 година.

Исто така, полицијата треба посебно да обрне внимание на дистрибуцијата, презентацијата и достапноста на детска порнографија во интернет-кафулињата.

Сериозен проблем во Македонија е достапноста на насилните, еротските и порнографските содржини за детските очи. Децата во Македонија секојдневно се соочуваат со овие содржини, затоа што тие им се на дофат. Дневните весници изобилуваат со фотографии и реклами за жешките линии, агенции кои отворено нудат контакти, секс шопови, порнотеки. Порнографските и еротските списанија во трафиките се јавно истакнати, и тие не само што се видливи за децата, туку и не се санкционира продавањето на овие списанија на малолетници.

Филмовите што се емитуваат на телевизиите не се секогаш заштитени со знак за ограничување на гледање од страна на децата, ниту пак родителите се предупредени за тоа во кој период во денот овие филмови ќе бидат емитувани. Многу често и радио и ТВ-рекламите го користат женското тело за промовирање на производите. Ова е фактичката состојба во цела Македонија.

Сето тоа негативно се рефлектира врз здравиот развој на детето. Најголем дел од она што го учат децата, особено во најраниот период од развојот, се случува преку набљудување и имитирање на однесувањето од нивната непосредна близина.

**Препорака 4:**
Да се елиминираат насилните, еротските и порнографските содржини од видокругот на децата.

## 7. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ЖРТВИТЕ

Загрижува фактот дека речиси секоја седмица регистрираме 1-2 пријави за случаи на педофилија, сексуална злоупотреба и родоскврнавење над деца. Во некои случаи судот дозволува

соочување на детето-жртва со лицето, а некогаш и со родителот кој го злоупотребувал.[65]

Зачестено е пријавувањето на силувачите од страна надецата и најблиските. Децата и најблиските се охрабрени да го пријават насилникот. Но кога знаеме дека судската постапка трае во некои случаи подолго, дека детето е стигматизирано во процесот на постапката за докажување на вината на силувачот, кога во текот на главниот претрес на инсистирање на одбраната се дозволува да се соочи детето-жртва со злоставувачот, кај децата предизвикува трајна психичка траума, недоверба во ефикасноста и ефективноста на системот на заштита кај детето-жртва се зголемува повеќекратно. Ние во борбата против педофилите и сексуалното злоставување и нивното казнување заборавамe на детето-жртва. Со едукација и превентивни програми за работа да ги заштитиме од злоставувања и да ги ставиме под специјална грижа кога жртви се децата.

Кога децата решиле да проговорат за се што им се случило и под сите околности и притисоци, мора да ги оттргнеме од средината каде се случило дејствието. Мора да се мобилизираат образовните институции, Министерството за внатрешни работи, особено центрите за социјална работа, судовите и да разберат дека немаме секогаш одговорни родители кои ќе ги заштитат децата од сексуалните злоставувачи и педофили.

Нема предвидено место за згрижување на децата-жртви на сексуална злоупотреба и родоскврнавење. Ако едно дете под притисок ја смени првичната изјава дека било жртва на сексуално злоставување и притоа судијата дозволи соочување на детето-жртва со насилникот, каков епилог може да се очекува. Притоа детето-жртва дава изјава на три различни места, во полиција, центар за социјална работа и на суд кога е присутен и насилникот, при што доживува трајна психичка траума која ќе го следи цел живот.

---

[65] http://www.childrensembassy.org.mk/default-mk.asp?ItemID=38420DAA9A3B03459CEFD207DA817E19

Надлежните органи мора да обрнат посебно внимание кога се води интервју со детето сведок или жртва, тоа да биде во релаксирана атмосфера, во специјални скрин соби, кое ако треба ќе трае и повеќе часови со обезбеден видео запис, кој судијата во присуство на психолог, педагог и социјален работник ќе ги земе во предвид и нема да дозволи соочување на детето-жртва со насилникот.

Во центрите за социјална работа има опремени простории за сослушување на децата-жртви, но истите не се користат. Поставени се на несоодветни места во самите центри за социјална работа, што претставува проблем за самите деца. За работа со деца-жртви на трговија има обучено само мал број на социјални работници во центрите за социјална работа, но не и стручни тимови кои би работеле постојано и константно со децата, а не да се формираат тимови и да се бараат по потреба. Нема доволен број обучени тимови (тимовите постојано се менуваат) за сослушување на деца-жртви кои би биле на располагање 24 часа.

Државата с& уште нема обезбедено соодветно сместување на децата-жртви од трговија со луѓе, децата-жртви над 12 години се упатуваат во прифатилиштето на Отворена порта кое има опремено просторија за сместување на деца, но физички децата не се одвоени од возрасните. Исто така, прифатилиштето не е финансиски поддржано од државата.

Децата жртви под 12 години се упатуваат во домовите за деца без родители како трајно решение, што не е во најдобар интерес на детето, бидејќи таму не постојат специјализирани сервиси за надминување на преживеаните трауми.

Врз основа на предметите кои се евидентирани и на кои работат невладините организации кои го составуваат извештајот, се добива впечаток дека децата-жртви на родоскврнавење не се заштитени бидејќи:

- децата жртви на родоскврнавење, по обелоденувањето остануваат сами на себе, во уште покомплицирана семејна ситуација;
- обично детето останува со другиот родител кој понекогаш не сака да се соочи со вистината и да го признае насилството. Во позадината на ваквото однесување честопати се и материјалните услови, бидејќи родителот силувач го губи работното место и семејството останува без (некогаш) елементарните приходи;
- родителот кој останува со детето-жртва, соочен со најразличните проблеми, манифестира насилно однесување, емоционално и психички го злоставува детето сакајќи да го казни за тоа што се случило, сметајќи го како причина за новонастаната ситуација во семејството;
- кај детето-жртва се мултиплицира почетниот проблем соочувајќи се со низа нови сериозни проблеми (меѓу кои сослушувањата и неколкуте соочувања на рочишта, лице во лице со злоставувачот) кои ја прават траумата уште подлабока, а недовербата во системот кој треба да ги заштити е целосно изгубена;
- детето е отфрлено од семејството и стигматизирано од средината во која живее и наместо да биде охрабрено за тоа што не молчи, станува осудено за својата искреност;
- на крајот, не можејќи да се справи со целата ситуација, детето траумата ја закопува длабоко во себе, загрижено е за иднината на целото семејство, дури и за родителот силувач: дали тој ќе оди во затвор или не?
- Детето ја повлекува изјавата!*

**Пример 3**

Во Детската амбасада „Меѓаши“ пријавено е дека девојче (9 год.) било силувано од непозната личност и претепано од нејзината мајка. Девојчето кога дошло на училиште било целото потечено и помодрено и едвај се движело. Надлежните во училиштето го повикале ЦСР Струга, но им одговориле дека немале автомобил за да дојдат. Тие отишле на увид по две недели од пријавата на овој случај. Мајката живее со 5 малолетни деца и насилно се однесува со нив, без никаква грижа и заштита! Девојчето има само околу 15 килограми и е изгладнето и трауматизирано. Постои сомневање дека мајката се

занимава со проституција и дека е можно и подведување на децата од нејзина страна. Првата детска амбасада во светот го регистрира случајот на **30.1.2009** година на бесплатниот СОС-телефон за деца и млади 0800 1 2222. Малолетната С. живее со својата мајка и 4 браќа и сестри. Кога ни го пријавија случајот веднаш реагиравме до подрачната Полициската станица во село Лабуништа како и во Полициската станица во Струга. Исто така, се обративме и до болницата во Струга, но оттаму ни одговорија дека неможат да дадат таква информација, туку за овој случај да се информираме преку ЦСР Струга, но и таму на нашите телефонски повици никој не одговараше, па затоа со писмено барање реагиравме до Меѓуопштинскиот центар за социјални работи во Струга да н& информираат дали се запознаени за каквата состојба, како е девојчето, дали злосторникот е приведен во полиција и, секако, какви мерки се преземени. До денеска во Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ не е одговорено од страна на Центарот за социјални работи - Струга што точно се случи со девојчето! Одговорот дека девојчето се повредило само со сукало, случајно наденувајќи се на него во 23 часот пред полноќ за нас е неприфатлив!

Се надевавме дека актуелизирајќи го случајот преку медиумите ќе придонесеме за истражување на овој случај и за покренување на важни прашања околу (не)заштитата на децата во Република Македонија и (не)грижата на соодветните институции на системот, но за жал наместо поддршка Детската амбасада „Меѓаши“ доби најава за вонреден инспекциски надзор од страна на Државната дирекција за заштита на личните податоци. Иако во медиумите не беа објавени лични податоци, според Дирекцијата за заштита на личните податоци Детската амбасада „Меѓаши“ го прекршила Законот за заштита на личните податоци! Детската амбасада реагираше до Дирекцијата со допис дека со ваквите постапки на државните институции не само што се попречува заштитата на децата, туку се крши и еден од основните принципи – најдобриот интерес на детето.

Тоа е само една од кариките кои оневозможуваат заштита на детето. Овој случај и понатака останува обвиен со мистерија по која, и покрај евидентните повреди на правата на детето со тешки психофизички последици за девојчето, никој не е санкциониран!

**Пример 4:**
Случај кога детето ја повлекува изјавата
Наставничка во основно училиште во Кичево (која се обрати во Детската амбасада „Меѓаши“ во 2009 г.) откако го повикала девојчето на разговор, тоа признало дека таткото ја принудува на орален секс. Станува збор за татко кој извршил полови дејствија врз својата ќерка (ја соблекувал, ја милувал по градите и по половите органи и од неа барал да го милува по неговиот полов орган и потоа имале орален секс). Таткото го притвораат во полиција, но ЦСР немајќи згрижувачко семејство, девојчето го враќаат во семејството. Мајката и чичкото на девојчето вршат притисок над девојчето да ја смени изјавата. Таа ја менува. Но наставничката останува на првата изјава на детето и се јавува во улога на судот. Судот ја прифаќа улогата на наставничката да сведочи. Но судијата дозволува на главниот претрес соочување на девојчето со таткото. Судот ја зема изјвата на наставничката во предвид и досудува казна затвор во траење од 2 години и шест месеци. Поради притисоци од семејството и најблиските, девојчето ја променува изјавата, велејќи дека претходната изјава била лажна и ја дала плашејќи се од таткото, бидејќи била слаба ученичка и на тој начин сакала да го повреди без да биде свесна дека ќе одел во затвор. Поради дадените две спротивставени изјави, во центарот разговарале и биле на мислење дека треба да се направи невропсихијатриско вештачење со цел на утврдување која од изјавите на оштетената е точна.[66]

Иако е развиена програмата на МТСП за реинтеграција на децата-жртви од трговија со луѓе што содржи различни активности, она што загрижува е фактот што с& уште не е финансирана од страна на соодветното Министерство. Тоа значи дека не може во пракса да се спроведе. Имајќи ги во предвид посебните физички, психички и социјални последици кои ги доживуваат децата-жртви на трговија со луѓе како резултат на нивната злоупотреба и експлоатација, потребно е преземање на соодветни мерки и постапки за помош и заштита на децата во согласност со нивната возраст и нивниот најдобар интерес.

66 http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=4F625AB31AA05742B30E70CB70741119
http://www.osgostivar.mk/Odluki.aspx?odluka=6

Новинарите треба да го почитуваат правото на приватност на детето, особено на децата-жртви на трговија со луѓе. Новинарска пракса се известувањата за идентификувани малолетни жртви на трговија во ударните вечерни термини, притоа јавно се објавени иницијалите и местото на живеење, како и местото на упатување.

**Препорака 5:**

- Во случај кога детето-жртва не е во придружба на родител/старател, итно да се назначи старател и во најкраток рок да се поврзе со семејството, ако е тоа во негов најдобар интерес;
- Во случај кога не е соодветно и безбедно неговото враќање во семејството, да бидат преземени посебни мерки на заштита на правата и интересите на детето во согласност со законската регулатива;
- Да се почитува мислењето на детето (доколку е во можност да го изрази) за преземените мерки на заштита и помош;
- Преземање на мерки на заштита на приватноста и идентитетот на детето-жртва;
- Донесување на посебни индивидуални програми за заштита и поддршка на деца-жртви на трговија, во однос на нивната физичка, психолошка, образовна, здравствена помош и домување;
- Центрите за социјална работа треба да определат лице за придружба на детето кое ќе биде ангажирано во соработка со невладините организации;
- Да се почитува идентитетот и интегритетот на децата-жртви или сведоци на секаков вид насилство и да се заштитат од дополнителна виктимизација преку истакнување на податоци од личен карактер во медиумите: име, име на родителите, адреса, место на живеење, лични информации во врска со случајот, едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет, етничка припадност и сл.

# ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ:

- ***Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација.***
- ***Судиите и одговорните лица кои стапуваат во контакт со детето-жртва на насилство да бидат максимално внимателни кон детето. Изјавата која детето ја дава да биде законски предвидено да се дава само еднаш и во релаксирана атмосфера во присуство на судија, психолог, педагог и лице од центарот за социјална работа.***
- ***Државата треба да преземе континуирани кампањи за подигање на свеста, образование и тренинг-програми за одредбите од ОПСЦ, наменети за децата- жртви на трговија со луѓе, педагошките кадри, медицинските лица, новинарите, социјалните работници, правници, судии, адвокати.***
- ***Да се оформат специјални прифатилишта за згрижување на деца-жртви на сексуална злоупотреба за прифаќање на жртвите на семејно насилство и сексуална злоупотреба, со финансиска поддршка од државата.***
- ***Поддршка на веќе постоечките прифатилишта на НВО за жртви на трговија со деца.***
- ***Центрите за социјални работи да се доекипираат со тим за брзо откривање и рана детекција на семејства во ризик каде ќе се заштити детето кое е потенцијална жртва на злоупотреба. Во овој тим да се вклучи дефектолог (за лицата со хендикеп) кој би работел на откривање, интервенција, прифаќање и рехабилитационен третман на овие лица.***
- ***Центрите за социјална работа да бидат отворени 24 часа со директни контакти со прифатилишта за деца- жртви на сите видови насилство.***
- ***Работа со децата-жртви и нивна рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција во општеството.***

- ***Дата база на податоци и статистика за деца жртви на секаков вид на сексуална злоупотреба.***
- ***Спроведување на превентивни програми на работа со педофилите и нивна рехабилитација, лекување и ресоцијализација која истовремено ќе вклучува преземање соодветни мерки кои ќе оневозможат повторување на делата.***
- ***Строг надзор од страна на полицијата и ЦСР врз педофилите.***
- ***Поригорозни казни за педофилите.***
- ***Спроведување на превентивни програми во училиштата, семејствата и преку медиумите кои ќе влијаат на заштита на децата од продажба, проституција и порнографија.***
- ***Да се воведат дополнителни мерки за заштита на децата од педофили – повратници од затворите, користејќи ги светските искуства (надзор од страна на полицијата и Центрите за социјална работа на педофилите повратници).***
- ***Да се почитува идентитетот и интегритетот на децата-жртви или сведоци на секаков вид насилство и да се заштитат од дополнителна виктимизација преку истакнување на податоци од личен карактер во медиумите: име, име на родителите, адреса, место на живеење, лични информации во врска со случајот, едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет, етничка припадност и сл.***
- ***Формирање државни прифатилишта за згрижување на деца-жртви на сексуална злоупотреба, барем во поголемите градови, под ингеренции на Министерството за труд и социјална политика на Македонија, за прифаќање на жртвите на семејно насилство и сексуална злоупотреба.***
- ***Обука на персоналот во јавните институции (училиштата, здравствените установи, судовите, општините, центрите за социјална работа итн.) за овој факултативен протокол.***

***Национална коалиција за правата на детето***
***Република Македонија***
*Координирана од Првата детска амбасада во светот*
*„МЕЃАШИ“*
*1000 Скопје, ул.„Коста Новаковиќ“ 22 а, Македонија*
*Тел. +389 2 2465 316; тел/факс +389 2 2463 900*
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

# АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

## на невладините организации во однос на Државниот иницијален извештај на Република Македонија врз основа на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за инволвираност на деца во вооружени конфликти (од ноември 2008)

**Скопје, 2009**

# ТАБЕЛА НА АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **АЦЧП** | Албански центар за човекови права - Тирана |
| **АРМ** | Армија на Република Македонија |
| **ВРЛ** | Внатрешно раселени лица |
| **Конвенција 182** | Конвенција против најлошите видови на детски труд |
| **КЗ** | Кривичен законик |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НАТО** | Северноатлантска алијанса |
| **ОПАЦ** | Факултативен протокол за вклучување на деца во вооружени дејствија и конфликти |
| **ПДАСМ** | Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ |
| **РМ** | Република Македонија |
| **УНХЦР** | Канцеларија на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации |
| **ЦГИ** | Невладина организација „Центар за граѓанска иницијатива“ |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |

# 1. ВОВЕД

Алтернативниот извештај на НВО-и по повод Државниот иницијален извештај на Република Македонија врз основа на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за инволвираност на деца во вооружени конфликти (од ноември 2008 г.) е изработен од *Националната коалиција за правата на детето - Република Македонија (неформална коалиција формирана во 1997 г.)* како проектна активност на Првата детска амбасада во светот „МЕЃАШИ“. За потребите да се подготви извештајот во 2009 година беше обновена и проширена оваа НКПД со нови организации членки и две коалиции (сите се нови освен Советот за превентива од малолетничка деликвенција од Кавадарци и Првата детска амбасада „Меѓаши“).

Во изработката на Алтернативниот извештај учествуваа граѓански здруженија (21) и коалиции на граѓански здруженија (2):

1. **Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) - Гостивар**
2. **Асоцијација за здравствена едукација и истражување „ХЕРА“ – Скопје**
3. **Женска граѓанска иницијатива „Антико“ - Кичево**
4. **Коалиција „Сите за правично судење“ – Скопје (коалиција на 17 НВО-и)**
5. **Лајфстарт - Битола**
6. **Македонија без дискриминација (сојуз на 11 НВО-и)**
7. **Младински образовен форум - Скопје**
8. **Отворена порта – Ла Страда - Скопје**
9. **Отворете ги прозорците – Скопје**
10. **Пост полио група за поддршка „Полио Плус“ - Скопје**
11. **Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ - Скопје**
12. **Пхурт - Делчево**

13. **Совет за превентива од малолетничка деликвенција – Кавадарци**
14. **Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија - Скопје**
15. **ХОПС Опции за здрав живот - Скопје**
16. **Хуманитарно здружение „Мајка“ - Куманово**
17. **Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Гостивар**
18. **Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ - Дебар**
19. **Центар за Балканска соработка „Лоја“ - Тетово**
20. **Центар за граѓанска иницијатива - Прилеп**
21. **Центар за човекови права и разрешување конфликти - Скопје**
22. **Центар за одржлив развој „Порта“ - Струмица**
23. **Шелтер центар – Скопје**

Во подготовката на Државниот иницијален извештај на Република Македонија врз основа на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за инволвираност на деца во вооружени конфликти не се консултирани граѓанските организации.

Осврнувајќи се на извештајот кој беше поднесен од страна на Владата на Република Македонија мора да се наведе и дека истиот е премногу општ, апстрактен и нецелосно ја дава сликата на состојбите во однос на годините за кои се известува со истиот. Исто така, не постојат официјални статистички податоци за која било тема за која се известува со извештајот и нема воопшто наведено информации за конкретни мерки за имплементација. Загрижувачко е што во извештајот не се споменати децата-бегалци од воениот конфликт (Косово), не се споменати ниту раселените деца од конфликтот во 2001 год. и последиците од конфликтот 2001 г., не се споменати службите кои ќе ги спроведуваат мерките за заштита, рехабилитација и реинтеграција, не е споменато дека с& уште не е изработен протокол за третман на деца-жртви на насилство, не се наведени конкретни мерки (рехабилитација,

реинтеграција) при екстрадиција. Исто така, во извештајот воопшто не се споменува имплементацијата на Конвенцијата 182 на МОТ за итно спречување на најлошите облици на детски труд и препораката на МОТ.

Вооружениот конфликт кој ја зафати Република Македонија во 2001 година креираше уште поголема разединетост во општеството и го наруши чувството на доверба и мирен живот. Ваквата ситуација има огромно влијание и врз однесувањето и комуникацијата помеѓу младите од двете поголеми етнички групи: македонската и албанската.

Државата не ги истражи до крај индициите за учество на деца во вооружениот конфликт во 2001 година. На тој начин не е изнесен проблемот на виделина и не им е пружена помош на децата на кои им била потребна посебна ресоцијализација и поддршка.

Решавањето на статусот на децата кои ги трпат последиците од конфликтот во текот на изминатите 8 години постојано се префрла од Владата на Министерството за труд и социјална политика и обратно[67].

Иако во Државниот извештај е нагласено дека со Законот за евиденциите во здравството ќе се предвиди и евиденција за деца во вооружени конфликти, сепак таква статистика отсуствува во Законот.

Во однос на децата азиланти и мигранти, освен податоците добиени од страна на УНХЦР немаме друга статистика од која би можело да се утврди колку од нив се деца. Децата азиланти и мигранти се сместени заедно со возрасните и не постои рехабилитационен центар во кој би добиле соодветна помош.

[67] Хелсиншки комитет

## 2. ПРЕВЕНЦИЈА

Домашното законодавство изречно забранува вклучување на малолетни деца во вооружени судири и нивно регрутирање во единици кои изведуваат воени и други дејствија. Основен праг за регрутирање и вклучување е возраста од 18 години кога лицето стекнува полнолетство.

Според КЗ како воено злосторство против цивилно население санкционира лице коешто за време на војна, вооружен судир или окупација повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе нареди да се изврши запишување и регрутирање на малолетници помлади од 15 години во вооружените сили или нивно користење преку активно учество во вооружените дејствија. Гонењето за ваквите инкриминирани дејанија не застарува, а пропишана е најстрога казна затвор од најмалку десет години или доживотен затвор. Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ се залага лицата под 18 години да не може да се регрутираат, мобилизираат и користат во вооружени дејствија, ниту во вонредни воени околности.

Во воспитно-образовниот систем на Република Македонија не се посветува соодветно внимание на некои многу важни теми поврзани со правата на децата, особено со нивното вклучување во вооружени кофликти. Поради тоа се јавува потреба од различни видови на иницијативи и активности за превентива кои ќе бидат во духот на меѓуетничкото разбирање, почитување на различностите и соработката.

На ова поле недостасува Акционен план за превентивни (едукативни) мерки и образование на различни теми за сите возрасти, како што се: ненасилна комуникација, конструктивно справување со конфликтите, стереотипи и предрасуди.[68]

[68] http://www.megjashi.org.mk/WBStorage/Files/Brosura%20EIDHR%202005.pdf

Педагошкиот кадар во поголем број случаи не презема сопствена одговорност за таквата состојба и на тој начин со својата пасивност, исто така, го поддржува и толерира насилството меѓу припадниците од различните етнички групи. Притоа основните човечки потреби за мир, сигурност и почитување на идентитетите остануваат незадоволени. С& уште постојат инциденти помеѓу средношколците како тепачки во јавниот превоз, навреди, итн.

Исто така, педагошкиот кадар во училиштата, кој е заинтересиран за поддршка во ненасилната комуникација меѓу децата и заштитата на нивните права не е обучен, вмрежен и организиран. Скромен обид на вмрежување претставува проектот „Другарување преку мултиетничка соработка во 5 мултиетнички клуба во средни училишта во Скопје, Тетово и Куманово“.[69]

Македонија ја ратификуваше Конвенцијата 182 на МОТ (Конвенција за забрана и елиминација на најлошите видови детски труд) по препорака на Комитетот за правата на децата, но с& уште нема донесено Програма за акција предвидена со член 6 од Конвенцијата. Програмите за акција треба да бидат итно дизајнирани и применети во советување со релевантните владини институции и организации на вработувачи и вработени, имајќи ги предвид интересите на децата кои се директно вклучени во најлошите видови детски труд, нивните семејства и соодветните други групи што се посветени на целите на Конвенцијата и на оваа препорака. Таквите програми треба да бидат насочени, интер алиа, кон:

а) идентификување и одбивање на најлошите видови детски труд;
б) превентивно дејствување при вклучувањето на децата во најлошите видови детски труд или отстранувајќи ги од најлошите видови детски труд, заштитувајќи ги од одмазди и овозможување на нивна рехабилитација и општествена

[69] http://www.megjashi.org.mk/WBStorage/Files/Informator%20br%2023.pdf

интеграција преку мерки кои се во согласност со нивните образовни, физички и психолошки потреби;
в) посебно внимание треба да се посвети на:

- помладите деца
- девојчињата
- проблемот на прикриени работни ситуации во кои девојчињата се во посебен ризик
- другите групи деца кои се особено незаштитени или со посебни потреби;

г) идентификувањето, помагањето и заемната соработка со заедниците каде што децата се во посебен ризик;
д) информирањето, сензибилизирањето и мобилизирањето на јавното мислење и на заинтересираните групи, вклучувајќи ги децата и нивните семејства.

Сериозен проблем во државата претставува користењето на видеоигрите со насилна содржина. Не постои забрана за ниту една видеоигра, иако истражувањата во светот покажале дека негативно влијаат врз психата на младите, односно не се почитуваат упатствата за ограничувања за тоа кои корисници до која старосна граница можат да користат одредена видеоигра. (Wolfenstein 3D, Asheron’s Call 2, Doom,...)

# 3. ЗАШТИТА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА

Со оглед на тоа дека во Националниот извештај воопшто не се споменуваат бегалците од Косово од 1999 година и внатрешно раселените лица од 2001 година, овој Алтернативен извештај содржи подетални информации токму за овие две групи, поточно за децата кои беа затекнати во таа ситуација.

## *3.1. Бегалците од Косово*

Со започнувањето на настаните на Косово во 1999 година и појавата на голем бран на косовски бегалци во Македонија,

Центарот за граѓанска иницијатива - Прилеп (ЦГИ) започна да работи на проект фокусиран на оваа проблематика.

Бегалците од Косово беа сместени во кампови за бегалци и во семејства во неколку градови во Македонија распоредени по граничниот појас со Косово и Албанија. Трагедијата која им се случуваше предизвикуваше низа негативни ефекти како на индивидуален така и на колективен план, загрозувајќи ги нивните социјални и цивилизациски вредности со тенденција на континуирана асоцијализација и одвојување од времето во кое останатите живеат. Најзагрозени беа децата кои најтешко ги поднесуваа последиците, затоа што нивниот дотогаш безгрижен живот најмалку ги беше подготвил за егзистирање надвор од домашната средина со огромна доза на траума и стрес.

Најголемиот број на бегалци кој беше забележан во урбаните средини беше во Тетово каде беа сместени околу 20 000 лица бегалци.

Во Република Македонија с& уште се згрижени 2 136 лица од Косово баратели на азил, поранешно хуманитарно згрижени лица и идни лица со статус на бегалци.[70]

### *3.2 Внатрешно раселени лица (ВРЛ)*

Незаинтересиран и индолентен однос на државата постои и кон раселените лица од конфликтот, вклучително и деца што доведува до постоење на центри за раселени лица во кој децата живеат во бедни услови, без социјална и здравствена заштита и пречки во реализацијата на образовен процес.

Министерството за труд и социјална политика е директно одговорно за нарушувањата на правата на децата - внатрешно раселени лица. Според податоците на Хелсиншкиот комитет

[70] http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Informator%20br%2021.pdf

после пет години од вооружениот конфликт на територијата на Република Македонија (2001 година), во колективните центри за згрижување во март 2006 година се наоѓаа 160 деца: 50 на возраст до 6 години, 70 на возраст од 6 до 14 години и 40 над 15 години. Од вкупно 1 130 внатрешно раселени лица во РМ, над 60% се мајки и деца. Тие се сместени во колективни центри, во несоодветни услови за задоволување на основните егзистецијални потреби.

Од почетокот на кризата во Република Македонија па с& до сега поголем број од внатрешно раселените деца беа сместени во колективни центри во кои:

* сместувањето во најголем број од случаите е несоодветно на бројот на членови на одделни семејства - децата живееја (а некои од нив и с& уште живеат) во соби од 6-12 метри квадратни, видливо руинирани, со голема влага и недоволно осветлени. Во една соба живеат 4-6 луѓе (заедно родители и деца);
* не се овозможени здрави и хигиенски услови за живот (во сите центри хигиената е на најниско можно ниво, одвратна миризба се шири на сите страни, се користат заеднички бањи кои се наоѓаат во многу лоша состојба);
* не се обезбедени минимални услови за соодветен развој на децата (храната беше еднолична без никакви стандарди според кои ќе има однапред предвиден квалитет и квантитет за децата, а во повеќе наврати беше доставувана храна со изминат рок). Млекото и млечните производи постојано се намалуваат, а за вонбрачните деца воопшто не се доставува храна и тие се исклучени од евиденцијата на ВРЛ;
* не се знае точниот број новороденчиња и тие не добиваат посебна заштита и подобри услови за живеење;
* семејствата кои со писма од Министерството се дерегистрираат (од најразлични, многу често необразложени и несоодветни причини) се принудуваат да ги напуштат центрите со тоа што не им се доставува храна. Со секоја дерегистрација беа опфатени и одреден број деца кои останаа

и без минималната заштита која ја пружа колективниот центар;
* со дерегистрацијата децата се присилуваат да се вратат во небезбедна средина за нив (според родителите: во училиштата каде што треба да учат учениците се подложни на секојдневни закани, дури и претепувања, немаат услови да посетуваат настава на македонски јазик, не се чувствуваат безбедни слободно да се движат во местото на живеење, а во исто време не се обезбедени минимумот материјални услови за егзистенција и преживување).

Пристап кон основните здравствени услуги кои вклучуваат вакцинирање на децата и санитарни служби никогаш немало, како што немало ниту привремено, а камоли постојано присуство на лекар или друг медицински персонал. Во ниту еден момент не се извршени лекарски прегледи.

МТСП правото на здравствена и медицинска заштита го обезбедува со тоа што им издава годишен картон кој во некои јавни здравствени установи не им се признава. Поради таа причина не ретко ВРЛ си ги плаќаат здравствените услуги, а многу од лекарствата си ги купуваат од сопствени средства.

Решението повторно се бара во затворање на случаите по секоја цена и отфрлање на одговорноста без да се води грижа за состојбата на децата.

За случувањата со ВРЛ беа постојано известени сите државни органи, Црвениот крст, Народниот правобранител, но нивниот проблем се уште не е решен. Иако официјалните бројки покажуваат намалување на ВРЛ, сепак повторно потенцираме дека тоа се должи во голем дел на присилна дерегистрација[71].

[71] http://www.mhc.org.mk/default-mk.asp?ItemID=1D74AC764A803F438666D8BF954F8C8A&arc=1

**Пример 1:**
На 2.9.2005 година, во Првата детска амбасада во светот „Меѓаши", пристигна известување од МТСП дека врз основа на Заклучокот на Владата на РМ од 18-тата седница одржана на 17.2.2003 година на 16 внатрешно раселени лица сместени во прифатилиштето на „Меѓаши" на кои им се остварени условите за нивно враќање во своите домови им го прекинува статусот на внатрешно раселени лица и сите бенефиции кои ги уживаа со овој статус. Тие и покрај оваа одлука на Владата, останаа во прифатилиштето уште 12 месеци поради фактот што и покрај тоа што нивните домови се реконструирани, според нив тие не се чувствуваа безбедни да се вратат во Арачиново, а не можеа да го напуштат прифатилиштето затоа што нивните нови живеалишта на други места во околината на Скопје им беа во изградба.[72]

### *3.3 Мерки за заштита*

Не се конкретно утврдени службите кои ќе ги спроведуваат мерките за заштита, рехабилитација и реинтеграција. Дали тоа ќе бидат Центрите за социјална работа или други тела, не е правно регулирано.

**Пример 2:**
Во однос на заштитата на децата би сакале да го споменеме како негативен пример сликањето на дете како држи огнено оружје на прославата по повод Денот на Армијата на РМ во август 2009 год. Прашањето кое се постави кај сите нас е дали државата работи во најдобар интерес на детето и што точно таа пропагира со дозволувањето на децата да се сликаат со армиско оружје и истото јавно да го објавуваат и дистрибуираат.

Исто така, Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" реагираше поради злоупотребата на децата во политички цели, при одбележување на Денот на АРМ. Децата беа вклучени во агитирање и политичка кампања за влез на Македонија во НАТО на 40 целзиусови степени.[73]

[72] http://www.megjashi.org.mk/WBStorage/Files/Informator%20br%2022.pdf
[73] http://www.megjashi.org.mk/?ItemID=1D35137F296E5448BC765D5A856B644B
http://mhc.org.mk/WBStorage/Files/Report_2007_07_08_MK.pdf

# 4. ДИСЕМИНАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ И ОБУКИ

Државата се уште го нема преведено Протоколот на сите јазици кои се употребуваат во Република Македонија и истиот го нема дисеминирано пошироко во јавноста. Потребно е со Протоколот да бидат запознати децата, родителите, училиштата, општините и сите државни органи кои директно или индиректно работат на заштита на правата на децата.

Во праксата недостигаат обуки на сите субјекти погоренаведени со цел подобро запознавање со правата и обврските предвидени во Факултативниот протокол.

# ПРЕПОРАКИ

- КЗ да се промени така што како воено злосторство против цивилното население ќе се смета регрутирање, мобилизирање и користење лица под 18 години, наместо сегашните 15 години.
- КЗ да се промени така што како воено злосторство против цивилното население ќе се смета регрутирање деца не само во вооружени дејствија туку и во вонредни услови.
- Зголемување на свеста во државата за постоењето и содржината на Факултативниот протокол за правата на децата кој се однесува на вклучување на деца во вооружени кофликти (ОРАС), во смисла државата да преземе континуирани кампањи за подигање на свеста, образование и тренинг програми за одредбите од ОРАС, наменети за децата бегалци, мигранти, азиланти, за педагошките кадри, медицинските лица, новинарите, социјалните работници, правници, судии, адвокати.
- Решавање на ситуацијата на внатрешно раселените лица, а во тие рамки и на децата помеѓу нив.
- Дополнување на воспитно-образовниот систем на Република Македонија со теми како што се: ненасилна комуникација, конструктивно справување со конфликтите, стереотипи и предрасуди.
- Мировното образование да стане дел од наставните програми, како и изучување на насилството како појава и можностите за негова трансформација на конструктивен ненасилен начин. Да се тренираат педагошките кадри за ненасилна разработка на конфликти и едукацијата да биде наменета за сите деца и сите наставници во сите степени на образование, почнувајќи од градинките.
- Правно регулирање на органот кој ќе ги спроведува мерките за заштита, рехабилитација и реинтеграција.
- Создавање рехабилитационен центар за децата азиланти и мигранти во кој би добиле соодветна помош. Донесување на програмите за акција насочени кон идентификување и

одбивање на најлошите видови детски труд и превентивно дејствување при вклучувањето на децата во најлошите видови детски труд.

- Да се забрани користењето на видеоигрите за кои е докажано дека негативно влијаат врз психата на младите.

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ – ЧЛЕНКИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОАЛИЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

## 1. Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) – Гостивар

Асоцијацијата за Демократски иницијативи (АДИ) е НВО која има за цел да ги интегрира човековите права во политичкиот, економскиот и социјалниот развој на југоисточните европски општества. АДИ има за цел да ги заштити и промовира меѓународните стандарди и вредности за човекови права, да го изгради и да го зајакне граѓанското општество и да ги поддржи граѓаните, бегалците, мигрантите, ВРЛ, младите, медиумите, владата, приватниот сектор и други НВО-и преку застапување, партиципирање и едукативни активности.
Асоцијацијата за Демократски иницијативи (АДИ) е детерминирана да стане еден од главните лидери во развојот на демократијата, слободата и стабилноста во Југоисточна Европа. АДИ предвидува иднина во која секој индивидуалец или група е во состојба и слободно да партиципира во сите сфери на општеството, базирана во принципи од меѓународно признати човекови права и вредности.

Контакт:
Бул. „Браќа Гиновски“ 61
3т Влез, 3-ти Спрат
1230 Гостивар, Македонија
Тел: +389 42 22 11 00
Факс: +389 42 22 11 02
E-mail: albert@adi.org.mk
Web: www.adi-macedonia.org

## 2. Асоцијација за здравствена едукација и истражување „ХЕРА“ – Скопје

**ХЕРА – Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување** е непрофитна организација формирана со слободно здружување на граѓаните, со цел остварување на основното човеково право на жените, мажите и младите да бидат информирани и да можат слободно да го остваруваат својот избор во однос на сексуалното и репродуктивното

здравје, како и застапување за обезбедување на тоа право.
Притоа се става посебен акцент на информирање, застапување, обезбедување на услуги или препраќање до услуги за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, ХИВ/СИДА, инфекции пренесени преку сексуален и крвен пат, несакана бременост и избегнување на небезбеден абортус. Активностите се наменети за општата популација, со особено внимание кон младите, сиромашните и оние кои немаат пристап до услуги и не ги оставаруваат своите права.

Контакт:
ул. „Даме Груев“ 1/3-15, 1000 Скопје, Македонија
Тел/Факс: + 389 2 3290 395
E-mail: hera@hera.org.mk
Web: www.hera.org.mk; www.sakamdaznam.org.mk

### 3. Женска граѓанска иницијатива „Антико“ – Кичево

**„Антико“** е женска граѓанска иницијатива, интеретничка мрежа на лидерки и активни жени од граѓанското движење на Р. Македонија. Нејзина мисија е промоција на културата на мирот и ненасилството преку општествено ангажирање на жените. ЖГИ „Антико“ активно работи во областа на антидискриминација и заштитата на човековите/женските права - афирмирање на важноста и безбедноста на секоја индивидуа во сите нејзини димензии: физичка сигурност, социоекономска, почитување на човековото достинство и право на идентитет и вклученост. Ненасилството, толеранцијата, солидарноста, мултикултурализмот, рамноправноста, одржливиот развој, вмрежувањето, граѓанскиот активизам, социјална правда се основни вредности на кој се темели нејзиното 10-годишното активно работење во локалните заедници на Р. Македонија.

Контакт:
Ул. „Тале Христов“ Ламела 1 Локал 9
1000 Скопје, Македонија
тел: + 389 (0)2 2 614 641
факс: +389(0)2 2 60 11 12
E-mail: contact@antiko.org.mk
Web: www.antiko.org.mk

## 4. Коалиција „Сите за правично судење“ – Скопје (коалиција на 17 НВО-и)

**Коалицијата „Сите за правично судење“** е мрежа на 17 здруженија на граѓани и е формирана во 2003 година.
Основна мисија на Коалицијата е: Следење и почитување на човековите слободи и права, особено на меѓународните стандарди за правично судење, преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивно имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи, како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

Контакт:
ул. „Македонија“ 11/2-10, 1000 Скопје
E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Web: www.all4fairtrials.org.mk

## 5. Лајфстарт – Битола

НВО Лајфстарт од Битола е организација основана во 1998 година. Од самиот почеток работата е насочена кон проекти кои се занимаваат со едукација на родители и деца од предшколска и школска возраст. Во изминатиот период реализирани се следниве проекти: „Растеме и учиме заедно“, „Ран детски развој“, „Вавилон“, „Описменување на возрасни“, „Социјален развој на заедницата“. Евалуацијата покажа дека наведените проекти во значителна мерка помагаат децата од предучилишна возраст да ги добијат соодветните потребни предзнаења како би биле подготвени да тргнат во училиште. Родителите стануваат свесни за сите промени кои го пратат растот и развојот на децата и се информирани за начините како да се справат со тие промени и како позитивно да делуваат на истите.

Контакт:
ул. „Васко Карангелевски“ бб
Факултет за учители
П.фах 137, Битола
тел/факс: +389 (0) 47 253 637
E-mail: lifestartmk@yahoo.com

## 6. Македонија без дискриминација (сојуз на 11 НВО-и)

На 16 јуни 2009 г. се одржа основачкото собрание на Сојузот Македонија без дискриминација. Македонија без дискриминација функционираше како неформален сојуз од март 2008 година.
Одлуката за формализирање на овој сојуз дојде како резултат на потребите од поорганизирано делување во областа на промоцијата на еднаквите можности и заштитата од дискриминација во Република Македонија. Македонија без дискриминација има за цел да придонесе кон праведно општество без дискриминација, каде сите луѓе уживаат еднакви можности, како и придобивките од разноличноста.

## 7. Младински образовен форум – Скопје

Здружението на граѓани **“Младински образовен форум”** е невладина, непартиска и непрофитна организација, формирана во јуни 1999 година.
Мисијата на здружението е да им понуди можности и начини на студентите, средношколците, нивните професори и родители, активно и аргументирано да учествуваат во јавните дискусии за прашањата кои се однесуваат на нив и на пошироката заедница и на тој начин да продонесат за етаблирање на отворено и демократско општество.
Основните цели на здружението се:

- едукација на млади на возраст од 15 до 25 години;
- промовирање на алтернативните начини на едукација на младите, преку примена на интерактивни методи во предавањата;
- промовирање на критичкото мислење и толеранцијата помеѓу средношколците;
- јавно говорење (реторика), тимска работа, логика, аргументирано презентирање на ставови, решавање на проблеми;
- антиципирање на спротивните ставови како еднакво вредни на лично презентираните;
- отвореност кон идеи и ставови спротивни на општоприфатените;
- заштита и промоција на студентските интереси и права;
- промоција на концептите на правда, владеење на правото како основни демократски принципи

Контакт:
бул.Партизански Одреди 21-2/4, Скопје

Тел: +389 2 3139 692
E-mail: info@mof.org.mk
Web: www.mof.org.mk

## 8. Отворена порта Ла Страда – Скопје

**Отворена порта Ла Страда – Македонија** е невладина, непрофитабилна организација регистрирана во септември под полното име **Женско лоби и Акција против насилството и трговијата со жени.** Отворена порта како членка на Ла Страда Интернационална (Европска мрежа за превенција од трговија со луѓе во Централна и Источна Европа) работи на превенција, заштита и психосоцијална помош наменета за жртвите од трговијата со луѓе.
Основната цел на организацијата е да ја подобри позицијата на жените, да ги промовира нивните права вклучувајќи го и правото да мигрираат и да работат во странство, како и да ги заштити жените од насилство и злоупотреба.

Контакт:
П. Фах: 110, 1000 Скопје
тел: +389 2 2700 107
E-mail: lastrada@on.net.mk
Web: www.lastrada.org.mk

## 9. „Отворете ги прозорците“ – Здружение на граѓани за поддршка и промоција на пристапна информатичка технологија за лица со хендикеп - Скопје

Отворете ги прозорците е сервисен центар за лица со хендикеп каде корисниците имаат пристап до компјутер и интернет со помош на адаптирање и прилагодување на технологијата според нивните потреби.
Мисијата на „Отворете ги прозорците“ е да им овозможи на лицата со хендикеп пристап до информатичката технологија, користејќи го компјутерот како алатка за комуникација, едукација и вработување.
Во „Отворете ги прозорците“ работиме со идејата дека новите технологии треба да ги надминат постоечките бариери, а не да создаваат нови. Ние делуваме кон создавање свет во кој лицата со хендикеп ќе имаат можности – образовни и професионални за поголема независност и вклучување во општеството.

Контакт:
бул. „Партизански одреди“ 62/1-16
1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: +389(0)2 3068 630
E-mail: contact@openthewindows.org
Web: www.openthewindows.org

### 10. Пост полио група за поддршка Полио Плус – Скопје

**Полио Плус** е македонска мултиетничка, мултиконфесионална граѓанска организација на лица со и без хендикеп која работи на суштинско поврзување и целосно остварување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп.
Нашата мисија е јакнење на самодовербата на лицата со хендикеп и креирање на општество со еднакви можности за сите.
Мисијата ја оствaруваме преку застапување и лобирање за промена и унапредување на легислативата, образованието, вработувањето и независното живеење на лицата со хендикеп од една страна, како и подигнувањето на јавната свест, афирмирањето на нивната креативност и придонесот во заедницата, од друга страна.
**„Полио Плус не патува сам”**. Нашата мисија ја оствaруваме заедно со другите чинители во општеството.

Контакт:
Бул.„Авној“ бр.64 лок 2
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 02 2400-544
Факс: +389 02 2400-544
E-mail: polioplus@polioplus.org.mk
Web: www.polioplus.org.mk

### 11. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Скопје

**Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Република Македонија е основана на 29 Април 1992** година како меѓународна невладина организација за заштита на правата на детето.
**Детската амбасада „Меѓаши“** се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на детските интереси и преку збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко.

**Амбасадата „Меѓаши“** со своите активности придонесе во развивањето и јакнењето на граѓанската свест за детските права. Таа го сруши молкот за детските страдања, особено за физичката, сексуалната и економската злоупотреба на децата, откривајќи во јавноста повеќе случаи на злоупотреби и директно ангажирајќи се за воспоставување поефикасни механизми за заштита на децата.

Контакт:
Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје
Република Македонија
Тел. +389 2 2465 316
Фах. +389 2 2463 900
E-mail: info@childrensembassy.org.mk
Web: www.childrensembassy.org.mk

### 12. Пхурт – Делчево

**Пхурт Делчево** е невладина и непрофитна организација, која работи на промоција и заштита на човековите и детските права, семејно насилство, трговија со луѓе.

Контакт:
ул.„Скопска“ бр.3
2320 Делчево, Р.Македонија
Тел : +389 (0) 33 412 337
Фах: +389 (0) 33 413 041
E-mail: phurt@t-home.mk

### 13. Совет за превентива од малолетничка деликвенција (ССПМД) – Кавадарци

СППМД е основана во 1996 година, а главните активности се со цел да се борат против сите облици на асоцијално и друго однесување на младите во Кавадарци. Работата на СППМД главно е поделена на два сектори:

- Правниот сектор кој работи на подобрување на положбата на малолетниците во рамките на системот за малолетничка правда, преку промени и подобрувања на малолетничката правда, законодавството, како и соодветната понатамошна имплементација;
- Младинскиот сектор, чија цел е да се организира слободното време на младите во Кавадарци и околните места, којшто

им обезбедува различни можности да се вклучат во разни форми на неформално образование и активности.

Контакт:
Спортска сала „Јасмин" ул.„Браќа Хаџи Тефови", 28
Кавадарци, Р.Македонија
Тел/Факс: +389 (0) 93 412 947
E-mail: sppmd@mt.net.mk, contact@sppmd.org.mk
web: www.sppmd.org.mk

## 14. Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – Скопје

**Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (МХК)** е невладина организација за промоција и заштита на човековите права, без политичка и религиозна ориентација. МХК врши мониторинг на состојбата со човековите права, нуди правна помош на граѓаните во случаите на повреда или ограничување на правата и слободите, соработува со други организации и со државните органи во насока на зголемување на промоцијата, почитувањето и заштитата на човековите права и слободи. МХК настојува да придонесе за зголемување на почитувањето на човековите права и слободи и подобрување на условите за нивно практикување и заштита, со што придонесува за развојот на демократијата и обезбедувањето на мирот.

Контакт:
Ул. „Даме Груев" бр.8/5, 1000 Скопје,
Република Македонија,
Тел/факс: + 389 (0)2 3119 073, + 389 (0)2 3290 469
E-mail: helkom@mhc.org.mk
Web: www.mhc.org.mk

## 15. ХОПС „Опции за здрав живот" – Скопје

ХОПС „Опции за здрав живот" е невладина, непрофитна и непартиска организација, која започна со работа како прв проект во Република Македонија за размена на опрема за инјектирање во 1997 година. Оттогаш има развиено програми за: намалување на штетите од употреба на дрога, превенција од ХИВ/СИДА и други сексуално и по крвен пат преносливи болести, социјална реинтеграција и

ресоцијализација на младите и други ранливи групи во Република Македонија.

Контакт:
Web: www.hops.org.mk

## 16. Хуманитарно здружение „Мајка“ – Куманово

Хуманитарното здружение „Мајка” од Куманово функционира од 1992 година. Формирано како реакција на потребата да се помогне во времето на распаѓањето на некогашна Југославија, „Мајка” организирала бројни хуманитарни акции за бегалците во војните во Босна и Херцеговина, во Косово, во кризата во Македонија. За раселените лица во регионите на Куманово, Крива Паланка и околината се организирале акции за дистрибуирање храна, лекови и други основни работи, а дел од активностите биле и организација за сместување на семејствата во домови, реконструкција на оштетените куќи, ресоцијализација на децата и жените, а по конфликтот во 2001 година, и организација на психосоцијални работилници за жените.

Контакт:
ул. „Ѓорче Петров“ бр.33
Куманово
тел. +389 (0) 31 421 341
факс +389 (0) 31 411 088
E-mail: vavku@fremail.com.mk

## 17. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Гостивар

**Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ Гостивар** е граѓанско здружение кое е формирано и дава придонес за социјална интеграција, ефективно учество и еднакво учество во демократските права и потенцијали наменети за ромската заедница, на национално и локално ниво, низ јакнење на капацитетот, директната поддршка и застапувањето на Ромите.
„Месечина“ својата работа ја заснова на 4 сектори и тоа:
• Образование;
• Социоекономска интеграција и дополнителна едукација на маргинализираните групи;
• Човекови права и меѓуетнички односи, толеранција и дијалог;
• Информирање, координирање и развој на јавната свест и политика.

Контакт:
Ул. „Браќа Ѓиноски“ 26
1230 Гостивар, Република Македонија
тел: +389 (0) 42 22 22 71
тел/факс: +389 (0) 42 22 22 72
E-mail: mesecina@mt.net.mk

## 18. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Дебар

**ХДЗР „Месечина“ - Дебар** е граѓанска деполитизирана непрофитна и хуманитарна организација чија мисија е развој на човекови и материјални ресурси и нивна дистрибуција до целната група во просторот на делување преку проекти и програми финансирани од разни донатори од земјата и странство.
ХДЗР „Месечина“ работи на следните (сектори) програми: образование, човекови права и млади и меѓуетнички односи и дијалог, економска интеграција на маргинализираните групи и дополнителна едукација, програма за животна средина, информирање, координирање во земјата и градење на јавната свест и јавната политика, Сектор за ургентна помош (овој сектор работи само во елементарни или други непогоди).

Контакт:
ул. „Велко Влаховиќ“ б.б.
1250 Дебар, Република Македонија
тел: +389 (0) 46 631 496
факс: +389 (0) 46 631 496
E-mail: mesecina.d@yahoo.com

## 19. Центар за балканска соработка „Лоја“ – Тетово

**Центарот за балканска соработка „ЛОЈА“** започнува да работи како невладина организација во Тетово во 1999 година. Во десетгодишниот временски период колку што постои работи на две главни сфери: култура и едукација.
Во рамките на сферата на културата организира изложби на слики и фотографии, продуцира краткометражни документарни филмови и организира кинопроекции, со што е единственото место каде граѓаните на Тетово може да одат во кино. Во рамките на едукацијата работи на различни проекти кои промовираат неформална едукација. Проектите како целна група имаат од деца во градинка до

универзитетски професори. Една од главните цели, а и мисија на организацијата е преку своите активности да промовира меѓуетничка соработка, почит и толеранција. Организацијата, исто така, работи и на интернационално ниво притшто директно учествува во организирање на повеќе национални размени каде таргет група се младите.

Контакт:
ул. „Илинденска“ 18-а, Тетово
тел: +389 (0) 44 352 970
cbcloja@cbcloja.org.mk

## 20. Центар за граѓанска иницијатива – Прилеп

**Центар за граѓанска иницијатива (ЦГИ)** во соработка со невладини, владини организации и бизнис-секторот ги мотивира граѓаните да делуваат во изградба на граѓанското општество во РМ и пошироко. Крајната цел на ЦГИ е сите граѓани да имаат еднакви човекови права, да бидат вклучени во процесите на одлучување и да имаат еднаков пристап во образованието.
ЦГИ организира разни активности и проекти за да ги постигне овие цели зголемувајќи го учеството на македонските граѓани во процесот на градење подобро и поотворено демократско општество.

Контакт:
ул. „Димо Наредникот“ бб (зграда Ерик)
7500 Прилеп, Република Македонија
тел: +389 (0) 48 400 480
факс: +389 (0) 48 425 125
E-mail: ccimk@t-home.mk
Web: www.cgimk.org.mk

## 21. Центар за човекови права и разрешување конфликти – Скопје

**Центарот за човекови права и разрешување конфликти** е организација која примарно се бави со истражувања и едукација, базирани на следниве основни цели:

- Да им помогне на граѓаните на Република Македонија да заземат активна улога во разрешувањето на навидум нерешливите конфликти, вкоренети во етничките и други разлики и

- Промовирање на концептот на човековите права и базичните слободи како суштински дел од политичката, судската и општествената трансформација која се одвива во државата.

Постигнувањето на основните цели е базирано на преземање на различни активности во рамките на трите клучни области: човекови права, разрешување на конфликти и интеретнички односи.

Контакт:
ул. „Даме Груев“ 8, Скопје
тел: +389 2 3290 377
E-mail: ecrp@mol.com.mk

### 22. Центар за одржлив развој „Порта“ – Струмица

Центарот за одржлив развој „Порта„ Струмица е здружение на граѓани, наследник на Центарот за поддршка на НВО Струмица кој беше проект на Фондацијата Институт отворено општество-Македонија и Европската агенција за реконструкција во периодот од 2003-2006. Организацијата е основана 2006 година.
Мисија на организацијата е економски развој на струмичкиот регион преку поддршка на развојот на граѓанскиот сектор, развој на земјоделието и популаризација на културно- историските споменици и природните богатства.

Контакт:
ул. „Благој Јанков Мучето“ бб
(Дом на АРМ) 2400 Струмица
тел: +389 34 326 832
Факс: +389 34 326 831
E – mail: mnikolov@sonet.com.mk
rstevanov@sonet.com.mk
ruzica_matkova@hotmail.com

### 23. Шелтер центар – Скопје

Целта на Шелтер центар е да придонесе за унапредување на долготрајното запоставување на женските човекови права во македонското општество преку обезбедување на поддршка, водење, бранење и промоција на развојот на социјалниот, политичкиот и правниот поредок во кој човековите права се почитуваат, а женските права се заштитени.
Нашите активности се засновани на следните програми:

- Домашно насилство
- Сексуална злоупоупотреба и репродуктивно здравје
- Центар за  женски права
- Женски економски развој.

Контакт:
„Божидар Аџијата“ 1-1/6;
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389 2 2772-400; 75 520-639
E – mail: contact@sheltercentar.com.mk; contact@mwrc.com.mk
Web: www.sheltercentar.com.mk; www.mwrc.com.mk